**Burim Abazi**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | Irena Popovska <i.popovska@dksk.org.mk> |
| **Sent:** | вторник, 15 март 2022 12:03 |
| **To:** | b.ivanovska@dksk.org.mk; g.trpenoski@dksk.org.mk; k.nikolovska@dksk.org.mk; n.bajrami@dksk.org.mk; sh.salai@dksk.org.mk; sofka@dksk.org.mk; vgeorgiev@dksk.org.mk |
| **Cc:** | 'Burim Abazi' |
| **Subject:** | FW: Prasanja od [redacted] za Antikorupciska komisija na RSM preku- sloboden pristap! |


REPUBLIKA E MAQEDONISË
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено / Pranuar | 21-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Nj.Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Viera |
| 03 | 2490/1 | | |



**м-р Ирена Поповска**

*Генерален секретар*
*Државна Комисија за Спречување на Корупцијата*
*Пресвета Богородица 3, 1000 Скопје*
*тел:* tel: ++389 2 3248 936;
*е-маил:* i.popovska@dksk.org.mk
http://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

**Irena Popovska Msc**

Secretary General
Secretariat of the State commission for prevention of corruption
Presveta Bogorodica 3, 1000 Skopje
North Macedonia
tel: ++389 2 3248 936;
e-mail: i.popovska@dksk.org.mk
http://www.dksk.mk

SCPC


**From:** [redacted]
**Sent:** Tuesday, March 15, 2022 12:02 PM
**To:** contact@dksk.org.mk
**Subject:** Prasanja od [redacted] za Antikorupciska komisija na RSM preku- sloboden pristap!

1. Godisniot izvestaj za rabotata na Antikorupciska komisija na RSM za 2019 i 2020 godina koga e dostaven do Sobranieto na RSM?

2. Fotokopija od propratnoto pismo od godisniot izvestaj na rabotata za 2019 i 2020 godina na Antikorupciska komisija na RSM- kade se gleda priemniot pecat na Sobranie na RSM, tochno koja data e dostavena.

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-2490/2
24-03-2022 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2490/1 од 21.03.2022 година, доставено од [redacted] о донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено, под бр. 03-2490/1 од 21.03.2022 година, доставено од [redacted] Скопје, преку електронска форма (е-маил) до ДКСК **СЕ УВАЖУВА**.

Да се одговори позитивно на барањето и до барателот да се достави бараната информација преку електронска форма (е-маил).

Решението не содржи образложение, согласно член 90 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 14 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

**Да се достави до:**
- подносителот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 03-2490/3
24-03-2022
_______ г./v.

До
[redacted]

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш бр. 03-2490/1 од 21.03.2022 година, со кое барате:

*„1. Годишниот извештај за работата на Антикорупциска комисија на РСМ за 2019 и 2020 година кога е доставен до Собрание на РСМ?*

*2. Фотокопија од попратното писмо од годишниот извештај на работата за 2019 и 2020 година на Антикорупциска комисија на РСМ – каде се гледа печат на Собрание на РСМ, точно која дата е доставена“,* Ве известуваме за следното:

Согласно член 19 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата за својата работа поднесува годишен извештај до Собрание на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај Државната комисија го доставува и до Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и средствата за јавно информирање.

Поради настаната ситуација со ковид пандемијата годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година, е усвоен на 31-та седница на Државната комисија одржана на 12 јуни 2020 година и истиот е доставен до Собранието на Република Северна Македонија на 15.06.2020 година.

Од страна на Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2021 година, е разгледан и усвоен годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2020 година е усвоен на 47-та седница на Државната комисија одржана на 31 март 2021 година и истиот е доставен до Собранието на Република Северна Македонија на 31.03.2021 година.

Од страна на Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 јуни 2021 година, е разгледан и усвоен годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2020 година.

Дополнително на Ваше барање, во прилог Ви го доставуваме годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 и 2020 година, копија од пропратно писмо за достава на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 и 2020 година каде се гледа приемниот печат на Собранието на РСМ и Решението со кое Вашето барање се уважува.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

# НА

# ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

# за

# 2019 ГОДИНА

Скопје, јуни 2020

**Содржина**


1. РЕЗИМЕ 3

2. ВОВЕД 5

3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 7

3.1. Законска рамка ..... 7

3.2. Мандат и статус на претседател и членови ..... 9

3.3. Секретаријат на ДКСК ..... 9

3.4. Унапредување на работењето ..... 11

4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ 13

4.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на ..... 13

интереси ..... 13

4.2. Постапување во случаи за сомнежи за корупција ..... 16

4.3. Постапување во случаи на судир на интереси ..... 21

4.4. Следење на законитоста на финансирањето на изборни кампањи ..... 30

4.5. Евидентирање и следење на имотната состојба ..... 32

4.6. Прекршочна комисија ..... 36

4.7. Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти ..... 37

4.8. Остварување на државната програма за превенција и репресија на ..... 38

корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на ..... 38

интереси 2016-2019 ..... 38

4.9. Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ ..... 40

4.10. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер ..... 47

5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО 48

5.1. Деловник *за работа на ДКСК* ..... 48

5.2. Стратешки план за период 2020-2022 ..... 48

5.3. Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите ..... 49

5.4. Искуства од примена на Законот за спречување на корупција и судир на ..... 49

интереси ..... 49

6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 54

6.1. Соработка со граѓански организации и реализација на проекти ... 54
6.2. Соработка со меѓународни организации ... 57
7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ 60
8. ЗАКЛУЧОЦИ 65
9. ПРЕПОРАКИ 67
10. ПРИЛОЗИ 68

## 1. Резиме

Овој извештај ја отсликува работата на новиот состав на Државната комисијата за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) во првата година од нејзиниот избор согласно Годишната програма за работа на ДКСК за 2019 година.

Новиот Закон за спечување на корупција и судир на интереси кој беше усвоен во јануари 2019 година ги зголеми и зајакна надлежностите на ДКСК и обезбеди поефективни механизми за постапување, со што се зголемија и очекувањата за поефикасно спречување и борба со корупцијата.

Во период од десет месеци, до ДКСК беа доставени 1172 пријави од граѓани, здруженија, институции, со сомневања за постоење коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење на судир на интереси, отвори и 245 предмети по сопствена иницијатива. Бројот на примени пријави и отворени предмети во 2019 година е поголем од вкупниот број на пријави примени во ДКСК во последните пет години. Имајќи ја во предвид содржината на доставените пријави, кои во голема мерка се однесуваат на остварување на индивидуални права на подносителите, може да се извлече заклучок дека тоа пред се должи на изгубената доверба на граѓаните во институциите во системот. Со намера да се одговори на што поголем број пријави, ДКСК неселективно постапи, така што:

- Од областа на корупцијата од 687 пријави и 23 предмети по сопствена иницијатива реши 100 предмети;
- Од областа на судир на интереси од 364 пријави и 66 по сопствена иницијатива реши 143;
- За непочитување на забраните во текот на изборен процес од 54 пријави и три предмети по сопствена иницијатива одлучи по 38;
- За проверка на имотната состојба поднесени се 67 пријави и 153 предмети по сопствена иницијатива одлучено е по 83 предмети.

Постапувајќи по останатите надлежности, ДКСК:

- Изработи и донесе петгодишна Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2020 – 2024;
- Изврши проверка на Изјавите за имотна состојба на 220 избрани и именувани лица;
- Изврши антикорупциска проверка на осум закони;
- Започна реализација на повеќе проекти поддржани од домашни и меѓународни организации;
- Се зајакна соработка со државните институции и граѓанските организации и се пристапи кон повеќе меѓународни организации и мрежи на антикорупциски институции;

- Се започна процес на утврдување на потребите и капацитетите на ДКСК во насока на исполнување на зголемените надлежности;
- Се донесоа бројни акти за тековното работење на Комисијата.

И покрај огромно вложените напори од страна на ДКСК, во 2019 година не беше обезбеден функционален простор за работа, потоа незначително беше зголемен бројот на вработените во Секретаријатот, не се овозможи функционирање на софтверско решение за електронско поднесување на образецот Изјава за имотна состојба и интереси, ниту се оствари поврзување со базите на податоци со повеќето од институциите наведени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со цел подобрување на ефикасноста на нејзиното работење.

.

## 2. Вовед

Во насока на исполнување на надлежноста од член 19 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ), ДКСК за својата работа во текот на 2019 година го изготви овој извештај кој се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија и се доставува до Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и средствата за јавно информирање.

Препораките на меѓународната заедница, вклучувајќи ги и препораките од IV круг на евалуација од страна на ГРЕКО и извештаите на Европската комисија за напредокот, за обезбедување услови за проактивни институции и применливи политики во борбата против корупцијата, резултираа со усвојување на ново законско решение со кое на ДКСК и се доделија нови и зајакнати надлежности, поефикасни механизми за постапување, но и зголемена транспарентност во работењето. Новиот инклузивен и транспарентен начин на избор на членовите на Комисијата ги зголеми очекувањата не само на домашната јавноста туку и на меѓународната заедница за сосема нов пристап и начин на работа на ДКСК: професионалност, стручност, неселективност во постапувањата, јавност, без политички влијанија.

Новиот состав на ДКСК беше избран од страна на Собранието на РСМ на 8-ми февруари 2019, по речиси цела 2018 година кога ДКСК беше нефункционална поради оставка на пет членови од тогашниот состав. Новиот состав веднаш по изборот се соочи со бројни предизвици кои требаше да се решаваат во òд , но со ограничени ресурси (технички, софтверски, вработени).

ДКСК постапуваше по пријави од организаторите на изборната кампања, го следеше финансирањето на изборните кампањи на политичките партии кои учествуваа Претседателските и вонредните локални избори во три општини што се одржаа во мај 2019 година. Исто така, ДКСК отвори и постапи по предмети по сопствена иницијатива по информации од медиуми (допрен глас), како и по исклучително зголемениот број на поднесени пријави од граѓани, правни субјекти, граѓански организации со сомнежи за корупција, судир на интереси, проверка на податоци за имотна состојба.

Со голема посветеност и ангажман на малиот број на вработени, но и со поддршка од меѓународни организации, ДКСК пристапи кон подготовка, пропиша и усвои повеќе документи: Деловник за работа на Комисијата, Образец Изјава за имотната состојба и интереси, Етички кодекс за претседателот и членовите на ДКСК, Кодекс на однесување и постапување на вработените во Секретаријатот на ДКСК, Стратешки план на ДКСК за период од 2020-2022 година, Функционална анализа на ДКСК, Методологија за проценка на ризици од корупција, годишни планови, започна со подготовка на нова организација и систематизација на работните места и многу други активности.

Имајќи ги во предвид насоките и одредбите за превенција на корупцијата на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата[1] како единствен глобален обврзувачки антикорупциски документ, ДКСК во текот на 2019 година пристапи со изработка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси заснована на проценка на ризици и утврдување на превентивни мерки и активности чија примена од голем број државни органи и институции ќе придонесе кон градење на системски решенија за борбата против корупцијата.

Овие и другите активности кои беа реализирани во текот на 2019 година се патека по која ДКСК ја остварува својата

**Мисија:** „ДКСК применува и поттикнува доследна примена на законите, нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики, изрекува превентивни и репресивни мерки со кои влијае на спречување на корупцијата и судирот на интереси во вршење на власта и јавни овластувања, службена должност и политика, промовира владеење на правото, доброто управување и развива правна култура", а со цел исполнување на својата

**Визија:** „Воспоставен функционален и ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси".

[1] Конвенцијата опфаќа пет главни области: превентивни мерки, кривично гонење и спроведување на законот, меѓународна соработка, поврат на средства и техничка помош и размена на информации.

# 3. Статус, раководство, надлежност и организациона структура

## 3.1. Законска рамка

Во 2000 година Република Македонија стана членка на ГРЕКО која има за цел да промовира развој и примена на антикорупциски политики и иницијативи, но и да го следи нивното спроведување во земјите членки. ДКСК е основана во ноември 2002 година, со донесување на Законот за спречување на корупцијата објавен во Службен весник бр. 28/2002 како знак на политичка волја за борба против корупцијата, но и како резултат на меѓународните активности на државата во тој период. Со усвојувањето на Законот за спречување на судир на интереси, објавен во Службен весник на РМ број 70/2007, беа доделени нови надлежности на ДКСК во насока на постапување во случаи и преземање мерки за спречување на судир на интереси во вршењето на власта и доверените јавни овластувања од страна на службените лица.

Иако двата закони неколку пати беа изменувани и дополнувани до 2018 година заради зајакнување на позицијата на ДКСК, сепак со нивната примена не се постигнаа очекуваните ефекти. Поради тоа во јануари 2019 година е донесен нов Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со кој дотогашните Закон за спречување на корупција и Законот за спречување судир на интереси беа споени и се зајакнаа надлежностите на ДКСК.

Согласно ЗСКСИ, Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со Законот и со својство на правно лице. Со член 17 од ЗСКСИ, утврдени се 29 надлежности кои генерално може да се поделат во шест сегменти на функционирање како што е прикажано во Табела 1.

Табела 1: Надлежности на ДКСК

| Функции на ДКСК | Надлежности од член 17 |
|---|---|
| 1. Развој на антикорупциски политики и подобрување на антикорупциската клима | - Донесување на национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување (точка 1).<br>- Спроведување антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно методологија која самата ДКСК ја донесува (точка 2).<br>- Подготовка на анализи за ризици од корупција во различни сектори (точка 17).<br>- Преземање активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет (точка 18).<br>- Спроведување истражувања на јавното мислење за оценка на своето работење и состојбата со корупцијата (точка 23).<br>- Редовно известување на јавноста за својата работа (точка |

| | |
|---|---|
| | 28).<br>- Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 2. Континуирано следење на и проверка на имотната состојба и интересите на избрани и именувани лица, финансирање на политички партии и изборни кампањи и водење на соодветни регистри | - Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи (точка 7).<br>- Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии (точка 6).<br>- Евидентирање и следење на имотната состојба и интересите на лицата опфатени со законот (точка 10).<br>- Пропишување образец на изјавите за имотната состојба и интересите (точка 11).<br>- Вршење проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите (точка 12).<br>- Соработка со државни органи во обезбедувањето на потребните информации (точка 13).<br>- Водење на регистар на избрани и именувани лица (точка 20).<br>- Изготвување каталог на подароци врз основа на податоците добиени согласно со членот 58 од ЗСКСИ и објавување на каталогот на својата веб страница (точка 22). |
| 3. Покренување на иницијативи пред други надлежни органи, утврдување на состојби на судир на интереси, прекршочни постапки | - Постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси (точка 3).<br>- Покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица (точка 4).<br>- Покренување иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува (точка 5).<br>- Покренување иницијатива врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија (точка 8).<br>- Водење прекршочни постапки за прекршоците утврдени во членовите 100 - 113 од ЗСКСИ (член 114, ст. 2) |
| 4. Соработка со државни органи, домашни и меѓународни тела и организации | - Соработка со државни органи во обезбедување на информации (точка 13).<br>- Соработка со национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата (точка 14).<br>- Разменување информации со надлежни тела на други држави и меѓународни организации, врз основа на обврски преземени со меѓународни договори ратификувани согласно Уставот (точка 15).<br>- Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16). |
| 5. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси | - Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 6. Обезбедува сопственото | - Донесување годишна програма за работа (точка 24). |

| | |
|---|---|
| непречено функционирање | - Донесување етички кодекс за членовите и Секретаријатот (точка 25).<br>- Донесување деловник за работа (точка 26).<br>- Донесување акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот (точка 27). |

ДКСК има надлежности за постапување кои се предвидени со Закон за заштита на укажувачите (Службен весник бр. 196/2015 и 35/2018), Законот за лобирање (Службен весник бр. бр.106/2008 и 135/2011), како и со Изборниот законик (Службен весник бр. 40/2006...98/2019).

### 3.2.Мандат и статус на претседател и членови

Државната комисија е составена од претседател и шест членови, кои имаат статус на именувани лица. Претседателот и членовите на ДКСК се избираат на јавен оглас што го објавува Собранието на начин и во постапка утврдена со ЗСКСИ кој обезбедува транспарентност и учество на јавноста при изборот на членовите.

Претседателот и членовите на ДКСК ги именува Собранието на РСМ за период од пет години, без право на повторен избор. Од редот на членовите на ДКСК со мнозинство гласови од вкупниот состав на членовите се избира заменик-претседател по принципот на ротација на секои шест месеци. Претседателот и членовите на ДКСК функцијата ја вршат професионално и со полно работно време. Собранието на РСМ го разрешува претседателот и членот на ДКСК по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието, во случај кога е исполнет услов за разрешување утврден во ЗСКСИ.

Постојниот состав на Комисијата беше избран на 8 февруари 2019 година со Одлука за именување на претседател и членови на ДКСК од страна на Собранието на РСМ.

### 3.3.Секретаријат на ДКСК

Секретаријатот на ДКСК е стручна служба која ги врши административните работи од надлежност на Комисијата.

Вработените во Секретаријатот имаат статус на административни службеници раководени од Генерален секретар кој ДКСК го бира со мнозинство гласови.

Начинот на организација на вработените во 2019 година е согласно актите за внатрешна организација и систематизација од ноември 2015 година, со кои се предвидени:

1. Сектор за спречување на корупција и судир на интереси
    - Одделение за спречување на корупција
    - Одделение за евидентирање и следење на имотна состојба
    - Одделение за спречување на судир на интереси и

- Одделение за антикорупциска проверка на легислативата

2. Сектор за програми, аналитика, меѓународна соработка и административни работи
    - Одделение за национални и меѓународни програми и аналитика
    - Одделение за односи со јавноста и седници
    - Одделение за општи и административни работи
3. Одделение за управување со човечки ресурси
4. Одделение за внатрешна ревизија
5. Одделение за финансиски прашања

Состојбата на бројот на вработените во Секретаријатот е прикажан во Табела 2.

Табела 2: Структура на вработени според категории на работни места и образование и пол

| Вид на административни службеници | Плани-рани | Број на вработени | ВСС | ССС | М | Ж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | 1 | 1 | | | 1 |
| Раководни административни службеници | 17 | 3 | 3 | | | 3 |
| Стручно - административни службеници | 32 | 18 | 18 | | 7 | 11 |
| Помошно - стручни административни службеници | 2 | 2 | | 2 | | 2 |
| **Вкупно** | **51** | **24** | **22** | **2** | **7** | **17** |

Од административните службеници со завршено високо образование 10 вработени се со звање магистер и еден доктор по науки.

Од предвидените 51 работни места пополнети се 24, што претставува 47% пополнетост од кои 10 вработени директно се вклучени во анализата и работата по предмети. Неповолна е и состојбата со раководна структура (раководители на сектори, одделенија, советници) бидејќи од 15 раководни места, пополнети се само три.

Со оглед на фактот што со новиот ЗСКСИ на Државната комисијата ѝ се доделија нови надлежности, мерки и механизми за нивно спроведување, постоечката организација и расположливите човечки ресурси воопшто не можат да одговорат на потребите за ефикасно и ефективно остварување на надлежностите. Поради тоа, во месец март беше изготвен Годишен план за вработување во ДКСК, и по добиена согласност од Министерството за финансии, во текот на 2019 година преку два јавни огласи вработени се шест (6) административни службеници (четири нови вработувања, а две лица од постојниот кадар преминаа на работни места во повисоко ниво).

Во периодот јуни - октомври 2019 година, со поддршка од УСАИД – НМСИ за потребите на ДКСК беше изработена функционална анализа со цел да се претстави моменталната

слика за капацитетите со кои располага ДКСК (просторни, материјални, технички, вработени) и нивното влијание врз работењето на ДКСК. Ова треба да биде основа за утврдување на соодветен начин на организација и проценка на потребниот број на вработени и нивните квалификации, а во насока на исполнување на доделените надлежности. Врз основа на Функционалната анализа, во декември 2019 година се пристапи кон изработка на новите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК.

### 3.4.Унапредување на работењето

Во текот на 2019 година, претседателот и членовите на ДКСК и вработените во Секретаријатот, по покана и во организација на домашни и странски организации и институции, како и во рамки на проектни активности, учествуваа на конференции, работилници, семинари, обуки, студиски посети и други настани. Меѓу поважните би ги истакнале следниве:

*<u>Конференции</u>*

- 82-та Пленарна сесија на ГРЕКО, во Стразбур, Франција (март 2019 година);
- Регионална завршна конференција во Тирана, во организација на Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција на Европската Унија и Советот на Европа (април 2019 година)
- Конференција во Виена, Австрија за започнување со платформа за борба против корупција (септември 2019 година)
- Меѓународна конференција за борба против корупцијата на високо ниво, Белград, Србија (ноември 2019 година)
- Конференција на државите членки на Конвенцијата против корупција на ОН во Абу Даби (декември 2019 година)
- Конференција за антикорупција во Рим, Италија (ноември 2019 година)
- Состанок на "Network of Corruption Prevention Agencies" одржан во Тунис

*<u>Студиски посети</u>*

- Втор преговарачки состанок за меѓународен договор за размена на податоци за верификација на анкетните листови, во Подгорица, Црна Гора, во организација на Министерството за правда на Црна Гора и Регионалната антикорупциска иницијатива – РАИ (март 2019 година)
- „Поефикасен собраниски надзор преку зајакнување на соработката со самостојните државни органи“ организиран од страна на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците – Собрание на Република Северна Македонија, во рамките на проектот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје (април 2019 година)

- Студиска посета на тема: Системот на укажувачите во практика, во организација на TAIEX[2] - инструментот на Европската комисија и со поддршка на Федералниот правобранител на Белгија (мај 2019 година)
- Работилница - Следење на политичко финансирање, Прага, Чешка (јуни 2019 година)

[2] Техничка помош и размена на информации при Европската Комисија со која се поддржува јавната администрација во однос на приближувањето, примената и спроведувањето на Европското законодавство, како и во однос на олеснувањето на размената на најдобрите практики на ЕУ

# 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности

## 4.1. Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Донесувањето на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси е прва и исклучително значајна надлежност што ДКСК требаше да ја реализира до крајот на 2019 година. И во изминатите години ДКСК усвојуваше четиригодишни Државни програми за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ја следеше нивната реализација, но фактот што за прв пат оваа стратегија ја усвојува Собранието на РСМ, го зголемува значењето и обврзаноста за спроведување и говори за одлучноста и спремноста на државата за зајакнување на превенцијата и борбата против корупцијата и инклузивност на сите субјекти на системот.

Активностите за изработка на Националната стратегија започнаа во август 2019 година, кога во соработка со УСАИД-НМСИ беше обезбедена експертска, материјална и логистичка поддршка за реализација на проектот. Изработката на Националната стратегија се реализираше во неколку фази:

<u>Фаза 1: Процена на ризиците од корупција</u>

Во оваа фаза беше изработена „Методологија за проценка на ризици од корупција" како основа за проценка на ризичните сфери, области, институции или закони кои во најголема мера генерираат корупција во трошење на јавните пари или злоупотреба на службени позиции во јавниот сектор.

Примената на законската регулатива бара еднакво постапување на институциите без разлика дали се тоа институции на централно или локално ниво, така што процената на ризици ги опфати активностите кои се спроведуваат кај сите нив, и во кои ризикот од коруптивно однесување е најголем како што се:

- Спроведување на јавните набавки;
- Вработувања во јавниот сектор;
- Инспекциски надзор;
- Издавање на различни одобренија, решенија, лиценци и дозволи;
- Доделување на грантови, субвенции и друга државна помош.

<u>Фаза 2: Дефинирање на проблеми подложни на коруптивно однесување</u>

Беше формирана широка работна група во која учествуваа претставници од многу релевантни институции, граѓанскиот сектор и медиумите, но и домашни и меѓународни експерти, Во периодот септември – декември 2019 година, беа одржани повеќе работилници и билатерални состаноци на кои без дефинирани бројни проблеми кои генерираат коруптивно

однесување, а кои произлегуваат од недоречена или неусогласена законска регулатива, преклопување или воопшто не доделени надлежности, слаби институционални капацитети, слаби или непостоење на инструменти за санкционирање итн. Ефект од овие активности е изработената Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020-2024 и акционен план што ги опфаќа мерките и активностите, временските рокови и институциите кои ќе бидат задолжени за нивно спроведување, разграничени на следниве општествени области:

1. Политички систем
2. Правосудство
3. Органи за спроведување на законот
4. Здравство
5. Образование
6. Труд и социјална политика
7. Урбанизам и просторно планирање
8. Животна средина
9. Спорт
10. Економија и бизнис
11. Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа
12. Медиуми и граѓанско општество

Јавните набавки и вработувањата беа разработени како посебни хоризонтални области поради ризичноста од коруптивни однесувања при доделувањето на договорите и вработувањата во јавниот сектор.

Генерално со Националната Стратегија се нудат решенија со кои ќе се овозможи:
- Вработувања во јавниот сектор на база на мерит систем, транспарентност, намалувања на политички или лични влијанија, строго ограничување на дискреционите овластувања;
- Зајакнување на контролните механизми во однос на ефикасно и ефективно извршување на работите од јавниот сектор посебно во делот на јавните набавки и издавање на разни дозволи, одобренија, лиценци;
- Поголема независност, професионалност и ефикасност на вработените во органите за спроведување на законите и зголемена транспарентот на нивното работење;
- Градење и зајакнување на интегритетот и отчетноста на сите носители на јавни функции, како и промовирање на однесување согласно етичките кодекси и вредности.

Фаза 3: Јавна презентација на Националната стратегија и нејзино усвојување

Меѓународните практики и стандарди од областа на превенција на корупцијата **повикуваат**, а Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата **наложува** на вклучување на општеството при развивање координирани антикорупциски политики. Од тие причини, иако во текот на дефинирањето на мерките и активностите од акциониот план беше применет инклузивен пристап, со учество на сите општествени чинители, кон крајот на декември 2019 година, Нацрт стратегијата беше ставена на увид на јавноста за дополнителни предлози, коментари, сугестии и забелешки пред истата да биде донесена од ДКСК. Согласно одредбите на член 18 став (3) од ЗСКСИ, на 17 јануари 2020, Националната стратегија е доставена до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување. Националната стратегија се уште не е усвоена.

Се планира процесот на следење на квантитативното и квалитативното исполнување и влијание на мерките и активностите од Националната стратегија да се врши преку web апликација која ќе биде развиена во рамки на проектот на ЕУ: Транспарентност и отчетнист, поддржан од ИПА, чија реализација започна во Ноември 2019 година.

### *Постапувања по предмети*

Надлежностите на ДКСК во однос на проверка и утврдување на состојбите поврзани со сомнежи за коруптивно однесување, судир на интереси, непријавување на имот и интереси, проверка на изјавите за имот и т.н. ги темели на основа на пријави од правни или физички лица (анонимни или познати), по допрен глас или по сопствена иницијатива, но и по годишни планови. Општа е констатацијата дека во 2019 година повеќекратно е зголемен бројот на пријави по сите основи. Состојбата е прикажана во Табела 3:

Табела 3: Примени пријави и формирани предмети по сопствена иницијатива

| Р.број | Област за постапување | Примени пријави | Сопствена иницијатива | Број отворени предмети | Број на решени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Корупција | 687 | 23 | Нема податок | 100 |
| 2 | Судир на интереси | 364 | 66 | 221 | 143 |
| 3 | Имотна состојба | 67 | 153 | 220 | 83 |
| 4 | Финансирање на изборни кампањи | 54 | 3 | 57 | 38 |

Одлуките во вршењето на работите од својата надлежност ДКСК ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија. Согласно член 22 од ЗСКСИ, седниците се јавни, но по исклучок јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани

информации и податоци кои се заштитени со закон. Во текот на 2019 година ДКСК одржа вкупно 24 седници.

Поради фактот што ДКСК се уште не располага со соодветен апликативен софтвер за евиденција на пристигнатите пријави и обработка на предметите по кои се постапува, ДКСК не е во можност да даде прецизни податоци за тоа колку пријави се поднесени од правни, а колку од физички лица; колку пријави се поднеси по одделни сфери: судство, образование, здравство, урбанизам и други; за кои институции најчесто се однесуваат пријавите: министерства, државни органи, локална власт, ЈП; кон кои функционери најчесто се поднесуваат пријави: директори, судии, министри итн., за колку пријави постапката е во тек, во која фаза е постапката (обезбедување документација, анализа, одлучување) итн.

## 4.2.Постапување во случаи за сомнежи за корупција

Според дефинициите во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси "*корупцијата е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг*". Во оваа смисла, ДКСК има посебна улога во спречувањето и борбата против корупцијата и спроведувајќи ги своите надлежности во однос на детектирање на појавите и случаите на корупција, нивно соодветно процесирање, применувајќи ги превентивните и репресивните расположливи законски механизми. Ова има за цел да го подобри нормативниот амбиент во земјата, да ја зајакне меѓу институционалната соработка, да ја зголеми јавната свест за важноста на превенцијата и борбата против корупцијата и нејзино препознавање и да ги вклучи сите субјекти во општеството во совладувањето на ова општествено зло.

ДКСК отвора и постапува по предмети со сомнеж од корупција по сопствена иницијатива, по информации од медиуми (допрен глас) или по поднесени пријави од граѓани, правни субјекти и граѓански организации. Согласно член 23 од ЗСКСИ, за целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК може да побара податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица, при што одговорното лице во надлежната институција или од него овластено лице потребно е да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето на ДКСК. Законските одредби кои предвидуваат високи парични казни за одговорните лица во институциите, или од нив овластени лица за ненавремено или не доставување на бараната документација[3], и овозможија на ДКСК навремено да добива релевантна и поткрепувачка документација за утврдување на фактичката состојба, потврдување на основаноста или отфрлање на наводите содржани во пријавите и преземање на конкретни дејствија, односно

[3] Член 100 „Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во надлежната институција или на од него овластено лице кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Комисијата најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето"

поднесување на иницијативи за постапување до надлежни органи или упатување препораки и укажувања до надлежните државни институции.

Споредено со претходните години, во 2019 година до ДКСК доставен е речиси 10 пати поголем број на пријави со сомнеж од корупција или преземени незаконски дејствија од страна на службени и одговорни лица во јавниот сектор. Состојбата на примени пријави по години е прикажана во Табела 4.

Табела 4: Преглед на примени пријави и оформени предмети по сопствена иницијатива

| **Начин на формирање на предмет** | **Број на евидентирани предмети** | | |
|---|---|---|---|
| | **08.02. - 31.12.2019** | **2018** | **2017** |
| Сопствена иницијатива | 23 | нема | нема |
| Пријави од граѓани | 687 | 89 | 76 |
| **Вкупно:** | **710** | **89** | **76** |

Во периодот од 8 февруари (од изборот на новиот состав на ДКСК) заклучно со 31 декември 2019 година, во делот на спречувањето на корупцијата во вршењето на јавните овластувања, во вршењето работи од јавен интерес и други дејности на правни лица, ДКСК континуирано, неселективно и објективно постапуваше по конкретни предмети за што донесе соодветни одлуки и поднесе иницијативи кои се прикажани во Табела 5.

Табела 5: Состојба на предмети по кои е постапувано

| **Статус на предмети** | **Број** |
|---|---|
| Број на решени предмети | 100 |
| Донесени одлуки | 104 |
| Поднесени иницијативи до ОЈО | 6 |
| - *Прифатени иницијативи* | *1* |
| - *Отфрлени иницијативи* | *1* |
| - *Иницијативи по кои постапката е во тек* | *4* |
| Иницијатива за утврдување одговорност на раководни и службени лица до надлежните институции | 9 |
| Доставени препораки за преземање на конкретни мерки до институции | 6 |

Бројот на донесени одлуки е поголем од бројот на решени предмети поради фактот што за некои предмети донесени се повеќе одлуки.

Од одлучувањето по конкретните предмети и нивна анализа произлегоа следниве заклучоци:

1. Дел од доставените пријави не се за надлежно постапување на ДКСК, поради што се донесени одлуки за ненадлежно постапување, со известување до подносителот

(доколку не е анонимен) и упатување на конкретна институција која има надлежност за постапување;

2. Голем дел од поднесените пријави се анонимни и не упатуваат на постоење елементи за сомнеж од корупција или коруптивно однесување на овластено или одговорно лице, конкретна активност, често се посочува на можна поврзаност со овластено или одговорно лице итн. За овие пријави ДКСК донесе одлуки за нивно отфрлање поради недоволно основани елементи и неможност да побара дополнителни информации;
3. Во 17 предмети ДКСК оцени дека нема законска надлежност за постапување и истите ги достави на постапување до други надлежни институции (Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиско разузнавање, Државниот завод за ревизија, Судски совет на РСМ и други) со барање во рамките на нивните законски надлежности да ја утврдат фактичката состојба, да преземат мерки и за преземеното да ја известат ДКСК;

Од анализата на содржината на доставените пријави може да се заклучи дека граѓаните и правните лица како подносители на пријавите најчесто укажуваат на сомневања за корупција и коруптивно однесување во судските постапки, во постапките од обласа на урбанизмот и градежништвото, постапките за вработувања на нови лица, остварување на своите права пред институциите како на централната така и на локалната власт, но и во постапките за доделување на договори за јавни набавки во институциите од јавниот сектор.

### *4.2.1. Поднесени иницијативи до Основно јавно обвинителство*

Во насока на исполнување на надлежноста за поведување постапки за кривично гонење[4], ДКСК врз основа на обезбедена документација од надлежните институции и други релевантни докази покрена иницијативи до Основното јавно обвинителство за шест предмети по кои постапуваше. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и постапувањето на надлежните обвинителства се прикажани во **Прилог 1** кон овој Извештај.

### *4.2.2. Поднесени иницијативи до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица*

ДКСК поднесе иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица во девет предмети по кои ДКСК постапуваше[5].

[4] Член 17 став 1 точка 5 од ЗСКСИ
[5] согласно член 17 став 1 точка 4 од ЗСКСИ

Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности за утврдување на одговорноста и постапувањето на надлежните институции се прикажани во **Прилог 2** кон овој Извештај.

### *4.2.3. Други иницијативи произлезени од предмети*

Постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива во врска со наводи изнесени во медиумите, поврзани со правото на Претседателот на Република Македонија на кого му престанала функцијата, ДКСК утврди дека со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата ("Сл. весник на Р. Македонија" бр. 46/04,109/06 и 157/07) секоја година од Буџетот на РСМ се трошат големи износ на буџетски средства. ДКСК ја поднесе Иницијатива до **Уставниот суд на Република Северна Македонија** за оценка на уставноста на одредбите на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата од причина што самиот закон го загрозува принципот на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите.

Истовремено, до **Министерство за правда** доставена е иницијатива за измена на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата  во смисла на ограничување на износите и временскиот период за користење на правата што им ги овозможува Законот.

Од **Министерство за финансии** побарано е, преку Владата на РСМ да се достави Барање за автентично толкување на членот 49 став (1) од Законот за Народната банка на РСМ[6] до Собранието на РСМ. Со овој член е утврдено дека *"Членовите на Советот се именуваат за период од седум години со право на повторен избор"*. Барањето се однесува на толкување на дефиницијата ***"повторен избор"***, односно дали се однесува на два мандати едно по друго односно вкупно 14 години или и по истекот на вториот мандат повторно може да биде именувано уште еден мандат.

До крајот на 2019 година, по овие иницијативи надлежните институции не се произнесоа за нивно постапување.

### *4.2.4. Дадени препораки и укажувања*

Во текот на постапувањето по конкретни предмети, ДКСК во шест предмети препозна состојби кои можат да создадат ризик од корупција, нарушување на принципите на владеење

[6] Законот за Народната банка на РСМ[6] ("Службен весник на РМ "бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18)

на правото но и на доброто владеење, личниот и институционален интегритет и угледот на институциите при вршењето на јавните овластувања. Оттаму со цел да се обезбеди доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции, односно обезбедување на непристрасно и чесно однесување на службените и одговорните лица во институциите, ДКСК упати препораки до надлежните институции за преземање на конкретни дејствија за надминување на констатираните состојби.

Врз основа на анализите кои произлегоа од предметот што ДКСК го водеше во однос на сомнежи за корупција при распределбата на средствата за финансирање на проекти согласно Годишната програма за култура за 2019 година, до **Министерство за култура** даде препораки за воспоставување на објективен систем на бодирање, воведување на реални и мерливи критериуми при изборот на проекти како и усогласеност на висината на доделените средства, податоците од финансиските извешти за реализација на проектите (број на публика, објавени книги, изданија концерти, настапи и слично во зависност од областа), да бидат користени како показатели и појасни критериуми во делот на референта листа на претходно реализирани проекти, воспоставување на регистар на традиционални настани и манифестации, еминентни уметници, групи и многу други здруженија и настани, кои се препознатливи како во земјата така и во странство, за чија работа секоја година од Министерството ќе се издвојува одреден износ.

При распределбата на средствата за финансирање на проекти согласно Годишната програма за култура за 2020 година дел од дадените препораки се прифатени.

ДКСК до **Владата на РСМ** достави препорака да го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да изготви предлог- Закон со кој Кањонот Матка ќе го прогласи за споменик на природата а заштитените зони детално ќе бидат утврдени. Ова произлезе како резултат на утврдените состојби од предметот за бесправно изградените платформи на езерото Матка, заради слабости во одредени закони кои се однесуваат на неусогласеност во постапувањата на овластените градежни инспектори во општините и државните градежни инспектори, како и во надлежностите на Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање и Град Скопје.

ДКСК нема информации за преземани активности од страна на Владата на РСМ во однос на оваа препорака.

Постапувајќи по предмет со сомнежи за сторени незаконитости и можност од коруптивни дејствија при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавна набавка за изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список за изборните процеси во 2016, 2017 и 2019 година и референдумот во 2018 година од страна на овластени лица од **Државна Изборна Комисија** (предметот е образложен во Прилог ДКСК утврди состојби и за нивно надминување и намалување на ризиците од корупција даде препораки во насока на искористување на можноста за склучување на повеќегодишна рамковна спогодба за идни набавки на услуги со цел да се избегне спроведување на постапка со преговарање без

објавување на оглас поради итност на набавката; задолжително дефинирање на стандарди за изработка на изборен материјал/гласачки ливчиња со посебен акт на ДИК без нарушување на безбедносните аспекти на доверливиот материјал и истите да бидат јавно објавени на веб страна или на друг начин да бидат јавно достапни.

### 4.3. Постапување во случаи на судир на интереси

Согласно одредбите на член 72 од ЗСКСИ, секое службено лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да презема мерки за негово одбегнување. Зголемената сензибилност на јавноста во однос на ова прашање придонесе за зголемен број пријави на сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес што е најмногу изразено при вработувањата во јавниот сектор како што се непотизам, кронизам, клиентелизам, политичко и партиско влијание. Во Табела 6 прикажани се состојбите во однос на предмети за судир на интереси во последните три години.

Табела 6: Примени евидентирани пријави и предмети по сопствена

| **Начин на формирање на предмет** | **Број на евидентирани предмети** | | |
|---|---|---|---|
| | **08.02. - 31.12.2019** | **2018** | **2017** |
| Сопствена иницијатива | 66 | 6 | нема |
| Пријави од граѓани | 364 | 75 | 95 |
| **Вкупно:** | **430** | **81** | **95** |

Во извештајната година ДКСК постапи по 221 предмети за што се донесени 143 одлуки, а за останатите постапувањето е во тек.

Реакцијата на јавноста за искористување на положбата од страна на поранешни и актуелни избрани и именувани и службените лица при вработување на нивни блиски лица, беше повод ДКСК да отвори 66 предмети по сопствена иницијатива со цел да се испита на кој начин се извршени вработувањата. Во Графикон 1 прикажан е бројот на избрани и именувани и службени лица по функции кои беа опфатени со овие предмети.




Графикон 1

По проверка на наводите беа утврдени состојби и за 40 предмети донесени се одлуки за затворање. Причините за ваквите одлуки се прикажани во Табела 7:

**Табела 7: Преглед на затворени предмети**

| Причини за затворање на предметот | Број на предмети |
|---|---|
| Отсуство на елементи за натамошно постапување, најчесто застареност | 23 |
| Наводите не се основани – погрешни информации | 7 |
| Вработувања во МВР за кои иако постои основано сомневање за влијание при вработување, законската регулатива овозможува вработување без јавни огласи, без конкуренција и пријави на други кандидати. ДКСК не беше во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон лицата кои извршиле влијание | 6 |
| Иницијатива пред ОЈО од каде е пристигнат одговор за ненадлежност поради застареност на предметот | 2 |
| Пристигнат одговор од ОЈО за отфрлена пријава | 1 |
| Состојбата е надмината | 1 |
| **Вкупно** | **40** |

За останатите 26 предмети, постапувањето се уште е во тек поради следниве причини:

- за 11 предмети поведена е иницијатива за утврдување одговорност на раководни лица;
- три предмети се доставени до соодветни инспекторати за надлежно постапување;
- три предмети се однесуваат на вработувања преку агенции за времени вработувања за вршење на работни задачи во УЈП за кои се потребни соодветни квалификации за кои од Министерството за финансии е побарано да се произнесе за ваквиот начин на вработување. Министерството се изјасни за надлежен орган за контролира на привремени вработувања;
- за еден предмет известен е органот за постапување;
- за еден предмет поведена е иницијатива за кривично гонење;
- по еден предмет покрената е прекршочна постапка;
- за шест предмети постапувањата се во тек.

Конкретните постапувања на ДКСК по однос на овие предмети се прикажани во **Прилог 3** кон овој Извештај.

Врз основа на постапувањата по сите предмети со наводи за постоење разни форми на влијанија при вработувањата во јавниот сектор, ДКСК ги утврди следните состојби:

- во институциите од јавниот сектор недостасуваат процедури за спроведување на постапките за вработување во услови кога материјалните закони не пропишуваат јасни постапки за нивно спроведување;
- се вршат промени во актите за систематизација со наменско креирање на работни места непосредно пред објавувањето на огласите, согласно квалификациите на лицето што треба да се вработи;
- во актите за систематизација се вршат измени на постоечките квалификации - образование, односно се додава видот на образование, што лицето кое треба да се вработи го поседува, без разлика дали е потребен таков кадар;
- за лицата кои се вработуваат по Законот за работни односи не се утврдени критериуми за евалуација на личните и стручните квалификации на кандидатите;
- комисиите за селекција и избор на кандидати немаат пракса за подготвување ранг листа, туку истите доставуваат список на кандидати кои ги исполнуваат услови (најчесто сите кои се пријавиле);
- интервјуто како завршна фаза на процесот за вработување најчесто се користи како основна алатка за избор на „подобни "кандидати;
- честа е појавата одговорното лице да го злоупотреби даденото дискреционо право за вработување на блиски лица;
- честа форма на вработување во органите на државната управа е времено вработување преку Законот за агенции за времени вработувања без при тоа да се води грижа дали лицата кои се ангажираат ги поседуваат бараните квалификации, искуство и вештини.

Причини за ваквиот начин на однесување од страна на одговорните лица може да се детектира во постоење на политичко влијание, партиска припадност, отсуство на интегритет (личен и институционален), недоволна транспарентност на постапките за вработување, слаб надзор и контрола, неказнивост, како и недоследности и недоречености во законската регулатива.

### *4.3.1. Иницијативи за поведување постапка за кривично гонење*

Постапувајќи по предмети од областа на судир на интереси, ДКСК поднесе две иницијативи до Јавното обвинителство на РСМ, за поведување постапка за кривично гонење:

- За градоначалник на општина кој постапил спротивно на одредбите ЗСКСИ на начин што со промена на видот на образованието во актот за систематизација создал услови за вработување за свое блиско лице со што ги повредил начелата на законитост и интегритет. Поради непостоење на елементи по кои постапува по службена должност, ОЈО ја отфрли поднесената иницијатива.
- за поранешен претседател на Кривичен суд кој вработил блиско лице иако истото воопшто не се пријавило на огласот за вработување. ОЈО ја отфрли иницијативата на ДКСК поради застареност на делото за кривично гонење. Кривичниот суд како засегната странка поднесе жалба до Вишото јавно обвинителство.

### *4.3.2. Злоупотреба на дискрециони овластувања*

Од анализата на обработените предмети и пријави со наводи за непотизам, кронизам, фаворизирање и клиентелизам, ДКСК укажа на потребата од законско пропишување на подзаконски акти и правилници со кои ќе се дефинираат постапките за фер и транспарентен процес на вработување, заснован пред се на критериуми за вредности и објективни ранг листи, а со цел да се ограничи можноста од злоупотреба на дискреционото право.

За 11 случаи ДКСК поведе иницијатива за покренување постапка за утврдување одговорност на службено лице до управните и надзорните одбори на Акционерските друштва и Јавните претпријатија во државна сопственост каде што беа констатирани наведените слабости во постапките за вработувања, поради основано сомневање дека дискреционото право на раководните службени лица е злоупотребено. За жал, и покрај тоа што им беа доставени детални образложенија за утврдените слабости и злоупотреби, управните и надзорните одбори не утврдија одговорност кај директорите. За поведените иницијативи беше известена и Владата на РСМ, која утврди одговорност и разреши двајца директори.

Изборот на кандидати за вработувања во јавните здравствените установи најчесто е резултат на искористување и злоупотреба на дискреционото право на работоводниот орган. Ова произлегува од фактот што ниту со Законот за здравствена заштита, ниту со други подзаконски акти не се дефинирани критериуми или процедури за избор на членови на комисијата за селекција, исто како што не се пропишани процедури и објективни критериуми за

мерливост за остварениот резултат од спроведеното интервју со предложените кандидати. Во услови на утврден начин на рангирање на пријавените кандидати (успех од образование, успех од положен испит), дискреционото овластување на работоводниот орган му овозможува вработување на помалку квалификувани лица, блиски лица, непотизам, кронизам, па и стекнување на материјална корист.

Работејќи по бројни предмети поврзани со високото образование и примена на Законот за високо образование, ДКСК констатира дека постојат индиции за влијанија со елементи на коруптивно однесување во високо образовните институции при изборот на кандидати во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања поради дискрецијата на членовите на рецензентските комисии. Имено, изборот на кандидатите во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот односно научниот совет на институтот, врз основа на предлог во рефератот на рецензентската комисија на факултетот односно научниот институт. Честа појава е рецензентските комисии иако ги почитуваат критериумите за вреднување и бодирање, сепак, користејќи го дискреционото право предлагаат кандидати со помал број на освоени поени при тоа не давајќи образложение за тоа. Ова создава можност за фаворизирање на одредени кандидати што во крајна линија ја дезавуира самата постапка на избор на најдобар кандидат. Овие случаи во стручната но и пошироката јавност создаваат чувство за постоење на партизираност, непотизам, фаворизирање или клиентелизам во постапките за избор во наставно-научни звања.

Управните и надзорните одбори на јавните претпријатија во државна сопственост и ЈП формирани од ЕЛС, се органи кои согласно Законот за јавни претпријатија се директно одговорни за креирање, донесување и спроведување на деловните политики за развој и тековното работење на претпријатијата, донесуваат одлуки поврзани со располагање и користење на имотот, финансиите на претпријатието итн. Поради ова, од големо значење е прашањето за избор на членови на овие одбори во јавните претпријатија, да биде заснован на мерит систем и транспарентна постапка. Надлежностите на Владата на РСМ и Советите на ЕЛС при изборот на овие лица во услови кога материјалните закони не предвидуваат постапки за нивен избор, создава ризик управувањето и надзорот во ЈП и АД да зависи од одлуките на лица со недоволни стручни квалификации или без основни познавања проблематиката на нивното работење. Со тоа се доведува во прашање економичното, ефикасното и ефективното работење на самите претпријатија.

Од горе наведеното се наметнува констатацијата дека при вработувањата и именувањата наместо најважен критериум да биде квалитетот на кандидатите, со изборот преку влијание и злоупотреба на дискреционите овластувања се руши и системот на вредности при вработувањата, се поткопува желбата и мотивацијата кај стручните и квалитетните лица за поголеми достигнувања но и вербата на јавноста во постоење на фер и праведен институционален систем заснован на вредности, достапен за сите граѓани подеднакво.

Наодите и  констатациите кои произлегоа од анализата и постапувањето по предмети од судирот на интереси  ја наметна потребата од скенирање на законодавството кое ги регулира работните односи особено во постапките на вработување.  За таа цел во соработка со Транспарентност Интернешенал - Македонија, од средната на 2019 – до средината на 2020 година се спроведува проектот поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија: Ранливост на корупцијата - Проценка на политиките и процедурите за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам.

Целта на анализата е да се нотираат и истакнат проблемите или „точките на ранливост" во постапките за вработување на административните службеници, јавните службеници, како и за постапките за избор и именување на директори, претседатели и членови на комисии. Извршена е анализа на вкупно 19[7] закони, два подзаконски акти и анализа на Годишниот извештај од Регистарот за вработените во јавниот сектор.

Наодите и препораките кои ќе произлезат од Извештајот од оваа анализа ќе бидат основа во постапувањето на ДКСК по предмети поврзани со вработувањата, но и основа за антикорупциска проверка на легислативата на закони кои ќе бидат опфатени со годишните планови на ДКСК.

### *4.3.3. Проверка на изјавите за судир на интереси*

Ексклузивна надлежност на ДКСК е евидентирање, следење и проверка  на изјавите за имотна состојба и интереси. Согласно ЗСКСИ, секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, должно е најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето до ДКСК да поднесе  изјава за имотната состојба и

[7] Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници, Уредба за спроведување на постапката за вработување на административни службеници и  Правилник за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор, Годишен извештај од Регистерот на вработените во јавниот сектор за 2018 година,Закон за општата управна постапка, Закон за работни односи,Закон за домување, Закон за култура, Закон за јавни претпријатија, Закон за спречување на корупција и судир на интереси, Закон за инспекциски надзор, Закон за воздухопловство, Закон за Владата на Република Северна Македонија,Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Закон за управната инспекција, Закон за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка,  Закон за електронските комуникации, Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации, Закон за здравствената заштита Редакциски пречистен текст, Закон за социјалната заштита, Закон за основното образование,Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта

интересите. Изјавата за него и за членовите на неговото семејство содржи и информација за работни места и членство во управни одбори,членство во здруженија и фондации и други податоци. Образецот го пропишува ДКСК. Во текот на 2019 година од причина што ДКСК не беше во можност да обезбеди електронско поднесување на Изјавата за имотната состојба и интересите, избраните лица своите интереси ги пријавуваа на образецот пропишан со претходниот Закон за спречување судир на интереси. Причините за неможноста да се реализира оваа надлежност детално се објаснети во точка 4.5. во овој Извештај. Состојбата со поднесени Изјави за интереси е прикажана во Табела 8.

Табела 8: Поднесени изјави за интереси

| Година | 2019 | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Број на поднесени изјави | 849 | 1650 | 2328 |

Бројот на поднесени пријави по години е тесно поврзан со фактот дали конкретната година е изборна или не. Големиот број на доставени Изјави во 2017 година се должи на изјавите од ново избраните лица на последните Парламентарни избори одржани во декември 2016 година и локалните избори спроведени во 2017 година.

Во извештајната година, како што е наведено, до ДКСК беа поднесени 849 Изјави за интереси на кои се вршеше редовна административна проверка. При тоа по утврдените состојби ДКСК ги презеде следниве дејствија:

- Во Изјавите на 32 избрани или именувани лица утврдена е состојба на кумулација на функции;
- за ненавремено поднесување на изјавите за интереси до ДКСК од страна на службените лица во рок од 30 дена од денот на нивниот избор, именување, назначување и вработување, поднесени се 27 платни налози. По 23 налози е постапено и глобите се платени, за три се води прекршочна постапка, а еден е во тек;
- за ненавремено известување на ДКСК од службените лица во рок од десет дена од денот за избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал (член 52 од ЗСКСИ), поднесени се три платни налози. По два налози е постапено и глобите се платени, а за еден се води прекршочна постапка.

### *4.3.4. Отстранување на состојба на судир на интереси*

Во случаи кога постои со сомневање за постоење на судир на интереси ДКСК поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси и презема мерки пропишани со член 77 од ЗСКСИ.

Во текот на 2019 година ДКСК постапи по 32 предмети со сомневање за судир на интереси поради кумулација на функции и согласно своите надлежности, по констатираната состојба, од лицата побара преземање на дејствија за отстранување на истата. Во 25 случаи службените лица постапија по укажувањата на ДКСК со што состојбите на судир се надминаа, а пет предмети се во тек.

ДКСК испрати и барање за утврдување одговорност за Заменикот на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања, заради утврдена состојба на судир на интереси бидејќи учествувал на Седница на Влада при расправа по точка од која имал личен интерес. Во својот одговор Владата на РСМ се произнесе дека:*„фактот дали на седница на Владата на која што се расправало за предметната точка бил присутен и Заменикот на претседателот на Владата и дали на истата дал одредени појаснувања од стручен аспект не значи дека со тоа (н.з. учествувал во расправата) и е повредена одредбата од член 73 став 1 Законот за спречување корупција и судирот на интереси. Ова од причина што приватниот интерес е пријавен од негова страна, а именуваниот не учествувал во донесување на истата"*.

Со овој одговор Владата на РСМ ја извести ДКСК дека не утврдила одговорност кај својот член, кој во меѓувреме се повлече од функцијата. Во Изјавата за судир на интереси потпишана од Заменикот на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања е наведено дека поради постоење личен интерес, тој ќе се изземе од расправата и од одлучувањето.

#### *4.3.4.1. Јавна опомена*

Јавна опомена се изрекува во случаи кога службеното лице избрано на непосредни избори, нема да постапи по барањето на ДКСК за отстранување на состојба на судир на интереси. Во два случаи изречена е мерка јавна опомена и тоа:

- кон претседател на совет на Општина Гевгелија поради истовремено извршување на две функции: претседател на совет на Општина Гевгелија и член на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и
- кон член на Совет на општина Пробиштип, бидејќи покрај адвокатската дејност ја извршува и функцијата член на Советот на општина Пробиштип, што не е во согласност со Законот за адвокатура.

Јавните опомени се објавени на веб страницата на ДКСК и во средствата за јавно информирање.

### *4.3.5. Барање за преиспитување и поништување на одлуката за избор на кандидати*

Одредбата од член 40 став 2 од ЗСКСИ и даваат надлежност на ДКСК да побара од надлежниот орган на институцијата преиспитување или поништување на одлука, за која ДКСК оценила дека е донесена со влијание на политичка партија односно лице кое настапува во име на политичка партија, при вработување, распоредување и престанок на работен однос.

Применувајќи ја наведената одредба, за два предмети ДКСК донесе одлуки за барање за преиспитување на Одлуката за избор на кандидати за вработување. Овие одлуки се упатени на директори на здравствени установи поради злоупотреба на дискреционото овластување и извршиле избор на кандидати и вработиле блиски лица на актуелен градоначалник и претседател на општински комитет на политичка партија. Истовремено побарано е од управните органи да покренат постапка за утврдување одговорност на раководните лица. Како и во случаите објаснети во Прилог 3, управните органи не утврдија елементи за одговорност на директорите.

Исто така во два случаи ДКСК донесе одлуки за барање за поништување на одлуките за избор на кандидати – здравствени работници поради сомневање за злоупотреба на дискрециони овластувања од страна на:

- в.д. директорката на Универзитетски стоматолошки клинички центар при вработување доктори со помалку освоени бодови во однос на кандидати со најмногу бодови и
- в.д. директорката на ЈЗУ здравствен дом д-р Хаим Абраванел – Битола исто така поради вработување на медицински сестри со помалку освоени бодови во однос на кандидати со повеќе бодови.

Она што е заедничко за сите наведени вработувања е злоупотребата на дискреционото право од страна на одговорното лице при вработувањата и користењето на интервјуто како основа за донесување одлуки без при тоа да се води сметка за резултатите на бодовите од ранг листите.

### 4.3.6. *Изречени санкции*

Согласно надлежноста на ДКСК за водење прекршочна постапка, во случаите каде е утврден судир на интереси, а службени лица не постапиле по барањата на ДКСК за нивно отстранување, како и повреда на забраните утврдени со ЗСКСИ, во текот на 2019 година поведени се прекршочни постапки при што:

- во два случаи издадени се платни налози по основ за не изземање во одлучување за вработување на член на семејство, односно блиско лице. Постапките се во тек.
- По еден платен налог е издаден на службено лице кое:
    - извршило влијание за вработување на блиско лице во орган што располага со државен капитал, врз кој врши надзор органот во кој службеното лице е избрано. Глобата е платена;
    - не постапило по барањето на ДКСК и не го отстранило судирот на интереси;
    - се вработило во трговско друштво по престанок на вршење на јавни овластувања, во кое вршело надзор во покус рок од три години. Глобата е платена.
    - извршило вонреден инспекциски надзор во институција, каде е вработено негово блиско лице и не побарало да се изземе и да запре со своето постапување.

### *4.3.7. Превентивна улога на ДКСК*

Во насока на исполнување на превентивната улога на ДКСК во спречување на судир на интереси, согласно надлежностите кои и се доделени, ДКСК достави:

- **укажување** до Собранието на РСМ за неспојливост на функцијата Претседател на Владата на РСМ и функцијата Министер за финансии,
- **известување** до општина Охрид за судир на интереси на советник на општината, како и
- **општо укажување** до сите општини на Република Северна Македонија и Градот Скопје во однос на пријавување на правните лица во сопственост на функционерите со истовремено укажување на ограничувањата за соработката на службените лица со правни лица, кои се во нивна сопственост или во сопственост на нивни блиски лица, а во насока да превенира потенцијален судир на интереси што ќе настане доколку не се почитуваат тие ограничувања, согласно член 51 од ЗСКСИ.

## 4.4. Следење на законитоста на финансирањето на изборни кампањи

Финансирањето на poличките партии и изборните кампањи од секогаш претставувало сфера на влијанија, притисоци, злоупотреби на положби и функции за изборна победа и освојување на власта. Имајќи ги во предвид неправилностите од спроведените избори во претходните циклуси манифестирани преку влијанија, притисоци, обидите за поткуп на избирачи, користењето на противправни и анонимни извори на финансирање, злоупотребите на буџетски средства и други ресурси на државните институции за партиски и изборни цели, отсуството на транспарентност и отчетност, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ/ОДИХР), неколку години station наназад дава препораки за зајакнување на институционалните капацитети на државата за ефикасен мониторинг и контрола како над самиот изборен процес, така и за финансирањето на политичките партии и на изборните кампањи.

Иако Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за спречување на корупцијата претрпеа повеќе битни измени во насока на нивно подобрување и примена на дадените препораки, остана впечатокот дека постои простор за коруптивно однесување преку влијание на политичките партии за остварување на партиски цели и интереси. Ова се должеше на фактот што и честите измени на законската регулатива не овозможија издигнување на единствена институција со силни надлежности која ќе овозможи спречување на корупцијата во политиката. За таа цел, со новото законско решение на ДКСК и беа доделени нови и зајакнати надлежности со повеќе механизми за спречување на корупција во политиката.

Во членовите: 32-Следење на законитоста на финансирањето на изборната кампања, 33-Контрола на злоупотреба на буџетските средства по распишување на изборите, 34-Забраната за нови инвестиции и вонредни исплати, 35–Забрана за користење противправни и

анонимни извори на финансирање за време на избори, 36-Утврдување на злоупотреба на финансирање на политички партии за време на изборна кампања и 37-Поткупување на избирачите, дефинирани се активностите на ДКСК, но и роковите за постапување. Имено, во случај на поднесени пријави за постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања, за нови инвестиции и вонредни исплати или злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори, ДКСК е должна:

- добиениот приговор во рок од 24 часа од приемот да го достави до лицето против кое е поднесен,
- во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот на јавна седница да ги испита наводите и да постапи по приговорот,
- донесените одлуки по приговорите да ги објави на веб страницата на ДКСК во рок од 24 часа од денот на закажаната јавна седница.

Со цел ефикасно и успешно следење на изборите во 2019 година, а во услови на недоволни расположливи човечки, материјални и технички ресурси ДКСК ги презема следниве активности:

- издаде соопштение со цел превентивно дејствување кај институциите, во кое попрецизно се даде објаснување на законските обврски што се однесуваат на начинот на постапување на институциите и општините за време на изборниот период;
- изработи и преку интернет страната ја направи достапна веб платформата – Регистар на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, така што на сите заинтересирани субјекти (медиуми, невладините организации и граѓаните) им се даде можност за пребарувања на возилата по институција и по регистарски таблички и до ДКСК да пријават сомневање за злоупотреба на истите;
- креираше и објави образец - Пријава за сомневања за постоење незаконитости и прекршувања во изборниот процес која можеше да ја пополни секој граѓанин со сознанија за евентуални прекршувања на забраните од Изборниот законик;
- интензивно соработуваше со Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државниот управен инспекторат и Агенцијата за вработување со цел преземање зајакнат инспекциски надзор над институциите во образованието, социјалната сфера, здравството и други државни институции, а во делот на почитување на одредбите на Изборниот законик и ЗСКСИ за вработувања во изборен период. За извршените инспекциски надзори до ДКСК беа доставени извештаи;
- склучен е Меморандум за соработка меѓу ДКСК, Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија во врска со спроведувањето на одредбите за финансирањето на изборната кампања, за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките преземени од нивна страна спрема субјектот кој е предмет на надзор;

- активно соработуваше со претставници на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата во насока на следење на изборната кампања.

Во текот на изборниот период кој траеше од 08.02.-13.05.2019 година, до ДКСК беа доставени 22 приговори од организатор на изборна кампања за повреда на Изборниот законик и ЗСКС и 32 пријави од граѓани, политички партии и други субјекти во кои беше укажано сомневање за повреди на истите закони. Постапувајќи согласно член 33 од ЗСКСИ во текот на изборната кампања ДКСК одржа пет седници отворени за јавноста на кои одлучуваше по доставените 22 приговори од организатор на изборна кампања и три предмети по сопствена иницијатива.

- од вкупно поднесените 22 приговори, во 18 од нив ДКСК утврди дека наводите не се потврдени и истите се одбиени.
- по потврдувања на наводите од 4 пријави, ДКСК донесе одлуки за поведување на постапки пред надлежен суд, од кои две одлуки беа укинати од страна на Управниот суд на Република Северна Македонија, а по две одлуки беше иницирана прекршочна постапка пред надлежен суд, кои се уште се во тек.
- по предметите кои беа отворени по сопствена иницијатива на ДКСК и по допрен глас од медиуми, за два предмети беа донесени одлуки за запирање на постапката поради неоснованост на информациите, а за еден предмет беше донесена одлука за поведување на прекршочна постапка.
- ДКСК постапи и по пријавите од граѓани, од кои 28 од предметите се решени, додека за четири предмети постапувањето на ДКСК е се уште во тек.

Согласно член 36 од ЗСКСИ, во август 2019 година ДКСК достави Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања, до Собранието на Република Северна Македонија во кој покрај претходно наведените активности и постапувања, презентирани се слабостите и недореченостите во законската регулатива, заклучоци и препораки. Извештајот е усвоен од Собранието на Република Северна Македонија и истиот е достапен на интернет страницата на ДКСК[8].

## 4.5. Евидентирање и следење на имотната состојба

Со новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси од јануари 2019 година, Анкетниот лист за пријавување на имотната состојба предвиден со Законот за спечување на корупцијата како и Изјава за интереси предвидена со Законот за спречување судир на интереси, се спојуваат во еден единствен образец – Изјава за имотна состојба и интереси. Со преодните и завршните одредби на ЗСКСИ, односно во член 119 утврдено е дека ДКСК во рок од 60 дена од нејзиното конституирање ќе пропише образец за Изјава за имотна

[8] https://www.dksk.mk/index.php?id=116&L=798

состојба и интереси. До донесувањето на подзаконските акти, вклучувајќи ја Изјавата за имотна состојба и интереси, ќе се применуваат старите акти[9].

Во член 82 став 5 од ЗСКСИ е наведено дека *„избраните и именуваните лица..... ,изјавата за имотна состојба и интереси* ***ја поднесуваат во електронска форма,*** *при што доставуваат и печатена копија до Државната комисија“*. Во насока на исполнување на оваа обврска, ДКСК веднаш презеде активности за пропишување на образецот Изјава, и со експертска помош обезбедена од УСАИД-НМСИ, во април 2019 година го креираше истиот. Од причина што расположливите софтверски решенија не овозможуваат електронско доставување на Изјавата, а во Буџетот на ДКСК за 2019 година воопшто немаше обезбедено средства за набавка на софтверски решенија, ДКСК се обиде преку донација да ги обезбеди потребните средства, но безуспешно.

Во периодот од март 2019 година, со поддршка на УСАИД-НМСИ, во ДКСК започнаа да се реализираат повеќе проекти меѓу кои и подготовка на техничка спецификација за изработка на софтверско решение со кое ќе се обезбеди:

- електронско поднесување на Изјава за имотна состојба и интереси;
- надградба на Регистарот за избрани и именувани лица;
- директен пристап до бази на податоци кои се водат во 17 други државни органи и институции со кои ќе се овозможи брза проверка на внесените податоци во Изјавата;
- други модули за тековното работење на ДКСК.

Во ноември 2019 година, по одлука на УСАИД, реализацијата на овој проект беше прекината поради што ДКСК не успеа да реализира електронско поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси.

Поради наведените состојби и околности, податоците за имотната состојба избраните и именуваните лица се уште ги поднесуваат на обрасците пропишани со старите законски решенија. Нотарите и извршителите се уште не доставуваат податоци за својата имотна состојба и интереси пред се поради тоа што согласно преодните одредби на ЗСКСИ, оваа обврска треба да ја исполнат согласно новиот пропишаниот образец.

Во текот на 2019 година до ДКСК се доставени вкупно 2007 анкетни листови прикажани во Табела 8.

[9] Член 119 став 2 од ЗСКСИ: До донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон, ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15).

Табела 8: Преглед на поднесени анкетни листови

| Основ за поднесување | Поднесени обрасци |
|---|---|
| Анкетни листови по избор/именување на функција | 1004 |
| Анкетни листови по престанок на функција | 479 |
| Обрасци за промена на имотна состојба | 524 |
| **Вкупно** | **2007** |

ДКСК континуирано ги обработува ново поднесените анкетни листови и ги ажурира податоците за промена на имотната состојба, така што на својата WEB страница (www.dksk.mk) во 2019 година се објавени податоци од анкетни листови за сите 7314 избрани и именувани лица чиј мандат е активен.

### *4.5.1. Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси*

Државната комисија е надлежна да врши проверка на вистинитоста на податоците внесени во Изјавата за имотната состојба и интересите, во случаи кога постапува по конкретен предмет (член 92 од ЗСКСИ), како и врз основа на годишен план за следење на имотната состојба и судир на интересите (член 19 од ЗСКСИ). Во месец мај 2019 година беше усвоен Годишен план со кој беше предвидено да се изврши проверка на имотната состојба и судирот на интересите на следните категории функционери:

-директори на јавни претпријатија и акционерски друштва со државен капитал;
-членовите на актуелниот состав на Владата на РСМ;
-членовите на претходниот состав на Владата на РСМ и
-пратениците во актуелниот состав на Собранието на РСМ.

За реализација на планираните проверки, ДКСК обезбедува информации и податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија. При тоа, освен од Централниот регистар на РСМ во чиј дистрибутивен систем ДКСК има непосреден електронски пристап, податоците од останатите институции се прибираат во печатена форма што го отежнува и забавува процесот на проверка на податоците од поднесените анкетни листови.

Поради нереализираниот проект за изработка на софтвер за проверка на податоците објаснет погоре во овој Извештај, долгиот временски период за обезбедување на сите потребни податоци како и малиот број на вработени лица задолжени за проверка на истите, во ноември 2019 година ДКСК усвои измена на Годишниот план со која од истиот беа иземени пратениците во Собранието на Република Северна Македонија

Во Табела 9 прикажани се состојбите за спроведена проверка на податоците за имотната состојба во периодот од 08.02.2019 до 31.12.2019 година.

Табела 9: Преглед за спроведена проверка на податоци за имотната состојба

| Основ за постапување | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Не поднесување/не навремено поднесување на анкетни листови - член 82 | 60 | 39 | 99 |
| Проверка на податоци од анкетни листови – член 92 | 93 | 28 | 121 |
| **Вкупно:** | **153** | **67** | **220** |

По спроведената проверка и утврдените состојби ДКСК:

- издаде 74 прекршочни платни налози, од кои 73 се однесуваат за не поднесување/ненавремено поднесување на Изјава согласно член 82 од ЗСКСИ, а еден прекршочен платен налог е издаден за непријавување на зголемување на имотот, согласно член 85 од Законот,
- за девет предмети не утврди основ за постапување.

За 83 предмети донесени се одлуки за затворање. Постапувањето за останатите 137 предмети, проверката на податоците е во тек.

### *4.5.2. Регистар на избрани и именувани лица*

ДКСК води Регистар на избрани и именувани лица како единствена база на податоци за избрани или именувани лица, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето (член 89 од ЗСКСИ).

Регистарот се ажурира на дневна основа со податоците што до ДКСК ги доставуваат овластени лица од институциите кои имаат надлежност да вршат избори и именувања, и тоа во рок од 15 дена од нивниот избор, именување, односно престанок на функцијата.

Од воспоставувањето на регистарот[10] до 31 декември 2019 година, внесени се податоци за 8.589 актуелни и поранешни избрани и именувани лица. Ова не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број институции кои вршат именување и разрешување не ја исполнуваат обврската за известување. Од таа причина ДКСК не е во можност да располага со реални и точни податоци за бројот на избрани и

[10] Регистарот е воспоставен во 2016 година

именувани лица, дали истите се уште активно ја извршуваат функцијата или им престанал мандатот, дали е извршен реизбор и слично.

Ажурноста на Регистарот на избрани и именувани лица е од огромна важност за ДКСК заради остварување на другите надлежности поврзани со евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите и проверка на податоците од изјавите за интереси.

## 4.6.Прекршочна комисија

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има зголемени и зајакнати надлежности во спречувањето и корупцијата и судирот на интереси, но и механизми за санкционирање на избраните, именуваните и службените лица во случаи на постапување спротивно на законските одредби. Согласно член 114 за утврдените прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во ДКСК која се бира од редот на овластени службени лица во Секретаријатот со соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

Прекршочна постапка се води согласно Законот за прекршоците и пред поднесување на барање за поведување на постапката, се спроведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Овластените службени лица водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на поведените постапки. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува Државната комисија.

Во извештајниот период овластените службени лица во ДКСК издадоа 117 прекршочни платни налози, од кои 101 се за прекршоци утврдени со член 82 и 85 од ЗСКСИ, односно за не поднесување анкетен лист, изјава за интереси или образец за пријавување промени на имотната состојба. Во 96 случаи од страна на сторителите е постапено по издадените платни налози и во законски утврдениот рок платена е половина од изречената глоба. Поради не подмирување на платниот налог, од овластените лица во ДКСК поднесени се 14 барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок. По поднесените барања за поведување на прекршочна постапка, заклучно со 31.12.2019 година, донесени се девет решенија со кои е изречена прекршочна санкција глоба, а едно решение за отфрлање на барањето за поведување прекршочна постапка. За останатите четири предмети постапката е во тек.

Против шест решенија на Прекршочната комисија, од страна сторителите поднесени се жалби до Државната комисија за одлучување во втор степен од обласста на прекршочната постапка и инспекцискиот надзор.

По основ на водените постапки по сите основи и наплатените глоби и во Буџетот на РСМ уплатени се средства во износ од 937.840 денари.

По старото законско решение, за утврдените непочитувања на законот, по барање на ДКСК, прекршочната постапка ја водеше надлежен орган, односно Основниот суд Скопје 1 Скопје. Во текот на 2019 година од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје до ДКСК вратени се 17 предмети по кои Судот нема постапено. По сите 17 вратени предмети, Прекршочната комисија донесе одлуки при што, за 12 предмети донесени се решенија со кои сторителите се ослободуваат од одговорност поради застареност на делото, додека во пет случаи барањето за поведување на прекршочна постапка е вратено со цел спроведување на постапка за порамнување, согласно ЗСКСИ и Законот за прекршоците.

### 4.7. Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти

Антикорупциската проверка на легислативата - АПЛ како силна превентивна мерка иако е нова надлежност на ДКСК утврдена со ЗСКСК, праксата за ваква проверка е започната уште од 2016 година произлезена од Планот на активности на Владата на Република Македонија и Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија доставен од страна на Европската комисија во 2015 година. За спроведување на активностите, во 2015 година од страна на ДКСК беше донесена Методологија за антикорупциска проверка на легислативата со која се уреди постапката за спроведување на процесот.

Во 2019 година, со новиот ЗСКСИ се потврди надлежноста на ДКСК во однос спроведување на антикорупциска проверка на законите, подзаконските акти и други општи акти, согласно со постоечката Методологија. Важноста од антикорупциска проверка на легислативата е препознаена и вградена во член 68 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија[11], каде се вели: „*Министерствата и другите органи на државната управа материјалите што и ги доставуваат на Владата за разгледување, утврдување, односно донесување, претходно им ги доставуваат на мислење на надлежните, на соодветните и на заинтересираните органи на државната управата и на други државни органи во зависност од природата на материјалот што се разгледува, а задолжително на: .... Државната комисија за спречување на корупцијата, сите предлози на закони кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата. Материјалите по кои не е прибавено мислење, нема да се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата.“*

Ако се има предвид големиот број на усвоени закони само во 2019 година и покрај вака јасната одредба, останува фактот дека до ДКСК доставени се барања мислења само за три предлог закони: предлог Закон за заштита на личните податоци, предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа и Закон за лобирање.

По однос на дадените предлог – извештаи од ДКСК, надлежните институции доставија известување дека дадените препораките се прифатени и истите се вградени во предлог законите.

[11] Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16 и 153/16)

Постапувајќи по предметите оформени по пријави како од областа на спречување на корупцијата така и од областа на судир на интереси, во голем број закони беа констатирани нејасни процедури, примена на повеќе закони за вработување во една институција, одредби кои овозможуваат злоупотреба на дискреционите овластување со кои се нарушува владеењето на правото и постои ризик за создавање услови за коруптивно однесување. Како резултат на утврдените состојби, ДКСК по сопствена иницијатива изготви извештаи од спроведена антикорупциска проверка на следниве закони:

- Закон за здравствена заштита
- Закон за високото образование
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси
- Закон за трговските друштва
- Закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија

Во **Прилог 4** презентирани се извадоци од извештаите на ДКСК по спроведената АПЛ со утврдени одредби кои генерираат ризици од коруптивно однесување во наведените законски решенија, како и препораки за нивно надминување.

Исто така ДКСК беше вклучена во работни групи и даде значителен придонес при подготовка на измени на неколку законски решенија:

- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за вработени во јавен сектор;
- Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за административните службеници;
- Изборен законик и
- Изработка на Закон за високо стручна служба.

## 4.8. Остварување на државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019

Државната комисија за спречување на корупцијата, како единствено надлежна институција за креирање и донесување на стратешки антикорупциски документи на државно ниво, во декември 2015 година ја донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019 (во натамошниот текст: Државна програма). Извештаите за реализација на Државната програма за годините 2017, 2018 и 2019 година се објавени на интернет страницата на ДКСК.

Генералните согледувања во однос на остварувањето на Државната програма 2016-2019, за периодот јануари 2016 – јули 2019 година се дека реализацијата на активностите е на задоволително ниво. Имено, од предвидените 74 активности како реализирани и активности кои се во тек на реализација се 76% односно 56 активности.

Од споредбените податоци за реализација на активностите од Државната програма 2016-2019 по периоди, може да се забележи дека во континуитет се зголемува процентот на реализирани активности. Така во првата - 2016 година процентот на активностите кои биле целосно реализирани и се во тек на реализација е 49%, во втората - 2017 година 64%, во третата 2018 година 66% и во четвртата - 2019 година заклучно со месец јули 76%. Бројот на нереализирани активности има тренд на опаѓање и се движи во првата година 51%, во втората година 36%, во третата година 34% и во четвртата - 2019 година заклучно со месец јули 23% (за 1 активност не е доставен податок). Реализацијата на активностите од државната програма 2016-2019 по временска рамка е прикажана во Графикон 2.

**Преглед на реализирани активностите од државната програма 2016-2019**




**Графикон 2**

Во извештајната 2019 година исто како и во претходните години соработката со институциите надлежни за спроведување на активностите, се потврди како успешна. Напредокот во вкупната реализација на активностите во Државната програма 2016-2019 во последната година, е резултат на реализацијата на активностите во неколку области во рамки на стратегиските цели утврдени во програмата:

Стратегиска цел 1: „Зајакнат институционален систем и легислатива за превенција од корупцијата и судирот на интереси“ донесен е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во мај 2019 година и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во јануари 2019 година.

Стратегиска цел 2: „Зајакната репресија против корупцијата“ се имплементираат донесените законски измени поврзани со зајакнување на независноста и непристрасноста на судиите како и подобрување на работата на Судскиот совет и судовите во Република Северна Македонија, предвидени во рамките на Стратегијата за реформи на правосудниот систем на РМ 2017-2022. Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, Закон за судски совет на Република Северна Македонија, во фаза на подготовка е нов Предлог на Закон за управување со движење на предметите во судовите со цел надминување на можноста за злоупотреба на системот за електронско распределување на предметите. Континуирано се реализираат активностите во насока на подигање на јавната свест и поттикнување на потребата за пријавување во согласност со Законот за заштита на

укажувачите.

Стратегиска цел 3: „Јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите" во областа која се однесува на органите за спроведување на законите, континуирано се реализираат активностите како на планот на едукација и обука на кадрите така и на зајакнување на севкупните капацитети на правосудните институции и органите за спроведување на законот.

Стратегиска цел 4: „Зголемена вклученост на јавноста во борба против корупцијата и судирот на интереси" во областа „Улогата и значењето на медиумите во борбата против корупцијата", донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во континуитет се спроведуваат и активностите во насока на унапредување и зајакнување на соработката меѓу ДКСК и граѓанските организации во областа „Улогата и значењето на невладиниот сектор во борбата против корупцијата", преку имплементација на заеднички проектни активности и активности што произлегуваат од потпишаните меморандуми за соработка. Во оваа област започнати се и се во тек активностите за мапирање на потребите и воспоставените практики за саморегулација во граѓанскиот сектор за добро владеење и транспарентно работење. Во областа „Значење на образовниот процес во борбата против корупцијата", во тек се активностите за имплементација на проектот „Антикорупциска едукација на учениците од средните училишта".

## 4.9.Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ

Постапувајќи согласно член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" број 196/2015, 35/18), ДКСК во рамките на својот Годишен извештај за работа за 2019 година го презентира Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи во 2019 година почитувајќи ги истовремено и начелата на законитост, транспарентност, отчетност и одговорност.

Со Законот за заштита на укажувачите (во натамошниот текст ЗЗУ), се воведе системот на заштита со цел да го поттикне и охрабри пријавувањето, односно воспоставување систем за пријавување односно откривање на разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. ДКСК нема доставено Годишен извештај за примени пријави од укажувачи за 2017 и 2018 година, поради нејзина нефункционалност.

Во овој Извештај е прикажана состојбата со преземените активности поврзани со имплементацијата на ЗЗУ и подзаконските акти од страна на ДКСК и останатите институции од јавниот сектор од започнувањето на примената на ЗЗУ заклучно со 31 декември 2019 година.

### *4.9.1. Законска регулатива*

Законот за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија" број 196/2015, 35/18) (во натамошниот текст: ЗЗУ) е донесен на 9.11.2015 година, а неговата

примена започна 18.03.2016 година. Со цел да се обезбеди негова имплементација, беа донесени подзаконски акти[12], со кои се уреди начинот на постапување во врска со заштитеното внатрешно и надворешно пријавување во институциите од јавниот и приватниот сектор. Примената на подзаконските акти коишто произлегуваат од него започна заедно со Законот на 18.03.2016 година.

### 4.9.2. Постапување на ДКСК во имплементација на законот

Постапувајќи согласно надлежности утврдени во ЗЗУ и во подзаконските акти коишто произлегуваат од него, ДКСК презеде конкретни активности за воспоставување на системот на заштита на укажувачите. Во април 2016 година, назначено е овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување согласно пропишаните услови те што овластеното лице треба да ги исполни и ги обезбеди и сите потребни услови за негово постапување. Усвоена е внатрешна процедура за начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи, која е објавена на веб страницата на ДКСК.

До Собранието на Република Северна Македонија доставен е само еден Годишен извештај за примени пријави од укажувачи и тоа за 2016 година, исто така јавно објавен. За 2017 и 2018 година не се доставени Годишни извешти до Собранието на РСМ поради нефункционалност на претходниот состав на ДКСК.

### 4.9.3. Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи

Започнувајќи од 18 март 2016 година институциите од јавниот и приватниот сектор почнаа да доставуваат до ДКСК известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи во овие институции. Согласно членот 17 став 1 точка 21 од ЗСКСИ, а врз основа на добиените податоци, ДКСК изработи е и води Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи. Заклучно со 31.12.2019 година во Регистарот се евидентирани 105 институции од јавниот сектор кои пријавиле 107 овластени лица за прием на пријави од укажувачи (во 2 институции се назначени по 2 овластени лица).

Споредувајќи го овие податоци со вкупниот број на активни институциите од јавен сектор кои во 2019 година се 1324, може да се констатира дека само 8% од нив ја исполниле обврска за доставување Известување за овластеното лице и неговите контакт податоци до ДКСК. Од увидот на веб страниците на институциите се забележува дека дел од нив постапиле по ЗЗУ и правилниците и воспоставиле систем на заштитено внатрешно пријавување[13], но не ја

[12] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор,
Правилник за заштитено надворешно пријавување и
Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

[13] Назначено е овластено лице за прием на пријави од укажувачи, објавени се контакт податоци за овластените лица за прием на пријави од укажувачи, објавени се интерни процедури за заштитено внатрешно пријавување

исполниле обврската за известајност кон ДКСК, односно не ги доставеле потребните известувања. Ова говори дека имплементацијата на ЗЗУ е се уште на незадоволително ниво, а првенствено се должи на отсуство на политичка волја за воспоставување на ефикасен систем на заштита на укажувачите во институциите од јавниот сектор.

### *4.9.4. Известување за примени пријави од укажувачи*

Институциите во јавниот сектор имаат обврска да доставуваат полугодишни извештаи за прием на пријави од укажувачи, кои треба да содржат општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави, согласно членот 15 од ЗЗУ. Во Табела 10 прикажан е бројот на доставени извештаи до ДКСК по години.

Табела 10: Доставени полугодишни извештаи до ДКСК

| **Година** | ***Период*** | ***Институции од јавен сектор*** | ***Правни лица од приватен сектор*** | ***ВКУПНО*** |
|---|---|---|---|---|
| *2016* | *01.01-30.06* | *42* | *15* | *57* |
| | *01.07-31.12* | *20* | *9* | *29* |
| *2017* | *01.01-30.06* | *41* | *15* | *56* |
| | *01.07-31.12* | *39* | *9* | *48* |
| *2018* | *01.01-30.06* | *43* | *11* | *54* |
| | *01.07-31.12* | *52* | *10* | *62* |
| *2019* | *01.01-30.06* | *53* | *6* | *59* |
| | *01.07-31.12* | *во тек** | | |

** Институциите од јавниот сектор се должни во текот на месец јануари во тековната година да доставаат полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи за втората половина на 2019 година. Овие податоци ќе бидат прикажани во Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи во 2020 година*

Иако обврската за доставување на полугодишни извештаи не се однесува на субјектите од приватниот сектор, забележливо е дека одреден број, самоиницијативно доставуваат полугодишни извештаи.

Споредбата на податоците за доставените извештаи со податоците од Регистарот, укажуваат дека иако повеќе од институциите имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно пријавување, не ја исполниле обврска за доставување извештај до ДКСК од причина што немаат примено пријави од укажувачи.

Обврската за доставување на полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до ДКСК не ја исполнија ниту МВР, надлежните јавни обвинителства, Народниот

правобранител на РСМ и другите надлежни институции како институции кои вршат заштитено надворешно пријавување.

### *4.9.5. Анализа на примени полугодишни извештаи*

Во доставените полугодишни извештаи, институциите известија дека немаат примено пријава од укажувачи во однос на заштитено внатрешно пријавување. ДКСК во 2016, 2017 и 2018 година исто така нема примено пријави од укажувачи како за заштитено внатрешно така и за заштитено надворешно пријавување.

Само една институција од јавниот сектор во вториот полугодишен извештај за 2018 година известила за примени две пријави од внатрешни укажувачи

### *4.9.6. Постапување на ДКСК по примени пријави од укажувачи*

Изборот на новиот состав на ДКСК значително влијаеше на зголемување на довербата кај граѓаните во оваа институција така што голем број лица изразија интерес подетално да се запознаат на начинот и можности што ги обезбедува воспоставениот систем на заштитено надворешно пријавување во ДКСК.

Од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК, како и од нејзините членови, на разни начини преку директна комуникација на разни собири, работилници, конференции или преку дадени изјави во медиумите, кон јавноста беа презентирани бројни информации за начинот на кој ДКСК постапува по овие пријави. Ова имаше за резултат, за прв пат од донесување на ЗЗУ, доставување на значителен број на пријави од укажувачи во кои беа изнесени наводи за сомневања или сознанија за незаконски или недозволени поведенија во институциите каде што тие работат или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување на услуги или остварување на друг вид деловна соработка). Во периодот од 8 февруари заклучно со 31 декември 2019 година беа доставени вкупно **19** пријави. За споредба, во претходните години до ДКСКС немаше доставено ниту една пријава од укажувачи.

Стравот од последиците што укажувачите можат да ги трпат заради доставување на информации, но и зајакнатата доверба во ДКСК придонесе дел од укажувачите

- директно да се обратат до ДКСК и да доставаат пријави со наводи за сомнителни активности;
- изразија сомневање дека во рамките институции каде работат нема да се постапува по нивните пријави и
- јасно искажаа страв дека доколку пријават во нивните институции, против нив или нивно блиско лице ќе има штетни последици.

***Содржина на примените пријави***

Во поднесените пријави се содржани наводи со сомневање за незаконски, недозволени и неетички дејствија преземени од одговорните лица или од други службени лица во институциите каде што работат. Сите пријави доставени до ДКСК од укажувачите се за заштитено надворешно пријавување.

***Форма и начин на прием на пријавите***

Со Правилникот за заштитено надворешно пријавување  во институциите во јавниот сектор, укажувачот може да изврши заштитено надворешно пријавување усно на записник или писмено до овластено лице. Анализата на примените пријави од укажувачите покажа дека од 19-те вкупно примени пријави,

- седум се доставени во писмена форма лично на рака на овластеното лице во ДКСК;
- шест пријави во писмена форма се доставени преку пошта и
- шест пријави во писмена форма по електронската пошта на овластеното лице.

***Податоци за анонимност/ доверливост на укажувачите***

ЗЗУ го дефинира укажувачот како лице кое со добра намера врши заштитено пријавување, кое не е должно да ја докажува добрата намера и вистинитоста на она што го пријавува. На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира доверливост. Во однос на податоците за анонимност или доверливост, од 19-те примени пријави, девет пријави се доставени од доверливи укажувачи (нивниот идентитет е познат на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи), додека 10 пријави од анонимни укажувачи.

***Категорија на лицата кои се јавуваат во својство на укажувач***

Следејќи ја утврдената категоризација на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи  согласно член 2 став (3) од ЗЗУ:

- 14 укажувачи се лица кои имаат засновано работен однос во институцијата, односно правното лице за каде пријавува,
- еден укажувач бил кандидат за вработување во институцијата односно правното лице за каде пријавува и
- Четири укажувачи се лица кои користеле услуги во институцијата - правното лице за каде се пријавува.

### *4.9.7. Преземени дејствија*

Согласно ЗЗУ, институциите каде може се врши заштитено надворешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Постапувајќи согласно своите надлежности, овластеното лице за заштитено надворешно пријавување во ДКСК оформи предмети по кои поединечно изврши проценка на содржината на пријавите и донесе заклучоци за проверка на наводите содржани во истите како и утврдување на фактичката состојба. Заради тоа до други институции достави вкупно **48** барања за:

- надлежно постапување до различни институции да извршат проверка/контрола /надзор на финансиското работење / примената на законските прописи во пријавената јавна институција;
- прибирање податоци и информации до разни институции, (Министерството за внатрешни работи, Државниот управен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Државен инспекторат за урбанизам и градежништво, Државниот инспекторат за труд и други).

За дел од овие пријави, беше утврдено дека истите се во надлежно постапување на други институции за заштитено надворешно пријавување[14], но од причина што во нив (освен во МВР) не се воспоставени функционални системи за заштитено надворешно пријавување, ДКСК мораше да постапи во однос на проверка на наведените сомневања.

### *4.9.8. Статус на предметите и ефекти од постапувањата*

Заклучно со 31 декември 2019 година, постапувањето по сите 19 оформени предмети е во тек.

### *4.9.9. Преземање мерки за заштита на укажувачот*

Во **два** предмети укажувачите, покрај доставената пријава, дополнително доставија и Барање за заштита на укажувачот.

Имено, во еден предмет, од страна на овластеното лице во ДКСК, заради прибирање на податоци до Министерството за внатрешни работи беше упатено барање за надлежно постапување. Истовремено, раководното лице во институција каде работи укажувачот, по добиени информации го разоткрива идентитетот на укажувачот по што презема конкретно дејствие кон него и носи решение за прераспоредување на друго работно место оддалечено повеќе од 50 километри од претходното работно место. По приемот на решението, укажувачот до ДКСК достави барање за заштита на укажувач со кое побара да му се обезбеди заштита од ДКСК.

Постапувајќи согласно своите надлежности и членот 9 од ЗЗУ, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК побара:

[14] Член 5 од ЗЗУ: Заштитено пријавување укажувачот може да врши и со пријавување до: МВР, надлежното јавно обвинителство, ДКСК, Народниот правобранител на РМ или други надлежни институции односно правни лица

- од раководното лице на институцијата веднаш, а најдоцна во рок од 8 дена да се изјасни за причините за донесување на решение за мобилност. До ДКСК се уште не е доставен одговор и
- од надлежен инспекциски орган да изврши вонреден инспекциски надзор над постапката и да ги утврдат причините за донесување на решение за распоредување.

По преземаните мерки на ДКСК, раководното лице на институцијата го повлече решението за распоредување на укажувачот и го врати на претходното работно место. Во однос на вториот предмет, во фазата на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, укажувачот достави барање за обезбедување на заштита до ДКСК. Предметот се уште е во тек.

### *4.9.10. Право на судска заштита на укажувачот пред надлежен суд*

Во еден предмет, додека течеше постапката за проверка на наводите содржани во доставената пријава, укажувачот ја извести ДКСК, дека заради запазување на законските рокови за поведување на граѓански спор, поднел тужба до Основниот граѓански суд Скопје 1-Скопје, со барање за отстранување на последиците од преземено штетно дејствие или повреда на право заради заштитено пријавување. Судската постапка е во тек.

### *4.9.11. Јакнење на свеста за примена на ЗЗУ*

Во насока на јакнење на свеста и поголема информираност на јавноста за доставување пријави со наводи за сомневање за казниви, незаконски, недозволени или неетички постапувања за кои имаат разумно сомневање или сознание или за поставување прашања поврзани со практичната примена на Законот за заштита на укажувачите и правилниците што произлегуваа од него, ДКСК на својата веб страна[15] отвори фолдер *Заштита на укажувачи*, каде се објавени податоци за овластеното лице за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во ДКСК, адреса, телефон, електронска адреса. Во истиот фолдер содржани се бројни информации за законските и подзаконските акти кои се однесуваат на примената на ЗЗУ, Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи за 2016, Прирачникот за заштита на укажувачите, Стратегијата за промоција на системот за заштита на укажувачите во Република Северна Македонија усвоена во март 2019 година.

### *4.9.12. Одржани работилници и обуки*

Во текот на 2018 година во рамките на Генеричните обуки што ги спроведува Министерството за информатичко општество и администрација за административните службеници, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК одржа три обуки на

[15] https://www.dksk.mk/index.php?id=home

тема "Примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти во институциите од јавниот сектор", на кои учествуваа околу 80 административни службеници.

Во јули и декември 2019 година, претставници од ДКСК со свои презентации учествуваа на две работилници на тема "Јакнење на улогата на укажувачите во Република Северна Македонија" кои заеднички ги организираа ДКСК и Транспаренси Интернешнл-Македонија, проект на Герман Маршал Фонд на УСА и Амбасадата на Кралство Норвешка во Белград. На работилниците присуствуваа околу 50 овластени лица за прием на пријави од укажувачи од институциите од јавниот сектор и новинари кои се занимаваат со истражување на конкретни случаи на коруптивни или други незаконски поведенија.

Во рамките на воспоставената соработка со Проектот против економски криминал, кој се имплементира од страна на Советот на Европа, во рамките на Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција беа реализирани две обуки:

- Обука на обучувачи за имплементација на системот за заштита на укажувачи на обучувачи во октомври 2018 година,
- Обука на обучувачи за имплементација на системот за заштита на укажувачи на обучувачи во приватен сектор во март 2019 година.

На овие обуки, покрај вработени од ДКСК учествуваа претставници од институциите како од јавниот така и од приватниот сектор.

### 4.10. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер

Со Уставот на Република Македонија, како едно од основните права на граѓанинот од корпусот – „Граѓански и политички слободи и права“ е гарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите.

Тргнувајќи од начелото на јавност утврдено во ЗСКСИ, имајќи во предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на транспарентност на мерките и активностите кои ги презема ДКСК, со посебен професионален однос се пристапува кон предметите по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Така, во текот на 2019 година, до ДКСК беа поднесени 47 барања за пристап до информации од јавен карактер и по истите постапено е во законски утврдениот рок. Од вкупно поднесените 47 барања за пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено на 44 барања, а 3 барања се одбиени. По одбиените барања, подносителите не поднеле жалби до надлежната Агенција.

## 5. Активности за подобрување на ефикасноста и квалитетот во работењето

Со одредбите на член 119 од ЗСКСИ предвидено е подзаконските акти да се донесат во рок од шест месеци од именувањето на претседателот и членовите на ДКСК. За таа цел, по нивното именување, се пристапи кон планирање на активностите за изработка на подзаконските акти, стратешките, годишните планови и програми заради утврдување приоритети, рокови и обезбедување средства за реализација на законски предвидените надлежности.

### 5.1. Деловник *за работа на ДКСК*

Деловникот за работа е основен документ со кој поблиску се уредува начинот на работа и одлучување на ДКСК. Истиот е донесен на 05.03.2019 година, а потоа во август 2019 година е изменет и дополнет. Деловникот за работа е објавен на веб страната на ДКСК.

### 5.2. Стратешки план за период 2020-2022

Стратешкиот план на ДКСК е сеопфатен документ со кој беа утврдени приоритетните цели, мерките и активностите што треба да се преземат за реализација и креирање на соодветни политики со цел постигнување на истите.

Зајакнување на одлучната и неселективна борба со корупцијата и судирот на интереси и јакнење на интегритетот и независноста на институциите во насока на владеењето на правото и доброто управување е приоритет кој треба да се оствари преку реализација на Стратешкиот план во периодот од 2020 до 2022 е следниот.

Реализацијата на овој приоритет е планирано да се оствари преку исполнување на следниве **Стратешки цели**:

- Унапредување на системот за превенирање и спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- Донесување на основани и спроведливи одлуки на ДКСК;
- Подобрување на квалитетот на координацијата и соработката со органите на државната управа, јавните институции и граѓанските организации и
- Зајакнување на институционалниот капацитет на ДКСК.

Со Стратешкиот план планирани се ресурсите за реализација на наведените програми: потребниот број на вработени, потребните финансиски средства распределени во текот на годините 2020, 2021 и 2022 година.

## 5.3. Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите

Целта на оваа Стратегија е информирање и ангажирање на граѓаните во Република Северна Македонија, односно сите засегнати страни, за воспоставување ефикасен и ефективен систем на заштитено пријавување и заштита на укажувачите во земјата, како и да се охрабрат граѓаните да пријават случај на незаконски, недозволени или друго незаконито однесување, со користење на меѓународните практики и искуства. Изготвувањето на оваа Стратегија започна во 2017 година со експертска поддршка од Европската Комисија обезбедена преку ИПА 2012 Проект "Зајакнување на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупцијата". Како резултат на оваа активност, во март 2019 година ДКСК усвои „***Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите***".

Со оваа Стратегија со цел зголемување на јавната свест за укажувањето и информирање на граѓаните за правата и можностите предвидени со ЗЗУ, планирано е остварување на три цели:

- Спроведување на кампања за подигање на јавната свест за промовирање на позитивните аспекти на заштитеното пријавување и улогата на укажувачите,
- изработка и дистрибуција на памфлет за најдобрите практики, системи и процедури за заштитено пријавување и
- реализација на обуки за различни целни групи.

## 5.4. Искуства од примена на Законот за спречување на корупција и судир на интереси

Година што измина, покрај сериозниот предизвик што го постави пред ново избраниот состав на ДКСК во однос на примената на новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси, беше и година на оценка на решенијата содржани во него, нивната применливост, конзистентност со други закони, целовитост и прецизност. Одредени законски решенија се наметнаа како суштински проблеми кои на своевиден начин ја отежнуваа работата на ДКСК, а се однесуваат на следниве одредби:

### *5.4.1. Статус на постапките и актите на ДКСК*

Уште на самиот почеток на работата на ДКСК, се отворија сериозни дилеми за рамката во која ќе се постапува, односно дали оваа институција, по својот статус, која како државен орган е "*самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со овој закон...*" е ограничена, односно упатена на процесните закони, конкретно на Законот за општа управна Постапка - ЗОУП. Неспорно е дека во ЗСКСИ одредени постапувања делумно се уредени, а во некои тоа е

целосно усогласено со Законот за општата управна постапка[16]. Сепак, останува фактот дека во самиот ЗСКСИ нема упатна одредба со која директно би се повикувало на ЗОУП доколку во материјалниот закон не е уредено постапувањето.

Во дел од јавноста, посебно во дел од научните кругови, постои мислење дека актите кои ДКСК ги носи во своето постапување се управни акти, што упатува на целосна примена на ЗОУП. Основа за ваквото мислење произлегува од член 22 став1 од ЗСКСИ каде е уредено:

*„ Државната комисија,* ***одлуките*** *во вршењето на работите од својата надлежност, ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија“*

Поистоветувањето **на “одлука“** како синоним на акт со кое се завршува секое постапување на ДКСК со **“управен акт“**, се потврди како сериозен проблем особено во однос на ефикасното и ефективно работење на комисијата. Имајќи ги предвид надлежностите на ДКСК од член 17 точка 3, 4 и 8 по кои ДКСК покренува иницијативи пред надлежни органи, со кои не се оспорува или укинува одредено право, целосното упатување на примена на одредбите од ЗОУП во секое постапување на ДКСК сериозно се заканува да го парализира функционирањето на институцијата, но и да ја доведе во прашање суштината на нејзината функција.

Ваквото ограничување го доведува во прашање спроведувањето на превентивната улога на ДКСК, па оттаму **неопходно е да се прецизира** поимот “одлуките“ како синоним на акт со која се завршува секое постапување на комисијата, но и да се пропише можноста комисијата да дава препораки, насоки, мислења, што нема да бидат по својата суштина обврзувачки, но сериозно ќе влијаат на идното постапување на субјектите во системот.

### *5.4.2. Уредување на начинот на постапување на ДКСК по конкретни области*

Практиката покажува дека доколку одредено постапување е прецизно уредено во законот, со истото се обезбедува сигурност на странките во постапката што една институција ја води. Во рамките на ЗСКСИ, одредбите кои се однесуваат на Спречување на корупцијата во политиката и постапувањето во изборниот процес, како и Постапка за утврдување судир на интереси и даваат можност на ДКСК да ги презема дејствијата согласно така уредената постапка. Меѓутоа тоа не е случај при спроведување на други постапки. Од таа причина потребно е во ЗСКСИ, колку е тоа можно повеќе, да бидат пропишани постапувањата на ДКСК во спроведувањето на останатите надлежности.

Сферата на судирот на интереси и исклучивоста на ДКСК како надлежна за детектирање и санкционирање на состојбите, како што е видно од наодите презентирани во

[16] Членовите 32, 33, 34 и 35 од Закон за спречување на корупција и судир на интереси

точка 4.2. во овој Извештај, сериозно ги ангажираше ресурсите на институцијата во постапување по бројни наводи за влијанијата на политиката и носителите на јавните функции во постапките за вработување во јавниот сектор, за добивање на разни дозволи, јавни набавки и слично. Токму во постапувањето во конкретните предмети во оваа сфера воочени се недоречености и очигледна е потребата од попрецизно дефинирање на постапувањето на ДКСК.

Многу сериозна и оригинерна надлежност ДКСК е евидентирање, следење, проверка и испитување на имотната состојба и интересите на избраните и именувани лица. Иако законот обврзува бројни институции, по барање на комисијата, да ги дадат сите информации потребни за спроведувањето на оваа надлежност, искуството покажа дека постојните одредби го ограничуваат постапувањето на ДКСК. Имено, со испитувањето на имотот опфатени се само членовите на семејството[17], без можност да се вклучат и блиски лица[18]. Поради ова неопходно е до уредување на постапката од аспект на прецизно опишани дејствија и субјекти, но и проширување на опфатот на лица, од причина што во РСМ нема законско решение кое е пропишано испитување на потеклото на имот за сите физички лица.

### *5.4.3. Непрецизно дефинирани поими*

Јасното и прецизно утврдување на поимите во законите е предуслов за нивна правилна примена. Со ЗСКСК се направи обид за дефинирање на поимите, како што е "избрано или именувано лице", "службено лице", "блиски лица", "јавно овластување", "службена должност" и други, меѓутоа комплексноста на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, и умешноста на лицата за избегнување на било каква одговорност покажа дека има недореченост, неконзистентност во поимите, што ја ограничува ДКСК во своето постапување. Пример за ова е поимот „блиски лица".

Особено треба да се посвети внимание на Член 40 од ЗСКСК каде е уредено:

*„(1) Политичка партија или лице кое настапува во име на политичка партија не смее да врши влијание при вработување, распоредување и престанок на работен однос на службено лице.*

*(2) Државната комисија може од надлежниот орган да бара преиспитување или поништување на одлуката донесена спротивно на ставот (1) на овој член."*

---

[17] Член 8 став 3 од ЗСКСИ: Под поимот „семејство" во смисла на овој закон се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето од ставот (1) на овој член живее во заедничко домаќинство

[18] Член 8 став 4 од ЗСКСИ: Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Не постои дефиниција со кое ќе се уреди поимот *„лице кое настапува во име на политичка партија"*, ниту пак е предвиден начинот на кој ДКСК ќе постапува во рамки на став 2, посебно во услови кога не постојат прекршочни одредби за сторителите, со што овие одредби се во основа декларативни а практично неупотребливи.

### *5.4.4. Рокови за постапување*

Во член 22 став 6 од ЗСКСИ е предвидено дека ДКСК одлуките од своја надлежност за предметите за кои отпочнала постапка треба да ги донесе во рок од 60 дена од денот на отпочнување на постапката, освен ако со овој закон е поинаку утврдено. Ова значи дека освен за одлучување по предмети од областа на судир на интереси каде е предвиден рок од 30 дена, за сите други постапки (предмети од корупција, проверка на податоци од изјави за имотна состојба, проверка на имотна состојба) е предвиден рок од 60 дена за донесување на одлука.

Досегашното постапување на ДКСК покажа дека поради тоа што се уште не е исполнета законската обврска за електронско поврзување со институциите и обезбедување на потребните податоци на дневна основа, овие рокови се многу куси и не се доволни за ефикасно испитување и утврдување на фактичката состојба. Имено, ефективниот рок е 45 дена, бидејќи одговорните лица во институциите имаат рок од 15 дена до ДКСК да ги поднесат бараните податоци и документи. По анализа на доказите, често се јавува потреба од дополнително ангажирање на други институции – инспекторати за проверка на одредени постапки, или обезбедување документи од други институции. Дополнителното постапување го скратува времето за донесување на квалитетни одлуки, така што постои потреба од продолжување на законски утврдениот рок.

За да може ДКСК да го почитува рокот од 60 дена предвиден со Законот, неопходно е да се исполнат законските обврски кои се однесуваат на електронско поврзување со институциите, со што потребните податоци ќе се обезбедуваат на дневна основа и значително ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста на институцијата.

### *5.4.5. Антикорупциска проверка на легислативата*

Во точка 4.7. погоре, презентирани се активностите што ДКСК во текот на 2019 година ги презема со цел исполнување на надлежноста поврзана со антикорупциска проверка на законите, подзаконските акти и други општи акти. Деловникот за работа на Влада на РСМ предвидува антикорупциска проверка на предлог законите, со што добивање мислење од ДКСК стана задолжително за министерствата во **фазата на изработка на предлог законските решенија**. ЗСКСК не содржи одредби со кои се уредува начинот на постапување на државните органи во однос на издадените извештаи на ДКСК од спроведената АПЛ на постоечките закони, така што се доведува во прашање ефектот од спроведувањето на оваа надлежност. Од таа причина се наметнува потребата да се уреди начинот на кој државните органи ќе постапуваат во однос на имплементација на дадените препораки во извештаите од АПЛ и иницирање на измена на законските решенија.

Наведените слабости на ЗСКСИ влијаат врз неговата секојдневна примена од страна на ДКСК, придонесуваат за одолжување на постапките, преземените мерки и санкции за јавноста понекогаш делуваат несразмерни за направените дејствија или злоупотреби што

а крајот на денот влијае на ефикасноста на превентивните мерки, така и врз напорите за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

Во годината што измина ДКСК имаше огромен број на активности насочени кон зајакнување и зацврстување на своите позиции во земјата и во странство. Начинот на избор на членовите на овој состав на ДКСК, беше препознаен како добра основа за нов транспарентен и непристрасен начин на работа и придонесе, уште на самиот почеток, голем број институции, организации, здруженија како од земјата така регионални и меѓународни, да пристапат кон ДКСК и понудат своја соработка и покана за учество во разни проекти.

### 6.1. Соработка со граѓански организации и реализација на проекти

Во функција на градење на заеднички антикорупциски браник на јавниот интерес, ДКСК воспостави партнерски однос со невладиниот сектор, односно со граѓанските организации чии активности се насочени кон препознавање, обелоденување на корупцијата, но и кон јакнење на јавната свест за важноста на борбата против истата.

#### *6.1.1. Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата*

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата која е формирана од 16 граѓански организации[19], покрај другите активности и соработка со ДКСК, даде несебичен придонес и поддршка на ДКСК во процесот на изготвување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акционен план 2020-2024. Нивното долгогодишно истражување и следење на работењето на државните институции, препознавање на изворите и моделите на таквото однесување, имаше за резултат дефинирање на повеќе ризични области за генерирање на корупцијата во сферата на работење на јавните претпријатија и акционерските друштва формирани од државни и општински органи, поврзаноста на економијата со бизнисите, но и во сферата на медиумите.

[19] Асоцијација за демократски иницијативи, Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје, Истражувачки центар за граѓанско општество, Коалиција за правично судење, Македонски центар за меѓународна соработка, МОСТ, Метарморфозис, Охрид Институт, Транспаренси Интернешнал Македонија, *Транспарентност Македонија, Фондација Отворено општество – Македонија, Форум ЦСИД, Центар за граѓански комуникации, Центар за истражување и креирање политики, ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, Хелсиншки комитет за човекови права, SCOOP – Центар за истражувачко новинарство*

### *6.1.2. Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје ИДСЦС*

Проект: "Антикорупциска едукација на учениците во средните училишта"

По успешно искуство на развивање и имплементација на проектот "Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта" во периодот 2012 – 2014 година, ДКСК ја продолжи соработката со ИДСЦС и во 2019 година го разви проектот "Антикорупциска едукација на учениците во средните училишта". Во реализација на проектот се вклучени и Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието со финансиска поддршка од Холандската Амбасада во Република Северна Македонија. Резултати од реализација на проектот во 2019 година се: спроведено истражување на знаењето на учениците; изготвен прирачник за наставниците; изготвен прирачник за учениците; спроведена обука за наставниците во пилот училиштата низ Република Северна Македонија.

Проект: „Набљудување на успешноста на работата на ДКСК"

Во текот на 2019 година ИДСЦС започна со реализација на проектот за мониторинг на работата на ДКСК финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија. Главна цел на проектот е следење на активностите на ДКСК и донесените одлуки по предметите по кои постапува, а врз основа на различни сомневања за корупција и/или судир на интереси. Од досегашната реализација на проектот, изготвен е еден Извештај заснован на анализа на документи кои се јавно достапни на веб- страницата на ДКСК, со согледувања кои произлегуваат од резултатите на истражувачкиот пристап. Извештајот е јавно достапен на веб страната на Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата[20].

### *6.1.3. Транспарентност Македонија – ТМ*

Проект: „Следење на работата, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на ДКСК"

Во соработка со „Институтот за човекови права" и поддршка на Амбасада на Велика Британија во Република Северна Македонија, ТМ спроведува проект **„**Следење на работата, ефективноста,транспарентноста и одговорноста на Државната комисија за спречување на корупцијата**"** сличен на претходниот. Проектот ќе се реализира во периодот од јуни 2019 - март 2020 година, со цел преку сеопфатен пристап меѓу законските надлежности на институцијата, следење на работата и постигнувањата на ДКСК да се даде оценка за нејзината ефективност и транспарентност, по што ќе произлезат предлог -препораки за унапредување на состојбите. До декември 2019 година издадени се два квартални извештаи за следење на работата на ДКСК достапни на веб страната на Транспарентност Македонија[21].

[20] http://antikorupcija.mk/mk/record.php?id=1182&mv=4&fbclid=IwAR1NhsjcGV2-HUfOt8xvOb8s-5Me40q5Lv2cFMYJCocEF3MrPo22eAOjg9s
[21] http://www.transparentnost-mk.org.mk/sodrzina_detalno.aspx?id=300

Проект: „Проценка на ризични области и ризични точки при пријавување на имотната состојба"

Со финансиска поддршка од USAID, обезбедена е експертска помош во насока на исполнување на новите надлежностите на ДКСК од член 19 став 1 од ЗСКСИ, кој предвидува, покрај другото ДКСК да усвои годишен план за следење на имотна состојба и судирот на интереси врз основа на идентификувани ризици од корупција на одделни категории на субјекти и слично[22]. [23]. Во таа насока Транспаренси Интернејшнл Македонија изготви и до ДКСК достави „Методологија за проверка на имотната состојба на судиите" врз основа на утврдени ризични точки при пријавување на имотната состојба и детектирање на можностите за прикривање на имотната состојба. Врз основа на оваа Методологија, ДКСК ќе изврши избор на судии кои во текот на 2020 година ќе бидат опфатени со годишниот план за проверка на изјавите за имотна состојба.

Проект: „Ранливост на законската регулатива во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам"

Со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија, овој проект започна да се реализира во периодот од средината на 2019 и ќе трае до средината на 2020 година. Идејата за реализација на овој проект произлезе од големиот прилив на предмети во ДКСК со наводи за влијанија, непотизам, кронизам и клиентелизам при вработувањето, особено во јавните институции, но и генерално како резултат на ситуацијата во државата на истата тема. ДКСК ја утврди потребата од скенирање на огромниот број закони кои секој посебно го регулира вработувањето, унапредувањето и врз основа на утврдените ризични одредби да се иницираат соодветни измени на регулативата.

---

[22] (1) Државната комисија во последните три месеци од тековната година усвојува годишен план за наредната година за контролата на финансирањето на политичките партии и следење на имотна состојба и судирот на интереси, применувајќи пристап заснован на проценка на ризикот од корупција, при што е должна да ги земе предвид:

- податоците за идентификувани ризици од корупција согласно со анализата на ризик од корупција од членот 17 став 1 точка 17 од овој закон,
- податоците за ризикот на одделни категории на субјекти, одделни субјекти и други достапни податоци за субјектите и слично.

[23] (1) Државната комисија во последните три месеци од тековната година усвојува годишен план за наредната година за контролата на финансирањето на политичките партии и следење на имотна состојба и судирот на интереси, применувајќи пристап заснован на проценка на ризикот од корупција, при што е должна да ги земе предвид:

- податоците за идентификувани ризици од корупција согласно со анализата на ризик од корупција од членот 17 став 1 точка 17 од овој закон,
- податоците за ризикот на одделни категории на субјекти, одделни субјекти и други достапни податоци за субјектите и слично.

Проект: „ Етички кодекс за претседателот и членовите на ДКСК“

Во текот на 2019 година во соработка со Транспаренси Интернејшнл Македонија изработен е „Етички кодекс за претседателот и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата“ согласно специфичностите кои произлегуваат од нејзината работа. Истиот е усвоен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата и објавен на интернет страницата[24].

*6.1.4. Асоцијација за демократска иницијатива и Коалиција на здруженија на граѓани “Сите за правично судење“*

Проект: Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција

Проектот започна да се реализира од февруари 2019 на национално ниво и ќе се реализира во период од 30 месеци. Целта на овој проект е подобрување на работата на институциите со мандат за борба против организираниот криминал и корупцијата и со специфични проектни цели: подобрување на транспарентноста на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК); оценка на ефикасноста на Основниот суд Скопје 1, Скопје во постапувањето по случаи на организиран криминал и корупција и зголемување на довербата на јавноста во институциите кои имаат мандат за борба против организираниот криминал и корупција.

## 6.2. Соработка со меѓународни организации

Поддршката кон ДКСК не изостана и од меѓународната заедница, така што во текот на 2019 година со нивна директна поддршка беа остварени многу активности со кои се реализираа неколку многу важни надлежности на ДКСК.

*6.2.1. УСАИД – НМСИ*

Во текот на 2019 година во соработка и поддршка од УСАИД–НМСИ беа ангажирани домашни и странски експерти, со чија помош беше овозможена реализација на неколку важни надлежности на ДКСК предвидени со член 17 од ЗСКСИ, и тоа:

- Изработена е Национална стратегија за борба против корупција и судир на интереси за период 2020-2024 со акционен план за нејзино спроведување;

[24] https://dksk.mk/fileadmin/user_upload/2020/Etichki_kodeks_za_DKSK-20200206_comm.pdf

- Пропишан е единствен образец на изјавите за имотна состојба и судир на интереси[25];
- Извршена е проценка и изработена е техничка спецификација за софтверско решение со што ќе се обезбеди електронско поднесување на претходно наведените изјави (член 82 став 5), нивна проверка но и пристап до бази на податоци од други државни органи;
- Изработен е деловник за работа на ДКСК;
- Изработена е Функционална анализа како основа за подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот;
- Спроведени се три обуки за вработените на ДКСК во насока на јакнење на капацитетите преку тим билдинг;
- Во тек се активности во насока на развивање на стратешки комуникациски план и креирање на политика на ДКСК за социјални медиуми, дизајнирање на лого.

### *6.2.2. Совет на Европа IPA II*

На почетокот на 2018 година, од страна на МИОА беше презентирана Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, во која што се предвидуваат четири клучни области: креирање и развој на политики, јавна служба и управување со човечки ресурси, одговорност, отчетност и транспарентност и давање услуги и ИКТ- поддршка на администрацијата. Со стратегијата се даде посебно значење на ДКСК, и нејзините активности се предмет на поддршка преку ИПА II програмата.

Проект: ИПА II - Поддршка кон реформата на јавната администрација.

Поддршката која со овој проект се обезбедува кон ДКСК е насочен на 6 области:

- Зајакнување на капацитетите на ДКСК преку обуки и подобрување на организациската поставеност заради подобро реализирање на своите надлежности и развивање на соодветни ИТ алатки за подобрување на комуникацијата и мерењето на перформансите, транспарентноста и отчетноста на ДКСК;
- Промовирање на концептот на интегритет и негова имплементација на политичко и професионално ниво, вклучувајќи развивање на соодветни ИТ алатки за прибирање на податоци и мониторирање;
- Поддршка во имплементација на Законот за заштита на укажувачите и јакнење на свеста за позитивниот контекст на заштитата на укажувачите;
- Поддршка за развој и спроведување на кампањи за борба против корупција, кои ќе ја подигнат свеста во рамките на јавната администрација, деловната заедница, претпријатијата во државна сопственост и граѓанското општество за важноста на

[25] Обрзецот сеуште не е усвоен од ДКСК и ставен во употреба од причина што со член 82 став 5 од ЗСКСИ предвидено е изјавата за имотна состојба и интереси да биде поднесена во електронска форма. ДКСК не располага со потребно софтверско решение за нивно пополнување и обработка

етичкото однесување и интегритетот, како и на достапните алатки за спречување на корупција и судир на интереси;

- Надградба и интерконекција на имплементацијата на платформата за е-учење со Системот за управување со учењето (LMS) во рамките на МИОА и развој на лекции за интегритет, заштита од невистини, етика, корупција и судир на интереси со соодветен методолошки пристап и аудио-визуелна содржина за различни целни групи и
- Поддршка во процесот на Националната стратегија за спречување и репресија на корупцијата и конфликт на интереси во делот на развој на ИТ алатка за нејзино следење.

Период на имплементација на проектот е 24 месеци.

### *6.2.3. ТАИЕКС / TAIEX*

ТАИЕКС претставува инструмент за Техничка помош и размена на информации при Европската Комисија со која се поддржува јавната администрација во однос на приближувањето, примената и спроведувањето на Европското законодавство, како и во однос на олеснувањето на размената на најдобрите практики на ЕУ. Преку овој инструмент беа реализирани проектите:

- ✓ Поддршка и воведување во системот на заштита на укажувачи - размена на знаења, искуства и добри практики од земји со развиен систем на заштита на укажувачи
- ✓ „Антикорупциски мерки во образованието" со вклучени претставници на ДКСК и институции од образованието– Министерство за образование и наука, Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието и граѓанската организација ИДСЦС.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Средствата за работењето на ДКСК се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетската сметка број 020036004663719 што функционира преку Трезорскиот систем при Министерството за финансии како корисник на буџетот од прв ред.

Износот на средствата кои се планирани и реализирани во текот на 2017, 2018 и 2019 година се прикажани во Графикон 3.




**Графикон 3**

Разликите на планираните и реализираните средства во наведените години се должи на нефункционалност на ДКСК од мај 2018 година до февруари 2019 година, како и ограничувањето за располагање со средствата до мај 2019 година поради изборниот процес.

Во најголем дел планираните средства се наменети за исплата на плати и надоместоци на вработените. Во текот на последните три години, износот на планираните и реализираните средства од Буџетот според видот на расходи се прикажани во Табела 10.

Табела 10: Буџет и реализација на буџетот на ДКСК Во денари

| Година | Ставка | 40- Плати, даноци и придонеси | 42- Стоки и услуги | 46- Трансфери | 48- Капитални расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | Буџет | 22,263,000 | 12,000,000 | 110,000 | 1,230,000 | 35,603,000 |
| | Реализација | 21,703,341 | 5,142,837 | 30,516 | 0 | 26,876,694 |
| | Реализација на ставка во % | **97.49%** | **42.86%** | **27.74%** | **0.00%** | **75.49%** |
| 2018 | Буџет | 19,500,000 | 6,800,000 | 110,000 | 730,000 | 27,140,000 |
| | Реализација | 16,348,702 | 4,231,544 | 109,540 | 198,939 | 20,888,725 |
| | Реализација на ставка во % | **83.84%** | **62.23%** | **99.58%** | **27.25%** | **76.97%** |
| 2017 | Буџет | 21,000,000 | 8,500,000 | 0 | 600,000 | 30,100,000 |
| | Реализација | 20,842,229 | 6,591,749 | 0 | 350,079 | 27,784,057 |
| | Реализација на ставка во % | **99.25%** | **77.55%** | **0** | **58.35%** | **92.31%** |

Од презентираните податоци се забележува дека со најголема реализација е ставката за Плати, даноци и придонеси, а најмалку за капитални расходи. Анализирајќи ги податоците подетално во однос на учество на одделни расходи во вкупно потрошените средства во последните три години, се доаѓа до заклучокот дека освен за исплата на плати и режиски трошоци: телефони, електрична енергија, комунални услуги и т.н., во текот на последните три години во ДКСК не се инвестирани средства за унапредување на функционалните капацитети: опрема, софтвери, простории и слично.

Во Графикон 4 прикажана е структурата на реализираните расходи на ДКСК во 2017, 2018 и 2019 година.




**Графикон 4**

Имајќи ги во предвид зголемените надлежности доделени на ДКСК со новиот закон, во текот на 2019 година беа преземани низа активности со цел да се обезбедат услови за исполнување на надлежностите. Во точка 4.5.1. во овој Извештај се наведени активностите на ДКСК во насока на обезбедување софтверски решенија со кои ќе се опфати најголемиот дел од редовното работење на ДКСК. Предуслов за реализација на овој голем проект беше инсталирање на компјутерската опрема, која преку ИПА фондовите на Европската Унија е обезбедена за потребите на ДКСК во 2018 година. Со проектот беа одобрени средства во износ од 670.000 евра. Поради несоодветните просторни услови, до февруари 2020 година, оваа опрема е сместена во Министерство за правда. За обезбедување функционалност на опремата, од моментот на именување на новиот состав на ДКСК, во постојана комуникација со Владата на РСМ, Службата за општи и заеднички работи при Владата, како и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката, беа преземани низа мерки и активности за изнаоѓање трајно решение и обезбедување на соодветен деловен простор, но истиот не се реши до крајот 2019 година.

Буџетот на ДКСК за 2019 година по неговиот ребаланс е утврден во износ од 35.603.000 денари. Во Табела 11 прикажана е распределбата на средствата по намени и реализацијата на буџетот.

**Табела 11: Буџет и реализација на Буџетот на ДКСК за 2019 година** **во денари**

| Ставка | Буџет | Реализација | Неискористени средства | Реализација на буџет во % |
|---|---|---|---|---|
| 401 – Основни плати | 16,113,000 | 15,722,861 | 390,139 | 97.58 |
| 402–Придонеси за социјално осигурување | 6,150,000 | 5,980,480 | 169,520 | 97.24 |
| **40-Плати и надоместоци** | 22,263,000 | 21,703,341 | 559,659 | 97.49 |
| 420 – Патни и дневни расходи | 2,500,000 | 595,351 | 1,904,649 | 23.81 |
| 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2,400,000 | 1,747,274 | 652,726 | 72.80 |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | 900,000 | 313,587 | 586,413 | 34.84 |
| 424 – Поправки и тековно одржување | 500,000 | 51,260 | 448,740 | 10.25 |
| 425 – Договорни услуги | 4,800,000 | 1,877,894 | 2,922,106 | 39.12 |
| 426 – Други тековни расходи | 900,000 | 557,471 | 342,529 | 61.94 |
| **42- Стоки и услуги** | 12,000,000 | 5,142,837 | 6,857,163 | 42.86 |
| 464 – Разни трансфери | 110,000 | 30,516 | 79,484 | 27.74 |
| **46- Трансфери** | 110,000 | 30,516 | 79,484 | 27.74 |
| 480 – Купување на опрема и машини | 500,000 | | 500,000 | 0.00 |
| 481 – Градежни објекти | 300,000 | | 300,000 | 0.00 |
| 482 – Други градежни објекти | 30,000 | | 30,000 | 0.00 |
| 483 – Купување на мебел | 100,000 | | 100,000 | 0.00 |
| 485 – Вложувања и нефинансиски средства | 300,000 | | 300,000 | 0.00 |
| **48-Капитални расходи** | 1,230,000 | 0 | 1,230,000 | 0.00 |
| **Вкупно:** | **35,603,000** | **26,876,694** | **8,726,306** | **75.49** |

Исплатените плати, даноци и придонеси од плати се однесуваат за месечните плати на 22 државни службеници, седум избрани членови на комисијата и апанажа за едно лице од претходниот состав на Комисијата.

Најголем износ на средства се потрошени за секојдневното функционирање на Комисијата односно за плаќање на: договорни услуги за ангажирање на две надворешни лица за одржување на ИТ опремата и софтверот со кои располага ДКСК, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, патувања во странство за присуство на меѓународни

конференции, пошта, телефон, интернет, услуги за превод на материјали, копирање, печатење и издавање, осигурување на недвижности, , членарина во Меѓународна организации и слично.

Видно е дека капиталните расходи имаат процент на реализација 0%. Ова произлегува од обврските што Владата на РСМ, СОЗР и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката ги преземаа за изнаоѓање трајно решение до крајот на 2019 година на ДКСК да и се обезбеди соодветен простор, поради што не беа направени вложувања во постојниот објект. Од друга страна, зголемувањата на вработените одеше со мала динамика, така што немаше потреба од набавки на нова канцелариска опрема.

Во мај 2019 година беше донесен план за јавни набавки, кој во август беше дополнет. За реализација на планираните набавки, беа предвидени средства во износ од 8.880.000 денари. Од планираните 19 набавки, во текот на 2019 година беа реализирани осум постапки, од кои набавката на авио-билети е остварена преку СОЗР, а за останатите седум набавки, склучени се договори во износ од 1.342.472 денари кои ќе бидат исплатени во текот на 2020 година.

Врз основа на договор Управата за јавни приходи секоја година внатрешна ревизија на работењето на ДКСК. Во текот на 2019 година беше извршена ревизија на спроведените препораки дадени со ревизијата на Пресметување на плати и други надоместоци во ДКСК за период од 01.01 до 31.12.2016 година. Констатирано е дека од дадените шест препораки спроведени се пет, а една не може да се спроведе поради промена на состојбите.

## 8. Заклучоци

Годината што измина е прва година од функционирањето на новиот состав на ДКСК избран на 08.02.2019 година согласно новиот Закон за спречување на корупција и судир на интереси што стапи на сила на 19.01.2019 година.

Зголемените и зајакнати ингеренции на ДКСК, ги зголеми и очекувањата на јавноста дека се зајакнати инструментите и потребните предуслови за поефикасна превенција и борба против корупцијата во услови кога земјата се соочува со широко распространета корупција во сите сегменти од општественото живеење, но и со слабата ефикасност на институциите во нејзиното откривање и санкционирање, што е долгорочен проблем на земјата.

Во 2019  година до ДКСК беа доставени значителен број на пријави од физички и правни лица, здруженија, институции во кои се укажува на бројни повреди на закони, процедури, но и на злоупотреби на функциите и јавните овластувања. Постапувајќи по предметите оформени врз основа на доставени пријави, но и по сопствена иницијатива, ДКСК воочи бројни слабости во законите и нивна злоупотреба, особено при  вработувања во јавниот сектор по принцип на влијанија (партиски, роднински, пријателски), злоупотреба на функции и овластувања при издавање разни дозволи, одобренија, договори, создавање услови за фаворизирање на лица и компании и слично. При изработката на Националната Стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2020-2024 ова беше основен концепт за креирање на превентивни мерки и алатки во сферите каде беа утврдени овие системски слабости.

Со оглед на наследениот недостиг на доверба на институцијата во очите на јавноста, нејзината затвореност и недоволна отчетност, новиот состав на ДКСК посвети особено внимание и простор за зајакнување на соработката со граѓанските организации кои ги следат процесите и работењето на институциите и државата во целина и кои силно укажуваат на потенцијалните случаи на корупција, но и на соработката со меѓународни организации, иницијативи  и асоцијации со цел размена на практики и искуства и нивна примена во работењето. Исто така во годината што измина ДКСК воспостави продлабочена соработка со институциите кои се партнери во превенцијата и борбата против корупцијата, пред се со Јавното обвинителство, Финансиска полиција, УЈП, МВР, ДИК и ДЗР.

Во текот на 2019 година ДКСК пристапи кон изготвување на основните подзаконски акти за подобрување на своето работење, но и на годишни и среднорочни планови и стратегии кои како обврска за тековното работење произлегуваат од други закони: буџетирање, сметководство, јавни набавки, вработување.

ДКСК се соочи и со низа сериозни предизвици во остварувањето на надлежностите, што во крајна линија влијаеше и врз ефектите од нејзиното постапување:

1. Во секојдневната примена на материјалниот закон, ЗСКСИ, произлегоа слабостите од не прецизно дефинираниот статус на институцијата, нејасни дефиниции на одредени поими, не прецизирани постапки итн.
2. Ефикасноста на решавање на предмети не беше целосно остварена на ниво на еквивалентност на примени и решени предмети: за оваа состојба од една страна придонесе огромниот број на доставени пријави и неселективниот пристап на ДКСК за постапување по предметите. Од друга страна ДКСК немаше и сеуште нема развиено методолошки, односно функционален систем на постапување што ќе овозможи насочување на ресурсите кон спречување и ефикасно детектирање на корупцијата, иницирање постапки пред надлежниот органи, ниту пак имаше на располагање софтверски алатки за ефикасно работење.
3. На ДКСК не и беа обезбедени соодветни просторни услови и сервер сала за ставање во функција на доделената ИТ опрема ниту доволно финансиски средства за развивање на неопходните софтверски решенија за обезбедување пристап до базите на податоци на 17 други институции согласно законот, и за електронско поднесување за Изјавата за имотна состојба и интереси.
4. Бројот на вработените во Секретаријатот на ДКСК е мал и години station наназад не било посветено внимание на негово зголемување и унапредување.

Сепак, оцена на членовите на ДКСК е дека, и покрај сите предизвици и проблеми со кои се соочија во текот 2019 година, генерално првата година од работењето на овој состав е успешен почеток. Приоритет за наредниот период е натамошно зајакнување на ефикасноста на работењето на ДКСК со целосно искористување на расположливите капацитети, зајакната меѓу институционална соработка и поддршка како и развивање на неопходните софтверски решенија за електронски пристап до бази на податоци кои се водат во други органи и институции.

## 9. Препораки

Во насока на подобрување на целокупното работење и зголемување на ефектите од работа на ДКСК, неопходно е во наредниот период да се преземат одредени мерки и активности кои ќе придонесат за нејзино подобро функционирање. Спроведувањето на конкретни мерки и активности не се задача само на ДКСК, туку и на други институции. Во тој контекст ги предлагаме следниве препораки:

ДКСК во наредниот период да иницира постапки за вработување во рамки на расположливите средства врз основа на новите акти за внатрешна организација и систематизација на вработените во ДКСК. Да се изработи методологија за утврдување критериуми врз основа на кои ДКСК ќе иницира постапки за ефикасно детектирање на корупцијата и иницирање кривичен прогон или друг вид одговорност, како и утврдување критериуми за водење постапки врз основа на доставени пријави со сомнежи за коруптивно однесување. Да се започне постапка за формирање мрежа од надворешни експерти од одредени области со цел стручна поддршка при постапувањето по предмети.

Собрание на РСМ и Министерство за правда врз основа на утврдените слабости на Законот за спречување на корупција и судир на интереси (точка 5.4. во овој Извештај), да иницираат измени и дополнувања на законот заради надминување на наведените слабости. Да се земат во предвид предложените препораки во Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи за 2019 година, кој е составен дел на овој Извештај. Да се земат прдвид препораките кои произлегуваат од спроведената антикорупциска проверка на легислативата кои се дадени во Прилог 4 кон овој Извештај.

Влада на РСМ да изнајде начин за трајно решавање на проблемот со деловен простор на ДКСК, кој ќе значи и реализација на други проекти. Да се обезбеди средства за зголемување на бројот на вработените и ангажирање на надворешни експерти. Да се обезбедат средства за финансирање на софтверското решение кое ќе овозможи поврзување на ДКСК со база на податоци со други институции согласно законот, електронско поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси, и други модули за тековно работење на ДКСК.

# 10. Прилози

| | |
|---|---|
| Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата | Прилог 1 |
| Иницијатива пред надлежни органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица | Прилог 2 |
| Преглед на постапки по сопствена иницијатива поврзани со непотизам при вработувања | Прилог 3 |
| Извештаи од антикорупциска проверка на легислативата | Прилог 4 |
| Завршна сметка за 2019 | Прилог 5 |

**Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата**

**ПРИЛОГ 1**

| Реден број | Име и презиме на службеното лице | Функција која ја врши | Основ за поведување на постапка | Доставена иницијатива до | Постапувања на надлежниот орган |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | проф. д-р Никола Јанкуловски | Ректор на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" | Пријава од познат подносител<br><br>Постоење основано сомневање дека во својство на раководно лице -ректор на Универзитетот, свесно непреземал дејствија за ставање во мирување на неговиот работен на Клиника за дигестивна хирургија при Универзитетските клиники во Скопје. Како резултат на тоа, овозможено е примање на плата од клиниката и надоместоци од Ректоратот сметано од 2016 година кога стапил на функцијата, поради што сторил злоупотреба на службената положба и овластување, несовесно работење во службата | 1. До ОЈО Скопје - иницијатива за кривично гонење на службено лице;<br><br>2. Барање до проф.д-р Никола Јанкуловски за ставање во мирување неговиот работен однос на работно место Раководител на Оддел за дигестивна хирургија на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија | 1. ОЈО ја отфрли иницијативата на ДКСК како неоснована<br><br>2. Согласно Законот за управните спорови, проф. Д-р Никола Јанкуловски против Барањето за ставање во мирување на неговиот работен однос на Универзизтетската клиника за дигестивна хирургија поднесе тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија.<br>Управниот суд на РСМ донесе Пресуда со која ја уважи тужбата на тужителот - Ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" проф. д-р Никола Јанкуловски, Барањето за преземање дејствија за ставање во мирување на неговиот работен однос на Универзизтетската клиника за дигестивна хирургија го поништи и предметот беше вратен на повторно одлучување од ДКСК. |
| 2 | д-р Зоран Караџов | в.д. Директор на Клиника за дигестивна хирургија | Пријава од познат подносител<br><br>Постоење на основано сомневање дека во својство на директор не преземал активности согласно со член 178 став 1 од Законот за здравствена заштита,член 151 од Законот за работните односи и член 53 став 3 од Законот за високото образование за ставање во мирување на работниот однос на проф. д-р Никола Јанкуловски од времето на стапување на должноста Ректор на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје; | 1. До ОЈО Скопје - иницијатива за кривично гонење на службено лице;<br><br>2. Барање до ВД Директорот на Клиниката за дигестивна клиника д-р Зоран Караџов за ставање во мирување на работен однос на проф. д-р Никола Јанкуловски на работно место Раководител на Оддел за дигестивна хирургија на Универзитетската клиника за дигестивна хирургија;<br><br>3. Барање до инспекциските служби за вршење на вонреден инспекциски надзор во сите останати државни универзитети во Република Северна Македонија со цел утврдување на вакви или слични состојби | 1. ОЈО сеуште се нема произнесено по иницијативата.<br><br>2. ВД Директорот д-р Зоран Караџов нема постапено по барањето за ставање во мирување на работниот однос на проф.д-р Никола Јанкуловски.<br><br>3. Извештај од инспекциски служби дека и во другите државни универзитети постојат вакви и слични ситуации, поради што ДКСК оцени дека во наредниот период потребно е да се предложат измени и дополнување на Законот за високото образование со цел надминување на вавките и слични ситуации. |

**ПРИЛОГ 1**

| Реден број | Име и презиме на службеното лице | Функција која ја врши | Основ за поведување на постапка | Доставена иницијатива до | Постапувања на надлежниот орган |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Блерим Беџети | градоначалник на општина Сарај | Сопствена иницијатива на ДКСК по допрен глас од медиуми<br><br>Сомневање за злоупотреби и незаконско работење на градоначалникот и други одговорни лица во општина Сарај, а се однесуваат на овозможување на работење на нелегално поставени времени објекти на езерото Матка, и непреземање мерки за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти согласно Законот за градење. | 1. До ОЈО Скопје - иницијатива за кривично гонење на службени лица; | 1. ОЈО постапува по доставената иницијатива |
| 4 | Љуљзим Џемаили | в.д. Директор на Државниот студентски дом "Томе Стефановски - Сениќ" Скопје, | По доставена пријава со наводи за сомневање дека во својство на одговорно лице и работоводен орган при располагањето со средствата на Државниот студентски дом не обезбедил законито користење и заштита на средствата сопственост на јавната установа, придонел за недомаќинско располагање со имотот и сметката на државниот студентски дом,а на штета на установата и на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија. | 1. До ОЈО Скопје - иницијатива за кривично гонење на службено лице; | 1. ОЈО сеуште се нема произнесено по иницијативата. |
| 5 | Добре Јанчев и други службени лица | Генерален секретар и вработени во Државна изборна комисија | По доставена пријава со наводи за постоење сомневања за сторени неправилности и незаконитости од службени лица при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки за изработка и печатење на доверлив изборен материјал и избирачки список во Република Северна Македонија во изборните процеси во 2016, 2017 и 2019 година, и спроведениот реферeдум во 2018 година. Постапките не е спроведени во согласност Закон за јавни набавки, кој што е во важност во дадениот период | 1. До ОЈО Скопје - иницијатива за кривично гонење на службено лице; | 1. ОЈО сеуште се нема произнесено по иницијативата. |
| 6 | Рамиз Мерко | градоначалник на општина Струга | Сопствена иницијатива на ДКСК по допрен глас од медиуми<br><br>Сомневања за злоупотреба на службената положба и овластување за набавка на три автомобили и луксузен автомобил марка "Ауди А6. Набавката е извршена во услови на ограничено располагање со буџетот на општината поради повеќегодишна блокада на сметката на општината заради неплаќање на своите обврски. Основаното сомневање е поткрепено со наодите од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет на општина Струга со број 13-114/10 од 04.10.2019 година објавен на веб страната на ДЗР | 1. До ОЈО Струга - иницијатива за кривично гонење на службено лице; | 1. ОЈО сеуште се нема произнесено по иницијативата. |

**Иницијатива пред надлежни органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица**

**ПРИЛОГ 2**

| Реден број | Име и презиме на службеното лице | Звање на службеото лице | Основ за поведување на постапка | Доставена иницијатива до | Постапувања на надлежниот орган |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кочо Анѓушев | Заменик на Претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања | Основано сомневање дека заменик претседателот не постапил согласно член 72 став 1 - член 73 став 1 , член 75 став 1 од ЗСКСИ, односно не се иземал во процесот на донесување на Одлука на Владата на Р.Северна Македонија за времено укинување на царината на литиум-јонски електрични акумулатори, од причина што увозот на овие литиум-јонски електрични акумулатори е директно поврзано со производството на неговата фирма ДПТУ БРАКО ДОО Велес, односно вршењето на работите од јавен интерес го искористил за остварување лична корист. | Иницијатива до Владата на РСМ за поведување постапка за утврдување на одговорност на Заменик на Претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања | До ДКСК е доставено Известување од Влада на РСМ од 27.12.2019 година во кое се наведува дека во конкретниот случај, според Влада на РСМ, не постои фактички и правен основ за поведување на постапка на можна политичка или друг вид на одговорност на Заменикот на Претседателот на Владата на РСМ, Кочо Анѓушев. |
| 2 | проф. д-р Никола Јанкуловски | Претседател на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија | Сомневање за незаконитости во работењето на Интеруниверзитетска конференција на РСМ како јавно правно тело и тоа во постапката за избор на членови на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, Одборот на акредитација и Одборот за евалуација, спроведена врз основа на Јавен повик од 06.02.2019 година. | Барање до Министерот за образование и наука како надлежен орган за вршење надзор над законитоста на работењето на високообразовните установи:<br>1. Да спроведе постапка за поништување на донесените Одлуки за избор на предлог членовите и членовите на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, Одборот на акредитација и Одборот за евалуација;<br>2. Да ги поништи сите акти донесени од страна на постојниот состав на Интеруниверзитетскатаконферncија на РСМ и<br>3. Да иницира нова постапката за конституирање на нов состав на Интеруниверзитетската конференција на РСМ согласно Законот за високото образование | Постапката пред ресорното министерство е во тек |
| 3 | Горан Трајковски | Градоначалник на општина Делчево | Поведување постапка за поништување на одлука за избор на кандидат по јавен оглас бр. 84/2018 на градоначалникот за вработување на лицето Владимир Мерзликин, партиски активист и негов близок роднина спротивно на член 104 од Законот за работните односи, членот 3 став 2, членот 63 и членот 67 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно незаконско вработување на лице со навршени 64 години и 6 месеци, односно исполнувал услови за остварување на право на старосна пензија. | Иницијатива до Државен управен инспекторат за поништување на одлука | Државниот управен инспекторат има донесено решение со кое се задолжува градоначалникот да го прекине работниот однос со административниот службеник.<br><br>Градоначалникот постапил по решението на ДУП и лицето е одјавено во Центарот за вработување-Делчево. |
| 4 | Љупчо Тренчовски | Инспектор за труд од областа на работни односи за подрачјето Делчево | Постапувајќи по предмет оформен по пријава во која се укажува на неправилности во постапката за вработување во администрацијата на општина Делчево (вработено е лице кое ги исполнува условите за пензија), ДКСК достави барање до Државниот трудов инспекторат за вонреден инспекциски надзор над постапката. Од страна на Инспекторатот беше доставен записник, за кој ДКСК најде дека инспекторот не ги оценил сите релевантни факти и околности и не ја утврдил фактичката состојба во конкретниот случај. | Инспекциски совет на РСМ: барање за поведување на постапка за преиспитување на наодите утврдени од инспекторот, а поради погрешно утврдена фактичка состојба | Покрената дисциплинска постапка против инспекторот поради погрешно утврдена фактичка состојба при инспекциски надзор над вработување во Општина Делчево, а по барање на ДКСК |
| 5 | Анета Јоновска | директор на ООУ "Пере Тошев", с.Сирково, Росоман | Постапувајќи по предмет оформен по пријава во која се укажува на сомневање за неправилности во постапка за вработување на 1 лице на работно место наставник по физичко и здравствено образование на определено работно време во ООУ "Пере Тошев" с.Сирково, Росоман, по по објавен јавен оглас. На огласот се пријавиле двајца кандидати, при што е избран кандидатот кој немал положено стручен испит. Директорот на училиштето го искористил своето дискреционо овластување и извршил избор на кандидат кој не ги исполнил условите барани во огласот. | Иницијатива до градоначалник на општина Росоман и Советот на општина Росоман за утврдување одговорност на директорот и членовите на училишниот одбор во постапката за вработување | Градоначалникот и Советот на општина Росоман не поведуваат постапка за утврдување на одговорност на наведените лица поради не постоење основ за нивна одговорност |
| 6 | членови на Училишниот одбор | ООУ "Пере Тошев", с.Сирково, Росоман | | | |

**ПРИЛОГ 2**

| Реден број | Име и презиме на службеното лице | Звање на службеото лице | Основ за поведување на постапка | Доставена иницијатива до | Постапувања на надлежниот орган |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Сунај Мазљами | в.д. директор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Гостивар | Користејќи ги овластувањата како в.д. директор, не донел Програма за потребите од специјалистички и суспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи за 2018 година, поради што не обезбедил финансиски средства за реализирање на специјализациите, односно суспецијализациите од средствата на здравствената установа, со цел одредено лице да не се стекне со можноста за специјализација | Иницијатива до министерот за здравство за поведување постапка за утврдување на одговорност на в.д.директорот | Со решение на Министерот за здравство лицето Сунај Мазљами е разрешен од вршител на должноста директор на ЈЗУ Здравствен дом-Гостивар. |
| 8 | д-р Мирјанка Ефремова | ВД Директор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Кратово | Постапување спротивно на одредбите на член 141 и член 149 од Законот за здравствена заштита во постапка за избор на кандидати за упатување на здравствени работници на специјализација по Офталмологија за 2019 година спроведена во ЈЗУ „Здравствен дом“ Кратово, во врска со јавен оглас, објавен на ден 02 јули 2019 година од Медицински факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" Скопје, за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација и суспецијализација на здравствени работници со високо образование за 2019 година | Иницијатива до Министерот за здравство за поведување постапка за утврдување на одговорност на:<br>1. д-р Мирјанка Ефремова в.д. Директор и<br><br>2. Радица Страхилова - претседател на УО на ЈЗУ | 1. Постапката пред ресорното министерство е во тек<br><br>2. Доставено е известување до ДКСК дека на седницата на Владата на РСМ одржана на 03.12.2019 г, постапено е по Иницијативата на ДКСК и донесено е Решение за разрешување на лицето од должноста член на Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ во Кратово. |
| 9 | Радица Страхилова, | Претседател на Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Кратово, | | | |

**Преглед за избрани и именувани и службените лица кои извршиле влијание при вработување на нивни блиски лица**

**Прилог 3**

| Реден број | Име и презиме на вработено лице | Вработен во институција | Сродство со службено лице | Службено лице | Преземани мерки и активности | Постапувања од институции и лица | Статус на предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Ременски | ЕЛЕМ | внук | Фросина Ременски - пратеник | ДКСК нема елементи за надлежно постапување | Фросина Ременски достави нотарска заверена изјава дека со Зоран Ременски не се блиски лица во смисла на член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси | затворен |
| 2 | Назим Хани | ЕЛЕМ | син | Такир Хани - заменик генерален секретар на Влада на РСМ | по барање,до ДКСК доставена е потребна документација, анализата е во тек | | во тек |
| 3 | Влоре Бектеши | МЕПСО | сестра | Крешник Бектеши - министер за економија | 1. Доставена иницијатива до Надзорен одбор на МЕПСО за утврдување на одговорност на директорот;<br>2. Доставено известување за констатираните повреди до Влада на РСМ. | 1. Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директорот;<br>2. Владата на РСМ го разреши директорот на МЕПСО. | затворен |
| 4 | Нертила Усеини Каба | ЕЛЕМ | шурнаја | Крешник Бектеши - министер за економија | ДКСК нема елементи за надлежно постапување | | затворен |
| 5 | Виктор Стојчевски | ЕЛЕМ | син | Мира Стојчевска - пратеник | 1. Доставена иницијатива до НО за утврдување на одговорност на директорот;<br>2. Доставено известување до Влада на РСМ за констатираните повреди, | 1.Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директорот;<br>2. Владата го разреши директорот на ЕЛЕМ.<br>3. Виктор Стојчевски даде отказ од работа | во припрема одлука за затворање на предмет |
| 6 | Бесија Џафери | ЕЛЕМ | ќерка | Талат Џафери - претсеател на Собрание на РСМ | Не се утврдени наводи за влијание при вработување | | затворен |
| 7 | Цветан Велевски | РЕК Битола | брат | Мира Стојчевска - пратеник | Не се утврдени наводи за влијание при вработување. Вработувањето е за период од три месеци | На лицето работниот однос му престанал на 28.02.2019 година со Спогодба за престанок на работен однос | затворен |
| 8 | Хидоете Алили | ЕЛЕМ | сестра | Асаф Адеми - министер за култура | 1. Доставена иницијатива до НО за утврдување на одговорност на директорот;<br>2. Доставено известување до Влада на РСМ за констатираните повреди | 1.Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директорот;<br>2. Владата го разреши директорот на ЕЛЕМ. | во припрема одлука за затворање на предмет |
| 9 | Љубислав Несторовски | ЕЛЕМ | сопруг | Магдалена Несторовска - државен секретар во МВР | НО за утврдување на одговорност на директорот;<br>2. Доставено известување до Влада на РСМ за констатираните повреди, | 1.Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директорот;<br>2. Владата го разреши директорот на ЕЛЕМ. | во припрема одлука за затворање на предмет |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Борче Поповски | ЕЛЕМ - ФОД ДООЕЛ Новаци | татко на сопругата | Александар Кирацовски-пратеник | 1. Доставена иницијатива до НО за утврдување на одговорност на директорот;<br>2.Доставено известување за констатираните повреди до Влада на РСМ. | 1.Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директорот;<br>2. Владата го разреши директорот на ЕЛЕМ. | во припрема одлука за затворање на предмет |
| 11 | Бојан Вељановски | ЈП Македонски шуми ПЕ Македонски Брод | син | Директор на Македонски шуми – Македонски Брод Слобода Вељаноски | Доставено барање за податоци до ЈП Македонски шуми. Пристигната информација,анализата е во тек. | | во тек |
| 12 | Илјо Стојчевски | Шумска полиција | сопруг | Мира Стојчевска - пратеник | Не се утврдени наводи за влијание при унапредување | Лицето се повлече од новото работно место | затворен |
| 13 | Катерина Котевска | УЈП | сопруга | Ѓоко Котевски - директор на КПД Идризово | 1. Доставен допис до Надзорен одбор на УЈП за утврдување одговорност на директорот;<br>2. Доставен допис до министер за финансии (на предлог на министер, директорот на УЈП го именува Влада на РМ) за образложување на потреба од вработувања преку Агенција за времени вработувања; | 1. Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директорот;<br>2. Оговор од МФ дека немаат надлежност за контрола на привремени вработувања во УЈП. | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 14 | Катерина Хаџиевска Јакимовска | Инспектор за игри на среќа во УЈП | Сестра | Тања Ковачева - пратеник | | | |
| 15 | Фанија Костадинова | ЦРРМ | мајка | Костадин Костадинов - пратеник | 1.Доставена иницијатива до НО за утврдување одговорност на директорот; | 1. Одговор од НО: не е утврдена одговорност на директор и постапено е согласно законските одредби | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 16 | Марија Јосифовска | ЦРРМ | сестра | Александар Кирацовски-пратеник | | | |
| 17 | Радица Солевски | АД ССДПРМ пе. Кочани | сопруга | Томе Солевски - претседател на Совет на општина Кочани | 1. Доставена иницијатива до НО на АД за одговорност на директорот при вработувањето | 1.Одговор од УО: не е утврдена одговорност кај директорот, | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 18 | Верда Фазлиу | Влада на РСМ | сестра | Сухејљ Фазлиу - министер за локална самоуправа | 1. Побарани документи од Влада на РСМ | 1. Одговор од Влада: лицето е времено вработено преку Агенција за привремени вработувања | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 19 | Дејан Ковачев | АД Аеродроми на Македонија | сопруг | Тања Ковачева - пратеник | 1. Доставена иницијатива до НО на АД за утврдување одговорност на директорот при вработувањето | 1.Одговор од НО дека не се надлежни и не отвараат постапка за одговорност | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 20 | Бобан Јакимовски | ЈП Водовод и канализација - Скопје | сопруг на сестра | Тања Ковачева - пратеник | 1. Доставена Иницијативата е доставена до Град Скопје | 1.Известување од Град Скопје дека се обратиле до ЈП Водовод и ја барале документацијата и нивно произнесување во однос на вработувањето на Бобан Јакимосвки.<br>2. Одговор од Град Скопје: не е утврдена одговорност на директорот; | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Никола Шумански | Царинска управа - Штип | брат | Славица Митева Шуманска- - пратеник | Наводите не упатуваат на елементи за надлежно постапување | | затворен |
| 22 | Георги Чурлинов | општина Центар - Сектор за јавни набавки | син | Билјана Чурлинова - советник во општина.Центар | 1. Доставено барање до О.Центар за обезбедување документација за вработувањето;<br>2. Доставени се два платени прекршочни налози до Билјана Чурлинова,<br>3.Доставени се 2 Барања за поведување прекршочна постапка | 1. Добиено известување од општина Центар дека Б. Чурлинова се изземала во постапката,но истото не е констатирано на записник.<br>2. Билјана Чурлинова нема постапено по налозите односно не е<br>3. Нема одогвор | во тек |
| 23 | Цвете Станојовска | Општина Прилеп | внука | Илија Јовановски - градоначалник на општина Прилеп | 1. Доставено барање за инспекциски надзор над конкурсот до Државен инспекторат за труд;<br>2.Доставена иницијатива за кривично гонење до ОЈО поради основано сомнение за влијание при вработување | 1. Доставен записник со утврдени неправилности<br>2. Од ОЈО Прилеп доставена информација за отфрлање на иницијативата бидејќи наведените дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 24 | Јордан Тасевски | Основен суд Скопје 1 | внук | Владимир Панчевски - Судија | 1. Доставена иницијатива за кривично гонење до ОЈО поради основано сомнение за влијание при вработување . | 1. Одгвор од ОЈО -донесено е решение за запирање на постапката заради застареност | Затворен, непостојат други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 25 | Дамјан Самарџиски | Основен суд Скопје 1 | син | Влатко Самарџиски- член на Судски совет | 1. Доставено барање за обезбедување на потребна документаија.<br>2. Не се утврдени наводи за влијание при вработување. Вработувањето претставува продолжување на претходниот ангажман, за период од 12 месеци преку агенција за времени вработувања | 1. Доставена докуменатција од Основен Суд Скопје 1 | затворен |
| 26 | Живомир Богдановски | Основен суд Скопје 1 | син | Владо Богдановски – член на Судски Совет | 1. Доставено барање за обезбедување на потребна документаија.<br>2. Не се утврдени наводи за влијание при вработување. Вработувањето претставува продолжување на претходниот ангажман, за период од 12 месеци преку агенција за времени вработувања | 1. Доставена докуменатција од Основен Суд Скопје 1 | затворен |
| 27 | Ена Реџепагиќ | Основен суд Скопје 1 | ќерка | Сеад Реџепагиќ - судија | 1. Доставено барање за обезбедување на потребна документаија.<br>2. Не се утврдени наводи за влијание при вработување. Вработувањето претставува продолжување на претходниот ангажман, за период од 12 месеци преку агенција за времени вработувања | 1. Доставена докуменатција од Основен Суд Скопје 1 | затворен |
| 28 | Марија Димитровска | Основен суд Скопје 1 | внука | Владимир Панчевски - судија | 1. Доставено барање за обезбедување на потребна документаија.<br>2. Не се утврдени наводи за влијание при вработување. Вработувањето претставува продолжување на претходниот ангажман, за период од 12 месеци преку агенција за времени вработувања | 1. Доставена докуменатција од Основен Суд Скопје 1 | затворен |
| 29 | Кристијан Мисовски | Агенција за супервизија на осигурување | син | Горан Мисовски - пратеник | Не се утврдени наводи за влијание при вработување | Лицето даде отказ | затворен |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Сања Димитриовска | АЕК | лично | Државен секретар во МВР (претходно) | 1. Доставени барања за надлежно постапување - инспекциски надзор до Државен трудов инспекторат и Државен управен инспекторат<br>2. Анализа на наодите | 1. Доставени записници од ДТИ и ДУИ | во тек |
| 31 | Ѓорѓи Иванов | ОУ „Гоце Делчев“ – Општина Василево - наставник | братучед | Сашко Атанасов - пратеник | 1.Доставено барање за надлежно постапување до ДПИ | 1. ДПИ нема сеуште доставено информација | во тек |
| 32 | Зоран Атанасов | ОУ „Гоце Делчев“ – Општина Василево - наставник | братучед | Сашко Атанасов - пратеник | 1.Доставено барање за надлежно постапување до ДПИ | 1. ДПИ нема сеуште доставено информација | во тек |
| 33 | Надица Делкова | ООУ „Гоце Делчев“-Долно Дисан | сопруга | Тони Делков - градоначалник на општина Неготино | Не се утврдени наводи за влијание при вработувањето | | затворен |
| 34 | Лила Пеќевска | ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ | сопруга | Ѕвонко Пеќевски - градоначалник на општина Берово | Не се утврдени наводи за влијание при вработувањето | | затворен |
| 35 | Катерина Јорданова | ОУ Страшо Пинџур Неготино | сестра | Ристе Ташев - пратеник | Не се утврдени наводи за влијание при вработувањето | | затворен |
| 36 | Мери Поповска | ДУД „Мирка Гинова“ Битола | мајка на сопругата | Александар Кирацовски - пратеник | 1. Доставена иницијатива до УО на инстиуцијата за утврдување одговорност на директорот при вработувањето | 1.Одговор од УО дека не е утврдена одговорност | во припрема одлука за затворање на предмет, поради непостоење на други законски механизми за постапување на ДКСК |
| 37 | Сања Лалчевска | ЈОДГ „Младост“ Дефектолог | ќерка | Татјана Лалчевска - пратеник | Не се утврдени наводи за влијание при вработувањето | | затворен |
| 38 | Вера Костова | ЈОДГ „Павлина Вељанова“ | сопруга | Сашко Костов - пратеник | Побарана документација за вработувањата на лицето, анализата е во тек. | | во тек |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | Жарко Симески | Здравствен дом Македонски Брод – в.д. директор | брат | Анета Симеска Димоска - пратеник | 1. Барање до Министерство за здравство за образложение за именување ВД директори наместо да се бираат на јавен оглас. | 1. Причина за ваквото постапување е недоволен број на лица со положен испит за директори.<br>2. Во јули е изменет Законот за здравствена заштита и одредбите за положен испит за директорите се укинати, така што голем број директори се именувани по јавен оглас.<br>3. Достевен извештај за избрани директори по објавен оглас | затворен |
| 40 | Абдул Кадел | Унапреден во директор за безбедност на железничкиот систем при Министерство за транспорт и врски | Внук | Сухејљ Фазлиу - министер за локална самоуправа | Не се утврдени наводи за влијание при унапредувањето | | затворен |
| 41 | Стојче Горгиев | МВР | Син | Пратеник Милева Горгиева | 1. Побарани документи од МВР за вработување на лицата.<br>2. Извршен увид во класифицирана документација за конкретните вработувања<br>3.Постои основано сомневање за влијание при вработување, но поради тоа што нема конкуренција и пријави на други кандидати.<br><br>Државната комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведените лица. | 1. Доставени известувања за вработувањата, поради класифицираноста на документацијата согласно Законот за внатрешни работи<br><br>2.Вработувањата се вршат според потребите на МВР за што не е потребно објавување на оглас | затворен |
| 42 | Мерсида Рамќиловиќ | МВР | Сопруга | Пратеник Зекир Рамќиловиќ | | | затворен |
| 43 | Сопруга на декан на фак. за безбедност Никола Дујовски | МВР | блиско лице на министер | Оливер Спасовски - министер на МВР | | | затворен |
| 44 | Ајсел Фазлиу | МВР | Сестра | Министер за локална самоуправа, Сухејљ Фазлиу | | | затворен |
| 45 | Јовица Матевски | Референт во МВР | Внук | Сашо Тасевски – директор на БЈБ | | | затворен |
| 46 | Повеќе лица | М-НАВ | Блиски | Различни избрани или именувани лица | 1. Барање до М-Нав за обезбедување на потребната документација<br>2. Анализа на документацијата | 1. Доставена документација | во тек |
| 47 | Неда Дојчиновска | СЕП | Ќерка | Софка Пејовска Дојчиновска, ДКСК | 1. Барање до СЕП за обезбедување на потребна документација<br>2. Анализа на документацијата | 1. Доставена документација | во тек |
| 48 | Мики Томев | АД Станбен и деловен простор | син | Мирјана Јанева - шеф на кабинет на | погрешно доставени информации по пријава | во АД ССДПРМ не е вработено лицето кое е пријавено | затворен |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 49 | Сара Александрова | ФИТР | ќерка | шеф на кабинет на премиер Зоран Заев | погрешно доставени информации по пријава | во ФИТР не е вработено лицето кое е пријавено | затворен |
| 50 | Александра Милошоска | УЈП | снаа | Антонио Милошоски – пратеник | погрешно доставени информации по пријава | во УЈП не е вработено лицето кое е пријавено | затворен |
| 51 | Кристина Божиновска | АЕК | сопруга | Кирил Божиновски – поранешен генерален секретар на Влада на РМ | ДКСК постапи по овие предмети и од надлежните институции ги доби сите потребни документи во однос на предметните вработувања.<br><br>Кај сите овие вработувања е утврдено влијание, но поради тоа што вработувањата се извршени во период од 2008 до 2013 година, ДКСК не беше во можност да презема мерки и активности поради | | затворен |
| 52 | Бојана Ѓошев | АЕК | ќерка | Елена Гошева Претседател на Уставен суд 2013-2016 | | | затворен |
| 53 | Слободанка Гиева | Телеком | ќерка | Елена Гошева Претседател на Уставен суд 2013-2016 | | Известен ТЕЛЕКОМ и ВРМ<br>-последно е пратено барање од Одборот на директори на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - Скопје, да го преиспита именувањето на Главниот директор на човечки ресурси и регулатива, Слободанка Гиевска во период од 01.06.2017 година до 31.12.2018 година.<br>-Вратен одговор од ТЕЛЕКОМ, не им е јасно како да го преиспитаат унапредувањето | во тек |
| 54 | Драгица Лепавцова | АЕК | сестра | Александар Лепавцов – поранешен амбасадор | | | затворен |
| 55 | Мики Цветковски | ЈПВ Лисиче Велес | син | Орце Цветковски – градоначалник на општина Лозово 2013-2017 | | | затворен |
| 56 | Стојан Пешевски | Информатичар во општина Лозово | внука | Орце Цветковски – градоначалник на општина Лозово 2013-2017 | | | затворен |
| 57 | Убавка Дончевска | Советни во ЛЕР општина Лозово | внука | Орце Цветковски – градоначалник на општина Лозово 2013-2017 | | | затворен |
| 58 | Велин Николов | Комунален редар во општина Лозово | братучед | Орце Цветковски – градоначалник на општина Лозово 2013-2017 | | | затворен |
| 59 | Владо Коруноски | Раководител во Агенција за катастар | вујко | Антонио Милошоски – пратеник | | | затворен |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 60 | Станко Коруноски | Централен регистер на РМ | братучед | Антонио Милошоски – пратеник | застарување на рокот за покренување иницијативи пред надлежните органи. | | затворен |
| 61 | Јелица Милошоска | ЈП Водовод и канализација Скопје | братучеда | Антонио Милошоски – пратеник | | | затворен |
| 62 | Александар Тошески | Централен регистар - Прилеп | брат | Анастасија Илиевска – советник за безбедност во кабинет на претседател на РМ | | | затворен |
| 63 | Андреја Илиевска | Агенција за разузнавање на РМ | ќерка | Анастасија Илиевска – советник за безбедност во кабинет на претседател на РМ | | Побарана е документација од Агенција за разузнавање и најверојатно е пристигната, анализата е во тек | во тек |
| 64 | Љубе Janушев | Центар за управување со кризи | татко | Игор Јанушев - поранешен директор на ЈСП | | | затворен |
| 65 | Верица Јанушева | МВР | сестра | Игор Јанушев - поранешен директор на ЈСП | | | затворен |
| 66 | Маја Ристовска | Фонд за осигурување на депозити | сопруга | Спире Ристовски - поранешен заменик министер за образование | | | во тек |

**ПРИЛОГ 4**

## ИЗВЕШТАИ ОД АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

### 1. Закон за високото образование - ЗВО

Во текот на 2019 година до ДКСК беа доставени голем број пријави со наводи за неправилности во постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања во високото образование за време на мирување на работниот однос поради избор или именување државна или јавна функција, како и вршење настава за време на мирувањето, но и на дискреционот избор на рецензентска комисија при изборот на кандидати во повисоки звања. Заради тоа, ДКСК спроведе антикорупциска проверка на член 174 став 9, член 176 став 3 и член 173 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018) – ЗВО и дојде до следниве наоди:

Согласно член 176 став 1 од ЗВО, најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање се распишува конкурс. Со став 3 е предвидено:

*„Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи."*

Вака поставената одредба создава можност за различно толкување и постапување: зашто во време кога работниот однос е ставен во мирување поради избор или именување на јавна функција, ЗВО дозволува лицето по свое барање рокот односно времето за распишување на конкурсот да не се продолжи. Ова практично значи дека лицето може да се стекне со повисоко наставно-научно звање иако неговиот работен однос е ставен во мирување. Ваквата одредба е во спротивност со член 151 од Законот за работни односи[1] според кој сите права и обврски од работниот однос мируваат. Дилемата во професионалната и стручната јавност е дали изборот во повисоки звања спаѓа во доменот на правата што треба да мируваат за време на извршување на функцијата?

Понатаму, со член 174 став 8 и 9 е предвидено:

*„(8) При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.*

*(9) Лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност."*

Наведените одредби немаат вградено заштитни механизми кои би превенирале ризици од моќна корупција и злоупотреба на функцијата од причина што не е предвидено во кој временски период и под кои услови лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно или наставно звање, а на кое работниот однос му мирува, може да ги извршува наведените

[1] Закон за работни односи, „Сл. весник на РМ", бр. 74/15

активности од високообразовната дејност. Ова особено се однесува во случаи кога именуваното лице функцијата ја врши професионално, односно со полно работно време. За разлика од став 8, за активностите кои се дозволени во став 9, постои дилемата дали за наведените работи може да се исплаќа финансиски надомест од причина што не е изречно наведена можноста?

Со член 173 се уредува постапувањето на рецензентските комисии при изборот на кандидати во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања во високото образование. Имено на предлог на рецензентската комисија на факултетот односно научниот институт, изборот на кандидатите го врши наставно-научниот совет на факултетот односно научниот совет на институтот. Иако со наведениот член се дефинирани постапувањата на рецензентската комисија, видливо е искористување на висока дискреција од нејзините членови. Бројни се случаите кога рецензентските комисии иако ги почитувале критериумите за вреднување и доделиле соодветен број поени, сепак во рефератот користејќи ја дискрецијата, без образложение предлагаат кандидати за избор со помал број на освоени поени, наместо оние што освоиле најмногу. Ова создава услови на фаворизирање на одредени кандидати на сметка на кандидати што и самата комисија ги оценила со најголем број на бодови, ја дезавуира самата постапка на бодирање и избор на најдобар кандидат. Овие случаи создаваат перцепција за постоење на партизираност, непотизам, фаворизирање или клиентелизам во постапките за избор во наставно-научни звања, но и во вработувањата воопшто[2], наместо најважен критериум да биде квалитетот на кандидатите. Изборот кој не е заснован на квалитет го руши и целиот систем на мерит во вработувањата, но и желбата и мотивацијата кај стручните и квалитетните лица како и вербата на јавноста во фер и праведен институционален систем заснован на вредности и достапен за сите граѓани подеднакво.

*Можни штети од примена на членовите 173, 174 и 176 од ЗВО*

- Можноста за различно толкување и субјективноста во одлучувањето за не/одлагањето на времето за распишување на конкурсот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања во високото образование води кон ризик од фаворизирање на одредена личност при изборот во повисоко звање.
- Ризик од злоупотреба на јавна функција (користење на работно време) за вршење високообразовна дејност на прв циклус на студи, предавања и менторство на втор и трет циклус на студии.
- Злоупотреба на јавната функција заради исплата на финансиски надоместок при предавања и менторство во втор и трет циклус на студии.
- Злоупотребата на дискреционите овластувањата на членовите на рецензентските комисии создава ризици од партизираност, непотизам, фаворизирање или клиентелизам при изборот на кандидати во повисоки научно-наставни звања и уништување на мерит системот при вработувањата.

*Заклучоци и препораки*

- Со одредбите од ЗВО јасно и недвосмислено да се прецизира рокот за објавување јавен оглас за избор во звање, без можност засегнатото лице да одлучува за рокот на распишување на конкурсот за избор.

[2] За вработувањата е даден посебен осврт во делот што се однесува на дискреционите овластувања.

- Со одредбите на ЗВО јасно да се прецизира времето кога избраното лице може да врши високообразовна дејност за сите циклуси на студии како и исплатата на надоместоци.
- Во одредбите на член 173 да се исклучи можноста за искористување на дискреционите права на членовите на рецензентските комисии при изборот на кандидати кои ќе бидат избрани во научни звања.

## 2. Закон за здравствена заштита - ЗЗЗ

ДКСК спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и 101/2019) (во натамошниот текст ЗЗЗ) кои се однесуваат на вработувањето на здравствени работници, односно здравствени соработници како и можноста на здравствените работници, т.е. соработници да примаат донација и спонзорство од физички или правни лица заради учество на стручни собири, семинари, работилници и слично со цел дополнително оспособување и усовршување. Иницијативата за АПЛ на овој закон произлезе од работниот материјал изготвен по повод јавната расправа по ЗЗЗ, како и од предметите по кои ДКСК постапуваше со наводи за неправилности и злоупотреба на службената положба при вработување здравствени работници, односно здравствени соработници во јавните здравствени установи.

Во членовите 158, 159 и 160 се пропишани општите и посебните услови кои треба да ги исполнува лицето кое се вработува во здравствената установа, дека вработувањето се врши по пат на јавен оглас, се уредува постапката за селекција на пријавените кандидати по објавениот оглас, критериумите за селекција на кандидатите за здравствен работник со високо образование, критериумите за селекција на здравствен работник со средно и вишо образование, односно здравствени соработници. Според членот 161 став 1 од ЗЗ, работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите, спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат.

Од анализата на гореспоменатите одредби се наметнува заклучокот дека даденото дискреционо овластување на работоводниот орган на здравствената установа при формирањето на комисијата за селекција на кандидати за здравствен работник како и дискреционо право при донесување одлука за избор на кандидат претставува потенцијален ризик за корупција и можност за злоупотреба на овластувањата. Ова произлегува од фактот што ниту со ЗЗ, ниту со други подзаконски акти не се дефинирани критериуми или процедура за избор на членови на комисијата за селекција, исто како што не е пропишана процедура и објективни критериуми за мерливост за остварениот резултат од спроведеното интервју со предложените кандидати. Во услови на утврден начин на рангирање на пријавените кандидати (успех од образование, успех од положен испит), дискреционото овластување на работоводниот орган му овозможува вработување на помалку квалификувани лица, блиски лица, непотизам, кронизам, па и стекнување материјална корист (мито).

Исто така во ЗЗЗ утврдивме непрецизност и нејасност во член 170 каде се уредува правото и должноста на здравствениот работник/соработник стручно да се оспособува и усовршува, која одредба може да доведе до ризик од корупција. Имено во наведениот член од ЗЗЗ, пропишано е дека здравствениот работник/соработник има право и должност стручно да се оспособува и усовршува во согласност со потребите на здравствената установа во која е вработен; дека може да прими донација и спонзорство од физички или правни лица заради учество на стручни собири, семинари, работилници и слично со цел за дополнително оспособување и усовршување; предвидено е Министерството за здравство претходно да даде согласност за донација и спонзорство, но и да води регистар на спонзорства и донации на начин предвиден со Правилник.

Од аспект на одредбите од ЗСКСИ, условот здравствените работници да примаат донација и спонзорство по претходна согласност на Министерството за здравство создава ризик од појава на корупција и судир на интереси. Поткрепа на ова е фактот што во предметниот ЗЗЗ не се вградени заштитни механизми за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно не се дефинирани процедури со услови и критериуми врз основа на кои Министерството ќе даде согласност за примање донација и спонзорство, кога со пропишаниот Правилник за регистрација на согласности за спонзорства и донации за здравствените работници/соработници, исто така нема механизми за ублажување на потенцијалниот висок ризик.

*<u>Можни штети од примена на членовите 158, 159, 160, 162 и 170 од ЗЗЗ</u>*

1 Трошоци за суровини и материјал, трошоци за енергија, трошоци за ситен инвентар, трошоци за амбалажа, трошоци за резервни делови и материјали за одржување на објектите и опремата, интелектуални услуги и други услуги кои се услов за истражувањето и развојот за сопствени цели;

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 5.3. | | Амортизација на недвижности, постројки и опрема користени при истражувања и развој | 608 | | |
| 5.4. | | Амортизација на патенти и лиценци користени при истражувања и развој | 609 | | |
| 6. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на издатоци во истражување и развој | 610 | | |
| 7. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на издатоци во истражување и развој | 611 | | |
| 8. | | Сегашна вредност на издатоци за истражување и развој (< или = на АОП 112 од БС) | 612 | | |
| 9. | 002д | Набавна вредност на патенти, лиценци, концесии и други права | 613 | | |
| 10. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на патенти, лиценци, концесии и други права | 614 | | |
| 11. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на патенти, лиценци, концесии и други права | 615 | | |
| 12. | | Сегашна вредност на патенти, лиценци, концесии и други права (< или = на АОП 112 од БС) | 616 | | |
| 13. | 002д | Набавна вредност на софтвер со лиценца | 617 | | |
| 14. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на софтвер со лиценца | 618 | | |
| 15. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на софтвер со лиценца | 619 | | |
| 16. | | Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 112 од БС) | 620 | | |
| 17. | 002д | Набавна вредност на софтвер развиен за сопствена употреба | 621 | 754.365 | 757.050 |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 18. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на софтвер развиен за сопствена употреба | 622 | | |
| 19. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на софтвер развиен за сопствена употреба | 623 | 635.664 | 686.392 |
| 20. | | Сегашна вредност на софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 112 од БС) | 624 | 118.701 | 70.658 |
| 21. | 002д | Набавна вредност на набавени бази на податоци | 625 | | |
| 22. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на набавени бази на податоци | 626 | | |
| 23. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на набавени бази на податоци | 627 | | |
| 24. | | Сегашна вредност на набавени бази на податоци (< или = АОП 112 од БС) | 628 | | |
| 25. | 002д | Набавна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 629 | | |
| 26. | 008д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 630 | | |
| 27. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 631 | | |
| 28. | | Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба (< или = АОП 112 од БС) | 632 | | |
| 29. | 003 | Набавна вредност на други нематеријални права | 633 | | |
| 30. | 008д | Вредносно усогласување на други нематеријални права (ревалоризација) | 634 | | |
| 31. | 009д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на други нематеријални права | 635 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 32. | | Сегашна вредност на други нематеријални права (< или = АОП 112 од БС) | 636 | | |
| | | **Б.МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА** | | | |
| 33. | 010 | Земјиште | 637 | | |
| 34. | 018д | Вредносно усогласување (ревалоризација) земјиште | 638 | | |
| 35. | | Сегашна вредност на земјиште (< или = АОП 113 од БС) | 639 | | |
| 36. | 011 | Шуми | 640 | | |
| 37. | 018д | Вредносно усогласување (ревалоризација) шуми | 641 | | |
| 38. | | Сегашна вредност на шуми (< или = АОП 113 од БС) | 642 | | |
| 39. | 018 | Вредносно усогласување (ревалоризација) на материјалните добра и природните богатства | 643 | | |
| | | **В. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| 40. | 022д | Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема [2)] | 644 | 367.604 | 364.836 |
| 41. | 028д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на информациска и телекомуникациска опрема | 645 | | |
| 42. | 029д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на информациска и телекомуникациска опрема | 646 | 367.596 | 364.836 |
| 43. | | Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 647 | 8 | |
| 44. | 022 | Набавна вредност на компјутерска опрема [3)] | 648 | 6.523.501 | 5.294.077 |
| 45. | 028д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на компјутерска опрема | 649 | | |

2 Уреди со електронска контрола, како и електронски компоненти кои претставуваат дел од овие уреди (радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати).

3 Хардвер и периферни единици, машини за обработка на податоци, печатари, скенери и слично.

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 46. | 029д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на компјутерска опрема | 650 | 5.866.245 | 4.895.978 |
| 47. | | Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 651 | 657.256 | 398.099 |
| 48. | 025 | Набавна вредност на други материјални средства | 652 | 4.322.834 | 4.271.533 |
| 49. | 028д | Вредносно усогласување (ревалоризација) на други материјални средства | 653 | | |
| 3.486.922 | 029д | Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на други материјални средства | 654 | 3.486.922 | 3.589.878 |
| 835.912 | | Сегашна вредност на други материјални средства (< или = АОП 120 од БС) | 655 | 835.912 | 681.655 |
| | | Драгоцени метали и камења | 656 | | |
| | | Антиквитети и други уметнички дела | 657 | | |
| | | Други скапоцености | 658 | | |
| 1.231.459 | | **Г. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ПЛАТИ И ДРУГИ ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ** | | 1.231.459 | 2.061.068 |
| | 280 | Обврски за плати и надомести на плати (< или = на АОП 197од БС) | 659 | | |
| 826.158 | 281 | Обврски за нето плати (< или = на АОП 197од БС) | 660 | 826.158 | 1.368.424 |
| 57. | 282 | Надоместоци на нето плати (< или = на АОП 197 од БС) | 661 | | |
| 58. | 284 | Даноци од плати и надомести (< или = на АОП 197од БС) | 662 | 71.713 | 125.168 |
| 59. | 285 | Придонеси од плати и надомести од плати (< или = на АОП 197 од БС) | 663 | 333.588 | 567.476 |
| | | **Д. РАСХОДИ** | | 1.415.104 | 1.669.879 |
| | | **I. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | | 1.253.715 | 1.336.123 |
| 60. | 421д | Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР) | 664 | 610.349 | 612.184 |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 61. | 421д | Водовод и канализација<br>(< или = на АОП 014 од БПР) | 665 | 17.526 | 28.369 |
| 62. | 421д | Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација<br>(< или = на АОП 014 од БПР) | 666 | 618.711 | 693.021 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 63. | 421д | Горива и масла<br>(< или = на АОП 014 од БПР) | 667 | 7.129 | 2.549 |
| | | **II. Материјали и ситен инвентар** | | 158.440 | 90.686 |
| 64. | 423д | Униформи<br>(< или = на АОП 015 од БПР) | 668 | | |
| 65. | 423д | Обувки<br>(< или = на АОП 015 од БПР) | 669 | | |
| 66. | 423д | Прехранбени продукти и пијалаци<br>(< или = на АОП 015 од БПР) | 670 | 158.440 | 90.686 |
| 67. | 423д | Лекови<br>(< или = на АОП 015 од БПР) | 671 | | |
| | | **III. Договорни услуги** | | 160.778 | 233.506 |
| 68. | 425д | Провизија за платен промет и банкарска провизија<br>(< или = на АОП 017 од БПР) | 672 | | |
| 69. | 425д | Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари)<br>(< или = на АОП 017 од БПР) | 673 | 94.764 | 9.500 |
| 70. | 425д | Осигурување на недвижности и права(< или = на АОП 017 од БПР) | 674 | | 222.392 |
| 71. | 425д | Плаќања за здравствени организации од Министерството за здравство<br>(< или = на АОП 017 од БПР) | 675 | | |
| 72. | 425д | Здравствени услуги во странство<br>(< или = на АОП 017 од БПР) | 676 | | |
| | | **IV. Други тековни расходи** | | 611 | 9.566 |
| 73. | 426д | Други оперативни расходи<br>(< или = на АОП 018 од БПР) | 677 | 611 | 9.566 |
| | | **V. Разни трансфери** | | | |
| 74. | 464д | Државни награди и одликувања<br>(< или = на АОП 037 од БПР) | 678 | | |
| 75. | 464д | Трансфери при пензионирање (< или = на АОП 037 од БПР) | 679 | | |
| | | **VI. Социјални надоместоци** | | | |
| 76. | 471д | Еднократна парична помош и помош во натура<br>(< или = на АОП 040 од БПР) | 680 | | |
| 77. | 471д | Детски додаток | 681 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | (< или = на АОП 040 од БПР | | | |
| 78. | 471д | Помош за здравствена заштита на растенија и животни (< или = на АОП 040 од БПР) | 682 | | |
| 79. | 471д | Исхрана за бездомници и други социјални лица (< или = на АОП 040 од БПР) | 683 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **Ѓ. ПРИХОДИ** | | 20.831.988 | 26.876.694 |
| | | **I. Такси и надоместоци** | | | |
| 80. | 723д | Закупнини (< или = на АОП 079 од БПР) | 684 | | |
| | | **II. Трансфери од други нивоа на власт** | | | |
| 81. | 741д | Трансфери од Буџетот на Република Македонија (< или = на АОП 088 од БПР) | 685 | 20.831.988 | 26.876.694 |
| 82. | 741д | Трансфери од буџетите на фондовите (< или = на АОП 088 од БПР) | 686 | | |
| 83. | 741д | Блок дотации на општината по одделни намени (< или = на АОП 088 од БПР) | 687 | | |
| | | **Е. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 84. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 688 | 26 | 28 |

Во Скопје
На ден 28.02.2020

Лице одговорно за составување на образецот
Валентин Петрушевски

М.П.

Одговорно лице
Билјана Ивановска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

М.П. на ЦРМ и дата на приемот ______________________

Контролата ја извршиле: ______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 05 - 1431/8
27-02-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Период

Контролор

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0 | 5 | 8 | 8 | 5 | 0 | 4 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Вид работа

Идентификационен број (ЕМБС)

Резервни кодекси

Назив на субјектот Државна комисија за спречување на корупција

Адреса, седиште и телефон Ул. Даме Груев бр. 1 тел.02/3146-700

Адреса за е-пошта sozr.finansovo@sozr.gov.mk

Единствен даночен број 4030004515642

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ (СПД–РЕКАПИТУЛАР)

во периодот од 01.01 до 31.12 2019 година

жиро сметка 020036004663719

| **НКД** (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари)[3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 1. | 84.11 | Општи дејности на јавната управа | 26.876.694 |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |
| 13. | | | |
| | | | |

| НКД (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) [3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 14. | | | |
| 15. | | | |
| 16. | | | |
| 17. | | | |
| 18. | | | |

1)Во колоната за „Класа“ се внесува нумеричка ознака за класа согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.
2)Во колоната „Назив“ се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.
3)Во колоната „Остварени приходи“ се внесува износот на остварени приходи по дејности.

РЕГИСТРИРАНА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ (Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

| | | | |
|---|---|---|---|

---

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД ____________________ ДЕЈНОСТ-

| | | | |
|---|---|---|---|

(Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

Лице одговорно за составување на образецот:

Име и презиме Валентин Петрушевски

Потпис ____________________

Во Скопје

На ден 28.02.2020

М.П.*

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup

Име и презиме на законскиот застапник

Билјана Ивановска

Потпис ____________________

---

* За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

# НА

# ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

# за 2020 ГОДИНА

**Скопје, Март 2021**

**Содржина**

1. ВОВЕД 1

2. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 3

3. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ДКСК 8

3.1. *Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на* ........ 8

*интереси* ........ 8

3.2. *Постапување во случаи за сомнежи за корупција* ........ 14

3.3. *Постапување во случаи на судир на интереси* ........ 24

3.4. *Следење на законитоста на финансирањето на изборни кампањи* ........ 27

3.5. *Евидентирање и следење на имотната состојба* ........ 31

3.6. *Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси* ........ 32

3.7. *Регистар на избрани и именувани лица* ........ 33

3.8. *Водење на прекршочни постапки* ........ 34

3.9. *Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти* ........ 35

3.10. *Искуства од примена на Законот за спречување на корупција и судир на* ........ 36

*интереси* ........ 36

3.11. *Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ* ........ 40

3.12. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер ........ 46

3.13. *Спроведување на препораките од ГРЕКО во надлежност на ДКСК* ........ 46

*4.* ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА. 48

5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО 50

6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 52

7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ 58

8. ЗАКЛУЧОЦИ 60

9. ПРЕПОРАКИ 61

10. ПРИЛОЗИ 62

**Резиме**

Овој извештај ја отсликува работата на Државната комисијата за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) во текот на 2020 година.

Новиот Закон за спечување на корупција и судир на интереси кој беше усвоен во јануари 2019 година ги зголеми и зајакна надлежностите на ДКСК и обезбеди поефективни механизми за постапување, со што се зголемија и очекувањата на јавноста за поефикасно спречување и борба со корупцијата.

Иако 2020 година ќе остане запаметена како година на борба за заштита на јавното здравје на светско ниво поради ефектите на Ковид-19 пандемијата, во Република Северна Македонија годината 2020 ќе биде запаметена како година со четиримесечен период на „вонредна состојба", осуммесечен период на „Техничка влада", година на „предвремени Парламентарни избори-2020" и 10 месеци работење во Ковид-19 услови.

Зголемената свесност и храброст на граѓаните да пријавуваат незаконитости и нерегуларности во работењето на службените лица придонесе ДКСК во текот на 2020 година да прими 550 пријави од граѓани со сомневања за постоење коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење на судир на интереси и оформи 102 предмети по сопствена иницијатива ДКСК

- Од областа на корупцијата донесе одлуки по 378 предмети;
- Од областа на судир на интереси донесе одлуки 157 предмети;
- За непочитување на забраните во текот на изборен процес одлучи за сите 33 пријави;
- Од областа на проверка на податоците од анкетните листи одлучи по 38 пријави.

Постапувајќи по останатите надлежности ДКСК:

- Изврши ревидирање на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси поради нејзино неусвојување од претходниот парламентарен состав;
- Изврши антикорупциска проверка на седум закони;
- Започна реализација на повеќе проекти поддржани од домашни и меѓународни организации;
- Се донесоа нови акти за организација и систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК;

Во услови на пандемија, а во функција на донесување одлуки од своја надлежност, ДКСК овозможи Online одржување на Седниците на кои и медиумите имаа можност да се приклучат.

Проблемот со несоодветниот простор, недоволниот број на вработени и ограничените средства за набавка на потребниот софтвер, и во текот на 2020 година беа ограничувачки фактори кои значително влијаеја врз ефикасното работење на ДКСК.

## 1. Вовед

Во насока на исполнување на надлежноста од член 19 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ), Државната комисија за спречување на корупција (во натамошниот текст: ДКСК) го изготви овој Извештај за своето работење во текот на 2020 година. Извештајот се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија и се доставува до Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија како и до средствата за јавно информирање.

Годината 2020 ќе остане запаметена како година на Корона-19 пандемијата и година на заштита на јавното здравје како приоритетна цел на светско ниво. Со иста цел, Владата на РСМ пропиша посебни услови за работа и рестриктивни мерки за работење и движење кои во многу го поместија редовното работење на сите субјекти, како од јавниот така и од приватниот сектор, вклучително и на ДКСК.

И покрај малиот број на вработени, примената на мерките за заштита од Корона вирусот за работата во турнуси, отсуствата поради вирусна зараза или карантинска изолација, предизвикаа големо влијание врз динамиката на работењето на ДКСК и пролонгирање на постапувањата по започнатите предмети и проекти. Соочени со неможност од одржување на јавни седници и носење на одлуки, ДКСК пристапи кон измена на Деловникот за работа на ДКСК со која се овозможи on-line одржување на седници и колегиуми и работа од дома на вработените.

Со голема посветеност и ангажман на малиот број на вработени и во услови на здравствена криза, ДКСК успеа да одговори на своите надлежности така што редовно одржуваше седници, редовно постапуваше по предмети и доставени пријави, одржуваше on-line состаноци со претставници на државни институции, здруженија, граѓански организации, меѓународни институции во насока на промовирање и спроведување на мерки и активности насочени кон зајакнување на борбата против корупцијата.

Во текот на 2020 година беа изработени и усвоени Правилник за внатрешна организација на Секретаријатот на ДКСК и Правилник за систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК, со што се овозможи организирање на вработените според проширените законски надлежности, но и можност за зголемување на бројот на вработените. Но и покрај тоа, во текот на 2020 година ДКСК не реализираше нови вработувања пред се поради намалените буџетски средства како и кај сите други институции од јавниот сектор, како и потребата од нивна реалокација во насока за справување со последиците од Корона-19 кризата.

Проблемот со несоодветните просторни услови и во текот на 2020 година беше причина компјутерската опрема добиена преку ИПА фондовите на Европската Унија во 2018 година сеуште да не биде функционална. Но и покрај тоа, со максимални напори беа обезбедени средства и објавен јавен оглас за набавка на софтверско решение за електронско доставување на Изјавите за имотната состојба, која набавка поради битни пропусти и недостатоци во техничката спецификација во септември 2020 година беше поништена.

Овие и другите активности кои беа реализирани во текот на 2020 година се патека по која ДКСК ја остварува својата

**Мисија:** „ДКСК применува и поттикнува доследна примена на законите, нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики, изрекува превентивни и репресивни мерки со кои влијае на спречување на корупцијата и судирот на интереси

во вршење на власта и јавни овластувања, службена должност и политика, промовира владеење на правото, доброто управување и развива правна култура“, а со цел исполнување на својата

**Визија**: „Воспоставен функционален и ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси“.

## 2. Статус, раководство, надлежност и организациона структура

### 2.1. Законска рамка

Од јануари 2019 година во примена е нов Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ), со кој надлежностите на ДКСК се зголемени а со тоа се зајакна и нејзината институционалната важност.

Согласно ЗСКСИ, Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со Законот и со својство на правно лице. Со член 17 од ЗСКСИ, утврдени се 29 надлежности кои генерално може да се поделат во шест сегменти на функционирање како што е прикажано во Табела 1.

Табела 1: Надлежности на ДКСК

| Функции на ДКСК | Надлежности од член 17 |
|---|---|
| 1. Развој на антикорупциски политики и подобрување на антикорупциската клима | - Донесување на национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување ( точка 1).<br>- Спроведување антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно Методологија која самата ДКСК ја донесува ( точка 2).<br>- Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16).<br>- Подготовка на анализи за ризици од корупција во различни сектори (точка 17).<br>- Преземање активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет (точка 18).<br>- Спроведување истражувања на јавното мислење за оценка на своето работење и состојбата со корупцијата (точка 23).<br>- Редовно известување на јавноста за својата работа (точка 28).<br>- Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 2. Континуирано следење на и проверка на имотната состојба и интересите на избрани и именувани лица, финансирање на политички партии и изборни кампањи и водење на соодветни регистри | o Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи (точка 7).<br>o Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии (точка 6).<br>o Евидентирање и следење на имотната состојба и интересите на лицата опфатени со законот (точка 10).<br>o Пропишување образец на изјавите за имотната состојба и интересите (точка 11).<br>o Вршење проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите (точка 12).<br>o Соработка со државни органи во обезбедувањето на потребните информации (точка 13).<br>o Водење на регистар на избрани и именувани лица (точка 20).<br>o Изготвување каталог на подароци врз основа на податоците добиени согласно со членот 58 од ЗСКСИ |

| | |
|---|---|
| | и објавување на каталогот на својата веб страница (точка 22). |
| 3. Покренување на иницијативи пред други надлежни органи, утврдување на состојби на судир на интереси, прекршочни постапки | ○ Постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси (точка 3).<br>○ Покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица (точка 4).<br>○ Покренување иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува (точка 5).<br>○ Покренување иницијатива врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија (точка 8).<br>○ Водење прекршочни постапки за прекршоците утврдени во членовите 100 - 113 од ЗСКСИ (член 114, ст. 2) |
| 4. Соработка со државни органи, домашни и меѓународни тела и организации | ○ Соработка со државни органи во обезбедување на информации (точка 13).<br>○ Соработка со национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата (точка 14).<br>○ Разменување информации со надлежни тела на други држави и меѓународни организации, врз основа на обврски преземени со меѓународни договори ратификувани согласно Уставот (точка 15).<br>○ Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16). |
| 5. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси | ○ Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 6. Обезбедува сопственото непречено функционирање | ○ Донесување годишна програма за работа (точка 24).<br>○ Донесување етички кодекс за членовите и Секретаријатот (точка 25).<br>○ Донесување деловник за работа (точка 26).<br>○ Донесување акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот (точка 27). |

ДКСК има доделени надлежности и со други закони како што се Закон за заштита на укажувачите (Службен весник бр. 196/2015 и 35/2018), Законот за лобирање (Службен весник бр. бр.106/2008 и 135/2011) и Изборниот законик (Службен весник бр. 40/2006...42/20).

## 2.2. Мандат и статус на претседател и членови

Државната комисија е составена од претседател и шест членови, кои имаат статус на именувани лица. Претседателот и членовите на ДКСК се избираат на јавен оглас што го објавува Собранието на начин и во постапка утврдена со ЗСКСИ кој обезбедува транспарентност и учество на јавноста при изборот на членовите.

Претседателот и членовите на ДКСК ги именува Собранието на РСМ за период од пет години, без право на повторен избор. Од редот на членовите на ДКСК со мнозинство гласови од вкупниот состав на членовите се избира заменик-претседател по принципот на ротација на секои шест месеци. Претседателот и членовите на ДКСК функцијата ја вршат

професионално и со полно работно време. Собранието на РСМ го разрешува претседателот и членот на ДКСК по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието, во случај кога е исполнет услов за разрешување утврден во ЗСКСИ.

Постојниот состав на Комисијата беше избран на 8 февруари 2019 година со Одлука за именување на претседател и членови на ДКСК од страна на Собранието на РСМ.

### 2.3. Секретаријат на ДКСК

Секретаријатот на ДКСК е стручна служба која ги врши административните работи од надлежност на Комисијата.

Вработените во Секретаријатот имаат статус на административни службеници раководени од Генерален секретар кој ДКСК го бира со мнозинство гласови.

За потребите на ДКСК, во текот на 2019 година, беше изработена функционална анализа со цел да се претстави моменталната слика за капацитетите со кои располага ДКСК (просторни, материјални, технички, вработени), нивното влијание врз работењето на ДКСК, но и да се изврши проценка на потребната организациона поставеност и човечки ресурси се со цел исполнување на законските надлежности. Врз основа на изработената Функционална анализа, во декември 2019 година се пристапи кон изработка на нови акти Правилник за внатрешна организација на Секретаријатот на ДКСК и Правилник за систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК, кои од страна на Комисијата беа донесени на Седница одржана во јули 2020 година. По добиена согласност од МИОА, во август 2020 година ДКСК започна да ги применува новите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот. Истите се јавно достапни преку веб страната на ДКСК.

Со новите акти за внатрешна организација и систематизација вработените во Секретаријатот се организирани во следниве организациони форми:

1. Генерален секретар
2. Државен советник за превентивни антикорупциски политики
3. Државен советник за спроведување мерки и активности за спречување на корупцијата и судирот на интереси

4. СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ИНТЕГРИТЕТ со две одделенија:
   - Одделение за стратешко планирање, соработка, проекти, аналитика и едукација;
   - Одделение за антикорупциска проверка на легислативата.

5. СЕКТОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА, со следните одделенија:
   - Одделение за спречување на корупцијата;
   - Одделение за следење на финансирањето на политичките партии, изборните кампањи и корупција во јавните набавки.

6. СЕКТОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, СЛЕДЕЊЕ НА ИМОТНА СОСТОЈБА И ИНТЕРЕСИ И ЛОБИРАЊЕ, со следните одделенија:
   - Одделение за спречување судир на интереси и лобирање;
   - Одделение за следење на имотна состојба и интереси.

7. СЕКТОР ЗА ИТ ПОДДРШКА, ОПШТИ РАБОТИ, СЕДНИЦИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, со следните одделенија:
    - Одделение за ИТ поддршка и општи работи;
    - Одделение за седници и односи со јавноста.

Како самостојни организациски единици кои за својата работа непосредно се одговорни пред генералниот секретар, се формирани:
- Одделение за финансиски прашања и
- Одделение за управување со човечки ресурси.

Во Табела 2 прикажана е структурата на човечките ресурси на ДКСК во однос на планираниот број на вработени и моменталната состојба на пополнетост по работни места, степен на образование, пол и етничка припадност.

Табела 2: Структура на човечките ресурси во ДКСК

| **Вид на административни службеници** | **Планирани** | **Број на врабо-тени** | **ВСС** | **ССС** | **Мажи** | **Жени** | **Македонци** | **Албанци** | **Власи** | **Срби** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | |
| Државни советници | 2 | 0 | | | | | | | | | |
| Раководни административни службеници | 15 | 3 | 3 | | | 3 | 3 | | | | |
| Стручно - административни службеници | 39 | 18 | 18 | | 7 | 11 | 13 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Помошно - стручни административни службеници | 3 | 1 | | 1 | | 1 | 1 | | | | |
| **Вкупно** | **60** | **23** | **22** | **1** | **7** | **16** | **18** | **2** | **1** | **1** | **1** |

Од административните службеници со завршено високо образование, 10 од вработените се со звање магистер и еден доктор на науки.

Во месец октомври 2020 година, на еден административен службеник од Секретаријатот на ДКСК му престана работниот однос со спогодба, со што вкупниот број на вработени административни службеници во Секретаријатот на ДКСК во 2020 година е 23 од предвидените 60, што претставува 38% пополнетост на работните места предвидени со новиот акт за систематизација на работни места во Секретаријатот на ДКСК.

И во текот на 2020 година, исто како и во 2019 година, кадровската состојба остана неповолна, така што и оваа година само 10 вработени директно беа вклучени во анализата и работата по предмети, исто како и фактот што состојбата и со раководната структура во Секретаријатот на ДКСК не е променета, бидејќи од 17 раководни места, пополнети се само три.

Во текот на 2020 година, ДКСК не оствари зголемување на бројот на вработените бидејќи во периодот на планирање и изработка на Предлог буџетот за 2020 година, во фаза за изработка беа функционалната анализа и внатрешните акти за систематизација и организација на вработените во ДКСК.

Во насока на реализација на надлежноста од ЗСКСИ, член 17 точка 25, ДКСК на почетокот на 2020 година го донесе Етичкиот кодекс за претседателот и членовите на ДКСК како и Насоки за интегритет и етичко однесување за вработените во ДКСК, со кои се утврдуваат принципите, вредностите и нормите за однесување на сите вработени.

Во февруари 2020 година беа донесени Правила за внатрешен ред и дисциплина за вработените во Секретаријатот на ДКСК.

# 3. Реализирани активности кои произлегуваат од законските надлежности на ДКСК

## 3.1. *Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси*

Донесувањето на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судир на интереси (во натамошен текст: Национална стратегија) е прва и исклучително значајна надлежност предвидена со новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Во изминатите години ДКСК усвојуваше и реализираше Државни програми за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но фактот што за прв пат оваа Стратегија ја усвојува Собранието на РСМ, говори за одлучноста и подготвеноста на државата за зајакнување на превенцијата и борбата против корупцијата, со целосна вклученост на сите релевантни субјекти на системот во генерирање на ваков особено важен стратешки документ. Процесот на донесување на Националната стратегија 2020-2024 започна да се реализира во септември 2019 година и врз основа на изготвената анализа на ризиците од корупција, донесената Методологија за изготвување на националната стратегија, вклучувањето на голем број државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор, медиуми, јавна презентација, на 17 јануари 2020 година ја достави до Собранието на РСМ на усвојување.

Имајќи во предвид дека на 16.02.2020 година беа распишани предвремените Парламентарни избори, кои поради вонредната состојба предизвикана од Ковид-19 пандемијата беа одложени и се одржаа на 25.07.2020 година, претходниот состав на Собранието на Република Северна Македонија не успеа да ја разгледа и усвои Националната стратегија. Согласно член 178 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на РСМ, со истекот на мандатот на составот на Собранието завршуваат сите законодавни постапки и постапки за донесување на други акти започнати во мандатниот период. Ова значеше дека ДКСК повторно треба да ја достави Националната стратегија на усвојување до новиот парламентарен состав.

Со оглед на наведените околности, а и фактот дека составен дел на Националната стратегија е Акциски план во кој јасно се утврдени активностите и рокот за нивна реализација, неусвојувањето на Националната стратегија ги доведе во прашање роковите за реализација на дел од активностите. Имајќи ги во предвид овие состојби, но и фактот што пред распуштањето на парламентарниот состав беа донесени голем број закони со кои беа опфатени одредени активности во Националната стратегија, ДКСК оцени дека е неопходно пред повторно доставување на Националната стратегија до Собранието на РСМ, да се изврши ажурирање, како во делот на временските рокови, така и во делот на предвидените активности за нејзина реализација. Оваа активност ДКСК ја реализираше во консултативен процес со сите институции задолжени за реализација на мерките, активностите и роковите согласно Акцискиот план на Националната стратегија.

По извршеното ажурирање и усогласување на мерките, активностите и роковите за нивна реализација, ДКСК на седница одржана на 11.12.2020 година ја донесе ревидираната Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акциски План 2021-2025 година и истата ја достави до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Предложените мерки и активности се однесуваат за следниве сектори:

1. Политички систем
2. Правосудство
3. Органи за спроведување на законот

4. Здравство
5. Образование
6. Труд и социјална политика
7. Урбанизам и просторно планирање
8. Животна средина
9. Спорт
10. Економија и бизнис
11. Јавни претпријатија и акционерски друштва во сопственост на државата и локалната самоуправа
12. Медиуми и Граѓанско општество

Се очекува со понудените решенија во Националната Стратегија да се обезбеди:
- Вработување во јавниот сектор на база на мерит систем, транспарентност, намалувања на политички или лични влијанија, строго ограничување на дискреционите овластувања;
- Зајакнување на контролните механизми во однос на ефикасно и ефективно извршување на работите од јавниот сектор посебно во делот на јавните набавки и издавање на разни дозволи, одобренија, лиценци..;
- Поголема независност, професионалност и ефикасност на вработените во органите за спроведување на законите и зголемена транспарентот на нивното работење;
- Градење и зајакнување на интегритетот и отчетноста на сите носители на јавни функции, како и промовирање на однесување согласно етичките кодекси и вредности.

Планирано е процесот на следење на квантитативното и квалитативното исполнување на мерките и активностите од Националната стратегија да се врши преку web апликација обезбедена со проектот на ЕУ: Transparency and accountability поддржан од ИПА, чија реализација е во тек.

### *Постапувања по предмети*

Надлежностите на ДКСК во однос на проверка и утврдување на состојбите поврзани со сомнежи за коруптивно однесување, судир на интереси, непријавување на имот и интереси, проверка на изјавите за имот и т.н. ги темели на основа на пријави од правни или физички лица (анонимни или познати), по допрен глас или по сопствена иницијатива, но и по годишни планови.

И во текот на 2020 година до ДКСК беа доставени голем број пријави по сите основи прикажани во Табела 3:

Табела 3: Состојба на предмети по примени пријави, сопствена иницијатива и одлучувања

| Област за постапување | Корупција | | Судир на интереси | | Имотна состојба | | Финансирање на изборни кампањи | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **2020** | **2019** | **2020** | **2019** | **2020** | **2019** | **2020** | **2019** | **2020** | **2019** |
| Примени пријави | 406 | 687 | 80 | 364 | 32 | 67 | 32 | 54 | **550** | **1172** |
| Сопствена иницијатива | 12 | 23 | 6 | 66 | 83 | 153 | 1 | 3 | **102** | **245** |
| Број на донесени одлуки | 378 | 100 | 157 | 143 | 38 | 83 | 33 | 38 | **606** | **364** |

Ако се анализираат податоците само за 2020 година, очигледно е дека исто како и во минатата 2019 година, најголем број на поднесените пријави се со наводи за постоење сомнеж за коруптивно однесување на службените лица (Графикон 1).




Графикон 1

Согледувајќи ја неопходноста за податоци и информации по области, институции, професии, процеси или појави за кои од страна на граѓаните или медиумите најмногу се пријавуваат сомнежи за незаконско постапувања, ДКСК во текот на 2020 година разви апликација со која се овозможи разграничување на пријавите по области: извршна власт, судство, образование, здравство, урбанизам, локална власт... но и по видови проблеми: спроведување на јавни набавки; вработувања; инспекциски надзор; издавање одобренија, решенија, лиценци и дозволи; судски одлуки и т.н., како би се утврдиле областите со највисок ризик од корупција.

Во Графикон 2 прикажани се областите  за кои најголем број од пријавите укажуваат на неправилности.

Графикон 2: Области со најголем број пријави за незаконитости




Поради фактот што апликацијата започна да се применува од мај 2020 година, голем број претходно доставени пријави не беа опфатени и останаа како не разграничени (384 пријави од Корупција, 70 пријави од Судир и 51 пријава од проверка на имот).

Но и покрај тоа, со анализираните пријави – 436, се потврдува фактот дека правосудните органи, извршната власт, институциите кои одлучуваат во сферата на урбанизмот и општините, се перцепирани како области со најголем ризик од корупција, злоупотреба на службена должност и можност за судир на интереси со што се потврдија сферите дефинирани и во Националната стратегија за борба против корупцијата.

Понатаму, анализирајќи за кои појави или процеси најмногу се наведуваат состојби на незаконско постапување, со опфатените пријави исто така се потврди фактот дека најмногу се пријавува за злоупотреба на службена должност при вработувањата, издавањето на разни дозволи решенија (за градење), постоење на судир на интереси, при донесување на судски одлуки и т.н. Овие состојби се прикажани во Графикон 3.

Графикон 3: Повреда на надлежности за кои се однесуваат пријавите




Во текот на 2020 година ДКСК одржа вкупно 21 седница кои поради наметнатите услови за почитување на здравствените мерки за заштита од Ковид -19 вирусот се одржуваа on-line, преку зум платформа. На сите радиодифузери и електронски медиуми кои пројавија интерес за следење на седниците им беше овозможен пристап.

***Член 22 од ЗСКСИ: Седници на комисијата:***

(1) Државната комисија, одлуките во вршењето на работите од својата надлежност, ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

(3) Седниците на Државната комисија се јавни.

(4) По исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.

На одржаните седници беа донесени 606 одлуки, кои според обласа на надлежност на ДКСК се прикажани во Графикон 4.




Графикон 4: Донесени одлуки според област на надлежност

Ефектите од донесените одлуки за секоја област одделено се прикажани во точките 4.2., 4.3., 4.4. и 4.5. во овој Извештај.

***Член 17 од ЗСКСИ: ДКСК ги има следниве надлежности:***

точка 4: покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица;

точка 5: покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува

Во рамки на наведените надлежности, а кои произлегуваат од постапувањата по предметите, ДКСК достави иницијативи за постапување и до други надлежни органи. Состојбата на доставените иницијативи и одговорите на институциите по истите е прикажан во Табела 4.

Табела 4: Преглед на доставени иницијативи и нивен статус

| р. Број | Институција | Доставени иницијативи | | Постапено | | Отфрлена иницијатива | | Не доставиле одговор | | Постапки пред Управен суд | | Рокот за одговор не е изминат | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција |
| 1 | Влада на РСМ | 2 | 9 | | 4 | | 2 | 2 | 3 | | | | |
| 2 | Градоначалници | 5 | 3 | 2 | | 2 | 1 | 1 | | | | | 2 |
| 3 | Инспекциски служби | 1 | 3 | 1 | 3 | | | | | | | | |
| 4 | Министерство за здравство | 4 | 3 | | 1 | | | 1 | 2 | 2 | | 1 | |
| 5 | Министерство за култура | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| 6 | Министерство за образование | | 3 | | | | | | 3 | | | | |
| 7 | НО и УО | 10 | 1 | 5 | | 5 | 1 | | | | | | |
| 8 | ОЈО | 2 | 8 | | | 2 | 2 | | 5 | | | | 1 |
| 9 | Други | 2 | 1 | 1 | | | | 1 | | | 1 | | |
| | **Вкупно** | **27** | **31** | **10** | **8** | **9** | **6** | **5** | **13** | **2** | **1** | **1** | **3** |
| | **Вкупно** | **58** | | **18** | | **15** | | **18** | | **3** | | **4** | |
| | **Во %** | | | **31%** | | **26%** | | **31%** | | **5%** | | **7%** | |

Состојбата на доставените иницијативи е прикажана кумулативно за сите иницијативи кои се доставени во текот на 2019 и 2020 година, како и постапувањето на институциите во однос на истите.

## 3.2. *Постапување во случаи за сомнежи за корупција*

*Корупцијата е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг*

Поаѓајќи од наведената дефиниција во ЗСКСИ, Државната комисија има посебна улога во спречувањето и борбата против корупцијата спроведувајќи ги своите надлежностите во однос на детектирање на појавите и случаите на корупција, нивно соодветно процесирање, применувајќи ги превентивните и репресивните расположливи законски механизми, а со цел да го подобри нормативниот амбиент во земјата, да ја зајакне меѓу институционалната соработка, да ја зголеми јавната свест за важноста на превенцијата и борбата против корупцијата и нејзино препознавање и да ги вклучи сите субјекти во општеството во совладувањето на ова општествено зло.

ДКСК по сопствена иницијатива, информации од медиуми (допрен глас) или поднесени пријави од граѓани, правни субјекти, граѓански организации отвора и постапува по предмети со сомнеж од корупција. Согласно член 23 од ЗСКСИ, за целосно утврдување

на фактичката состојба, ДКСК бара податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица, при што одговорното лице во надлежната институција или од него овластено лице потребно е да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето на ДКСК. Законските одредби кои предвидуваат високи парични казни за одговорните лица во институциите, или од нив овластени лица за ненавремено или не доставување на бараната документација[1], ѝ овозможија на ДКСК навремено стекнување со релевантна и поткрепувачка документација за утврдување на фактичката состојба, потврдување на основаноста или отфрлање на наводите содржани во пријавите и преземање на конкретни дејствија, односно поднесување на иницијативи за постапување до надлежни органи или упатување препораки и укажувања до надлежните државни институции.

Исто како и претходната 2019 година, и во 2020 година ДКСК доби голем број пријави со сомнеж од корупција или незаконски дејствија од страна на службени и одговорни лица во јавниот сектор. Состојбата на примени пријави по години е прикажана во Табела 5.

Табела 5: Преглед на примени пријави и оформени предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | | |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2019** | **2018** |
| Сопствена иницијатива | 12 | 23 | нема |
| Пријави од граѓани | 406 | 687 | 89 |
| **Вкупно:** | **418** | **710** | **89** |

[1] Член 100 „Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во надлежната институција или на од него овластено лице кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Комисијата најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето“

Во Графикон 5 прикажани се областите за кои се поднесени најголем број на пријави.




Графикон 5

Користејќи ги податоците на делумно обработените пријави доставени во областа на корупцијата, повторно се потврдија ризиците кои ДКСК ги утврди во Националната стратегија во однос на законските обврски и надлежности на државните институции. И понатаму процесите кои се однесуваат на работните односи, издавањето на дозволи, одобренија, лиценци... се активности со најголеми ризици со коруптивни активности од страна на одговорните лица. Графикон бр. 6




Графикон 6

Во однос на постапувањата на ДКСК по пријавите од областа на корупцијата, ДКСК донесе одлуки по 378 предмети прикажани во Табела 6.

Табела 6: Состојба на постапувања по предмети

| Постапувања на ДКСК | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Број на решени предмети | 378 | 100 |
| **Донесени одлуки** | **378** | **104** |
| o *Отфрлени пријави – ненадлежност за постапување или нема доволно елементи за постапување* | 116 | 60 |
| o *Пријавата се доставува на други органи на надлежно постапување* | 6 | 2 |
| o *Запирање на постапката – наводите не се потврдени* | 256 | 38 |
| **Предмети по кои се преземани конкретни мерки** | **13** | **15** |
| Поднесени иницијативи до ОЈО | 2 | 6 |
| - *Прифатени иницијативи* | | *1* |
| - *Отфрлени иницијативи* | | *2* |
| - *Оцена на иницијативи* | *2* | *4* |
| **Иницијатива до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица** | **11** | **9** |
| ➢ *Прифатени иницијативи* | 3 | 5 |
| ➢ *Отфрлени инцијативи* | 4 | 1 |
| ➢ *Постапувањето на институциите сеуште е во тек* | 4 | 3 |
| **Доставени препораки за преземање на конкретни мерки до институции** | **3** | **6** |

Одлуките за отфрлање на пријавите поради ненадлежност за постапување на ДКСК во најголем број се однесуваат за пријави поврзани со донесени судски пресуди како од основните така и од повисоките судови. При тоа наводите најчесто се незадоволство од донесените одлуки: плаќање казна, глоба, забелешки на водењето на самиот процес, за постапки кои сеуште се водат пред други повисоки судови, без индиции за коруптивни активности. ДКСК нема надлежност да цени дали судските постапки се водени согласно материјалните и процесните закони и дали при носењето на судската одлука е постапено врз основа на материјалните докази. Дел од овие пријави ДКСК ги доставува до Судски Совет на Република Северна Македонија на нивно надлежно постапување.

Бројот на донесени одлуки за запирање на постапките – 256, се резултат на постапувањата на ДКСК по пријави за кои од соодветни институции се обезбедени потребните докази за утврдување на фактичката состојба по искажаните наводи, но поради законските решенија во материјалните закони, ДКСК не е во состојба да преземе мерки за запирање на појавата, казнување на одговорни лица, или покренување на постапка пред надлежните судови. Ваквите состојби се однесуваат на следниве процеси:

➢ ***Вработувања во здравствени установи и акционерски друштва***

Вработувањата во јавните здравствените установи (во натамошен текст: ЈЗУ) се реализираат согласно Законот за здравствена заштита каде јасно е уреден начинот на бодување во зависност од степенот на образованието (член 160). Во наведениот член е дефинирано дека селекцијата на кандидатот со средно и вишо образование се врши врз основа на просек на успехот што кандидатот го постигнал во средното училиште, односно

на високообразовната установа - 50 бода и стручен дел (тест) - 50 бода. Понатаму со член 161 од истиот закон е наведено:

*„Работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите, спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат.“*

Од постапувањето по овие предмети, ДКСК утврди дека доделеното право на работоводниот орган да донесува одлука за избор по спроведеното интервју се користи за вработување на кандидати кои често имаат освоено помалку поени, а најдобро оценетите кандидати не се вработуваат. При тоа ниту законот, ниту други подзаконски акти го имаат уредено начинот на водење на интервјуто преку структурирани прашања и неговата евалуација. На овој начин, со користење на дискреционото право, ефектите од интервјуто имаат најголема вредност и се пресуден фактор при изборот на кандидати наместо успехот и освоените бодови.

Во акционерските друштва пак, вработувањата се спроведуваат согласно Законот за работни односи каде не се уредени никакви правила и норми за бодирање врз основа на образование, работно искуство, други квалификации и слично. Процесот на вработување е разграничен меѓу комисиите за административна проверка на доставени документи, а одлучувањето е исклучиво право на одговорното лице во друштвото. Честа пракса, која ДКСК редовно ја потврдува во постапувањето по овие предмети, е менување на систематизациите каде се креираат нови работни места, се менуваат квалификациите за вид на образование, потребно работно искуство и слично, со цел истите да се прилагодат кон квалификациите на однапред познати лица што треба да бидат вработени. Интересен е моментот што во ниту еден од овие предмети ДКСК не наиде на искажан отпор или различен став за вработувањата од страна на членовите на управните и надзорните одбори како органи на контрола над работењето на одговорните лица. Ова укажува на фактот за поврзаност и постоење взаемен интерес.

Овие вработувања во јавноста се препознаени како вработувања со непотизам, кронизам, клиентелизам, партиска поврзаност што од своја страна создава огромно незадоволство кај граѓаните, чувство на нееднаквост и загрозеност на загарантираното уставно право за еднакви услови и достапност на секое работно место.

- ***Избор и разрешување на директори на јавни претпријатија и акционерски друштва***

Изборот и разрешувањето на одговорни лица во акционерските друштва и јавните претпријатија вообичаено е предвремено и често се врши по „укажување“ или „препорака“ на основачот (од Владата на РСМ и од ЕЛС). Иако одредбите на членовите 367, 368 и 384 од Законот за трговски друштва и членовите 19, 19-а, 23, 23-а, 24-а од Закон за јавните претпријатија налагаат исполнување на одредени услови за нивно разрешување и постапки за избор, воспоставената пракса укажува на други процедури. Имено, ретко се земаат во предвид условите за разрешување во член 24-а од Законот за јавните претпријатија[2], а на „објавениот оглас за избор на директор“ секогаш се јавува само еден кандидат, вообичаено лицето кое однапред е планирано за таа функција.

[2] Директорот на јавното претпријатие и заменик на директор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:
- на негово барање,
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон,
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив,

Иако со претходно наведените закони се утврдени потребните квалификации (степен на образование, работно искуство, познавање на странски јазици и слично), актите за систематизација на работните места најчесто не содржат позиција директор (или заменик директор кај ЈП формирани од Влада на РСМ), а во случаите кога ги имаат опишано не е предвиден видот на образованието што директорот треба да го поседува.

Вака воспоставената пракса за избор на директори, но и непостоењето на правила за креирање на работни места и компетенции во ЈП и АД, е проверен начин за вработување на лица поврзани со политичките партии без разлика на нивната стручност и компетентност и е препознаен како поделба во управувањето со државните институции меѓу политичките партии од власта. При тоа никогаш не е земано во предвид дали постои потреба од промена на одговорните лица, а уште помалку дали тоа е поради резултатите од работењето исто како што никогаш не е побарана одговорност за покажаните негативните финансиски резултати.

- ***Повеќекратно именување на вршител должност - директор***

Во повеќе материјални закони јасно е уредено дека „*ако по распишаниот конкурс не се избере директор, органот на управување*[3] *именува вршител на должноста директор, но не подолго од шест месеци*“.

Голем број на пријави се поднесени до ДКСК токму за повеќекратно именување за вршител должност. Од добиените документи се потврди незаконското постапување на органите на управување, но ДКСК реално е без можност за покренување иницијативи пред надлежни судови, затоа што ниту еден од наведените закони, ниту пак Законот за локална самоуправа предвидуваат санкции за ваквото постапување.

Ваквиот начин на избор овозможува именување на подобни лица за одговорни лица во институциите, клиентелистичко постапување на избраните лица кон одредени органи на власта со очекувања за избор за директор со редовен мандат, со што се загрозува редовното функционирање на институциите и остварување на нивните законски цели.

- ***Докажување на познавање странски јазик***

Сите материјални закони во кои е регулиран начинот на вработување на одговорни лица или директори ги дефинираат и условите и компетенциите што кандидатот треба да ги исполни за да биде избран. Меѓу критериумите предвидено е доставување доказ[4] за

- ако со својата не совесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие,
- ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од овој закон,
- ако и по истекот на рокот определен во членот 23-а став 3 од овој закон не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и
- ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од овој закон не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

[3] Член 93-в од Законот за средно образование;
Член 118 од Законот за средно образование;
Член 19-а од Законот за јавни претпријатија;
Член 108 од Закон за здравствената заштита;

[4] Меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку

познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Во Република Северна Македонија не постои државен орган кој има увид колку и кои субјекти издаваат дипломи, уверенија, сертификати за познавање на странски јазик и уште повеќе дали истите се меѓународно признати. Во услови на ваква законска празнина, од документацијата што ДКСК ја обезбеди во постапувањето по предметите, видно е дека избраните лица приложиле диплома од *„школа“* во странство или од дома без доказ за нивна еквивалентност согласно бараните стандарди. Уште повеќе што во одредени случаи во доставените документи од образованието нема индиции дека го изучувале јазикот за кој е доставено уверение.

Ваквата појава заедно со состојбите во претходно наведените точки говорат за крајна злоупотреба на службена положба при именување на одговорните лица затоа што однапред се знае кое лице ќе биде избрано па овие докази се доставуваат само заради исполнување на законскиот услов. Ваквата пракса однапред го поткопува **ИНТЕГРИТЕТОТ** на именуваното лице, а со тоа го доведува во прашање и интегритетот на самата институција.

Она што загрижува уште повеќе е што уште една сфера во образованието целосно е девалвирана поради „брзо“ стекнување на дипломи, најчесто купени со пари.

- ***Решавање на прашањата во областа на урбанизмот: градење и рушење***

Голем број доставени пријави се однесуваат на злоупотреби на овластувања од страна на лица и институции кои како надлежност имаат издавање одобренија за градење. Во бројните постапувања, обезбедената документација укажува на бројни законски слабости кои многу вешто се користат од страна на заинтересираните инвеститори за остварување на своите цели – градење, но и од страна на надлежните органи во насока на непостапување. Имено:

- Начинот на избор на економски оператор за изработка на генералните и деталните урбанистички планови согласно Законот за јавни набавки каде како критериум за избор е најниската цена, е огромен ризик општината да не може да ги наметне нужните стандарди и критериумите за хумано уредување на просторот, но и ризик од клиентелистички односи на економскиот оператор – планер со потенцијалните инвеститори во насока на исполнување на нивните барања.
- Нетранспарентната постапка на донесување на ДУП-овие и нивна неусогласеност со ГУП-овите е причина за издавање дозволи и градење на објекти со поголем габарит, окрупнување на парцели без решени имотно правни односи за кои се водат долги судски постапки без епилог, узурпирање на приватна сопственост и т.н.
- Не постои законска можност за поништување или суспендирање на ДУП кој е донесен без претходно да биде усогласен со ГУП;
  (со оваа состојба долго време се соочува општина Центар)
- Активностите на локалната самоуправа во областа на уредувањето на просторот не се секогаш во насока на заштита на јавниот интерес:
  - Дел од општините немаат овластени инспектори;
  - Дел од имаат овластени инспектори но со несоодветно образование;
  - Влијанието и моќта на Градоначалникот и Советот, поврзаноста со партиски структури и бизнис групи, ги става инспекторите во состојба на клиентелизам

6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

и занемарување на јавниот интерес при извршувањето на своите надлежности, но и состојби на воспоставување на клиентелистички односи со инвеститорите;
- ⇨ Голем дел од градоначалниците се воздржуваат од рушење на бесправно изградените објекти и во буџетот не планираат или се планираат малку средства за оваа надлежност. Во случај на потреба од рушење, најчесто се повикуваат на непланирани  или недоволни средства за оваа намена.

- o Надлежностите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се насочени кон постапки поврзани со градби за кои решение за градење издава Министерството за транспорт и врски. Ваквата надлежност не овозможува воспоставување дополнителни механизми на контрола над активностите на општините ниту пак над овластените инспектори во насока на заштита на јавниот интерес, ниту пак може да го земе во своја надлежност отстранувањето на бесправно изградените објекти.
- o Повеќекратното продолжување на рокот за примена на Законот за постапување со бесправно изградените објекти дополнително го усложни и онака сложениот процес на издавање решенија од причина што за овие градби потребно е менување на ДУП-ови.
- o Ненавременото и некоординирано постапување на локалната самоуправа и на Министерството за транспорт и врски создаде услови за изградба на **„цврсти градби“** во заштитена зона, но и користење на плажи и остварување на профит без издадени дозволи и лиценци.

Имајќи ги во предвид горе наведените состојби, но и долгогодишното не постапување на надлежните органи во однос на недонесување соодветни закони за заштита на одредени подрачја (Шар Планина, Мавровско езеро, кањон Матка и други) и спречување на неконтролирано градење, придонесе за уништување на животната средина и загрозување на статусот на регионот на општините Охрид, Струга и Дебрца како регион на светско природно и културно наследство под заштита на УНЕСКО, но и на други заштитени локалитети – кањон Матка..

Во голем број од горенаведените предмети, заради утврдување на фактичката состојба побарано е надлежно постапување од други органи, најчесто инспекторати, каде и самите ги потврдуваат состојбите но и неможност за постапување поради системски слабости во законите.

Во насока на надминување на сите претходно утврдени состојби ДКСК преку предложените мерки и активности во Националната стратегија за борба против корупцијата, антикорупциска проверка на легислативата, но и преку проектот со Транспаренси интернешел Македонија „Ранливост на законската регулатива во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам“ даде предлози за измени во над 50-тина закони и подзаконски акти, предложи околу 160 активности за надминување на утврдените слабости и рокови за нивно реализирање.

***Поднесени иницијативи до Основно јавно обвинителство***

Во насока на исполнување на надлежноста за поведување постапки за кривично гонење[5], ДКСК, врз основа на обезбедени докази покрена иницијативи до Основното јавно обвинителство за два предмети по кои постапуваше. Основот за поднесување на овие

[5] Член 17 став 1 точка 5 од ЗСКСИ

иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните обвинителства се прикажани во **Прилог 1** кон овој Извештај.

***Поднесени иницијативи до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица***

ДКСК поднесе иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица, врз основа на обезбедените докази во 11 предмети по кои постапуваше[6]. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните институции се прикажани во **Прилог 2** кон овој Извештај.

***Други иницијативи произлезени од предмети***

_Уставен Суд на Република Северна Македонија_

Постапувајќи по предметот за изработка на ДУП „Паркинг кај Холидеј ИН„ во јуни 2020 година, ДКСК до Уставен Суд достави иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 64 од Законот за денационализација, изменет со Законот за изменување и дополнување на законот за денационализација (Сл. весник на Р. Македонија бр. 72/10). Уставниот суд ја отфрли иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на наведениот член 64 од Законот за денационализација, од причина што „Судот веќе одлучувал за уставноста на содржината на целината на оспорениот член 64 од Законот за што има донесено Решение У.бр.82/2011 од 18 мај 2011 година, а доставената иницијатива не содржела наводи коишто би влијаеле за заземање на поинаков став на Судот, односно за поинакво одлучување.

Во текот на 2019 година ДКСК достави иницијатива за оценка на уставноста на одредбите на Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата (“Сл. весник на РМ ”бр. 46/04,109/06 и 157/07) од причина што самиот закон го загрозува принципот на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и законите, која Уставниот Суд во 2020 година ја отфрли.

***Дадени препораки и укажувања***

Постапувајќи по три конкретни предмети, ДКСК препозна состојби кои можат да создадат ризик од корупција, нарушување на принципите на доброто владеење, владеење на правото и личниот и институционален интегритет и угледот на институциите при вршењето на јавните овластувања. Оттаму со цел да се обезбеди доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции, односно обезбедување на непристрасно и чесно однесување на службените и одговорните лица во институциите, ДКСК упати препораки до надлежните институции за преземање на конкретни дејствија за надминување на констатираните состојби.

До **општина Охрид** дадена е препорака за неселективно и правилно спроведување на прописите од областа на урбанистичкото планирање на ДУП-овите и градење и издавање на одобрение за градење врз основа на усвоен Детален урбанистички план кои се водат по конкретни барања поднесени од граѓани или правни лица.

Постапувајќи по истиот предмет ДКСК **до Влада на РСМ** достави барање за постапување и одземање на надлежностите за уривање на бесправно изградените објекти на сите општини во Охридскиот регион кој е под заштита на УНЕСКО, и како носител на извршната власт преку Министерството за транспорт и врски да се справи со проблемот на бесправно изградените објекти во овој регион односно да ја преземе надлежноста за

[6] согласно член 17 став 1 точка 4 од ЗСКСИ

уривање/рушење на дивоградбите во наведениот регион. Влада на РСМ достави известување дека го задолжила Министерство за транспорт и врски да го разгледа доставениот предлог и даде мислење со соодветни насоки за постапување.

До **Заменик на Претседателот за борба против корупција, за одржлив развој и човечки ресурси,** доставена е препорака за покренување на иницијатива за донесување на нов Закон за Агенцијата за разузнавање, нови подзаконски акти за уредување на сите прашања од вработување, унапредување и мобилност преку распоредување, оценување и преземање, а поради фактот што постоечкиот Закон за Агенцијата за разузнавање како материјален закон не е доволно јасна правна рамка за донесувањето и примената на подзаконските акти и Колективниот договор по основ на вработување, унапредување и мобилност преку распоредување, оценување и преземање.

Врз основа на констатираните ризици за можна корупција - **до Општина Центар**, доставена е препорака за изготвување и донесување на Детални урбанистички планови исклучиво согласно законските процедури и претходна усогласеност со Генералниот урбанистички план за Град Скопје.

До **Министерството за здравство** доставено е укажување за изнаоѓање на законски решенија по однос на работењето и постапувањето на институциите во РСМ во услови на вонредна состојба прогласена заради заштита на здравјето на граѓаните и економската состојба на земјава, во насока на спречување на можни недоследности и незаконитости во постапувањето на државните и локални власти, како и на поединци и субјектите во јавниот сектор.

До **Министерството за здравство** ДКСК редовно доставува известувања за одговорните лица/директорите во јавните здравствени установи кои користејќи го дискреционото овластување од член 161 од Законот за здравствена заштита не извршиле вработување на лица кои по извршеното евалуирање освоиле најмногу бодови, туку изборот е субјективен и најчесто се поврзува со влијанија од други страни и злоупотреба на службената положба или за кои постои судир на интереси.

***Активности на ДКСК во време на вонредната состојба***

Вонредната состојба која траеше од 22.3.2020 до 23.6.2020 година, но и ориентираноста на институциите во насока на спречување на заразата и намалување на последиците од Ковид -19 кризата, ја подигна сензитивноста на јавноста во однос на зголеменото трошење на јавните средства за борба со пандемијата, средствата што како финансиска поддршка се доделуваат на стопански субјекти и физички лица, како и транспарентноста на нивното доделување и користење. Во таа насока, со цел пресретнување и детектирање на коруптивно однесување, ДКСК заедно со други институции и граѓански организации ги реализираше следниве активности:

- со Платформата на невладини организации за борба против корупцијата беше извршена антикорупциска проверка на одлуките со законска сила донесени од страна на техничката Влада.
- со Државниот завод за ревизија се пристапи кон ревизија на дел од спроведените јавни набавки за обезбедување на средства и лекови од 14 институции на државната управа. Во фаза е издавањето на конечни извештаи.
- Со Центарот за граѓански комуникации редовно се следи транспарентноста и конкурентноста во постапките за јавни набавки што државните органи ги спроведуваат преку електронскиот систем на Бирото за јавни набавки.

### 3.3. *Постапување во случаи на судир на интереси*

**Член 72 од ЗСКСИ**

(1) *Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.*

(2) *Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.*

Зголемената сензибилност на јавноста во однос на ова прашање придонесе за зголемен број пријави на сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес што е најмногу изразено при вработувањата во јавниот сектор како што се непотизам, кронизам, клиентелизам, политичко и партиско влијание. Во Табела 7 прикажани се состојбите во однос на примени пријави со наводи за постоење на судир на интереси во последните три години.

Табела 7: Примени евидентирани пријави и предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | | |
|---|---|---|---|
| | **2020** | **2019** | **2018** |
| Сопствена иницијатива | 6 | 66 | 6 |
| Пријави од граѓани | 80 | 364 | 75 |
| **Вкупно:** | **86** | **430** | **81** |

Анализирајќи ги доставените пријави поред сферата на работење на институциите, најголем број од пријавите се однесуваат на службени лица од извршната и локалната власт како лица кај кои најмногу постои ризик од судир на интереси при извршувањето на јавната функција, а потоа од сферата на образованието па правосудството. Состојбата е прикажана во Графикон 7.




Графикон 7

Во однос на постапувањата на ДКСК по пријавите од областа на судирот на интереси, ДКСК донесе одлуки по 157 предмети прикажани во Табела 8.

Табела 8: Постапувања од областа на судир на интереси

| **Постапувања на ДКСК** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|
| Предмети со наводи за судир на интереси | 86 | 430 |
| Доставени барања за мислење по член 72 став 3 | 47 | |
| Донесени одлуки | 157 | 143 |
| **Констатирана состојба на судир на интереси** | **8** | |
| - Постапено по препораки на ДСКС за отстранување на судир на интереси | 6 | |
| - Постапувањето на лицата е во тек | 2 | |
| **Поднесени иницијативи за одговорност на службени лица поради постоење на судир на интереси** | **7** | |
| - Прифатени иницијативи | 4 | |
| - Постапувањето на институциите е во тек | 3 | |
| **Поднесени иницијативи за разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси** | **2** | |
| - Прифатени иницијативи | 1 | |
| - Постапувањето на институциите е во тек | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| Доставени укажувања до други институции за постапување по потврдени наводи за постоење судир на интереси | 6 | |
| Поднесени прекршочни платни налози за непостапување по утврдените состојби на судир на интереси | 20 | |
| Поднесено барање на  прекршочна постапка поради неплаќање на платни налози | 5 | |

***Иницијативи за поведување постапка пред надлежни органи за лица поради постоење на судир на интереси***

Предметите по кои ДКСК работеше во областа на судирот на интереси во најголем дел се однесуваа на постоење на судир меѓу јавниот и приватниот интерес на избрано и именувано лице кое учествувало во постапка за вработување на блиски лица, без при тоа да бидат земени во предвид забраните и обврските за изземање предвидени со член 72, 74 и 75 од ЗСКСИ. Во девет предмети ДКСК констатира постоење на судир на интереси и злоупотреба на дискреციони овластувања, за што до надлежните институции достави иницијативи за утврдување одговорност, односно разрешување на одговорните лица. Пет од доставените иницијативи се прифатени и по нив е постапено, а за четири иницијативи постапките се во тек.

Причините за овие иницијативи и постапувањата на институциите по нив се прикажани во **Прилог 3.**

***Дадени препораки произлезени од постапувања по предмети***

ДКСК постапуваше по предмет за утврдување дали постои состојба на судир на интереси на екс министер за финансии поради повлекување депозит од банка, пред Народната Банка на РСМ да донесе одлука за  стечај на истата банка за што е донесена соодветна одлука која е објавена на веб страната на ДКСК. Од увидот во „Меморандум за соработка помеѓу Народна Банка на РСМ, Министерство за финансии и други регулаторни органи" врз основа на кој е формиран Комитетот за финансиска стабилност и е уреден начинот на нивна меѓусебна комуникација, ДКСК констатира дека постои потреба од негово подобрување со цел избегнување и спречување на судир на интереси од страна на службени лица при вршењето на должностите, за што до НБРСМ даде соодветна препорака. **Народна Банка** извести дека дадената препорака е спроведена на начин што Меморандумот е изменет и дополнет со зајакнување на начинот за користење и располагање со службени информации и воведени се нови одредби со кои се дефинира судирот на интереси и начинот за спречување на истиот.

До **Министерството за образование и наука** доставена е препорака при именување на директори и одговорни лица за чие именување е надлежен  Министерот за образование и наука односно градоначалникот, потребно е да се води сметка за интегритетот на личноста, односно на начелото на интегритет согласно член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

До **Градоначалникот на Општина Кичево** доставена е препорака при именување на директори и лица на други функции за чие именување согласно член 132 став 1 од Законот за основното образование е надлежен градоначалникот, да се води сметка за интегритетот на личноста, односно на начелото на интегритет кое е утврдено во член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

До **Градоначалник на Центар Жупа** доставена препорака/информација за потреба од покренување на иницијатива до Советот на општина за разрешување на членови на училишниот одбор СОУ „АТА“ Центар Жупа за кои ДКСК утврди дека се наоѓаат во состојба на судир на интереси при изборот на директор во училиштето. Откако ќе биде избран нов училишен одбор, да се спроведе регуларна постапка за избор на директор на СОУ „АТА“ Центар Жупа согласно Законот за средното образование.

До **Министерот за здравство** доставена е препорака при именувањето на директори на јавните здравствени установи и други лица за кои надлежност за именување има министерот, да се имаат во предвид и да се почитуваат одредбите од членовите 4, 46 и 56 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

***Проверка на изјавите за судир на интереси***

Ексклузивна надлежност на ДКСК е евидентирање, следење и проверка на изјавите за имот и интереси. Согласно ЗСКСИ, секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, должно е најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето до ДКСК да поднесе изјава за имотната состојба и интереси. Изјавата за интереси за него и за членовите на неговото семејство содржи информација за работни места и членство во управни одбори, членство во здруженија и фондации и други податоци во образец –Изјава кој го пропишува ДКСК, правни лица основани од избраното лице или членови на неговото семејство. Во текот на 2020 година од причина што ДКСК не беше во можност да обезбеди електронско поднесување на Изјавата, избраните лица своите интереси ги пријавуваа на образецот пропишан со претходниот Закон за спречување судир на интереси. Причините за неможноста да се реализира оваа надлежност детално се објаснети во точка 4.5. во овој Извештај. Состојбата со поднесени Изјави за судир на интереси е прикажана во Табела 9.

Табела 9: Поднесени изјави за судир на интереси

| Година | 2020 | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Број на поднесени изјави | 480 | 849 | 1650 |

***Отстранување на состојба на судир на интереси***

Во случаи кога постои сомневање за судир на интереси ДКСК поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси и презема мерки пропишани со член 77 од ЗСКСИ.

### 3.4. *Следење на законитоста на финансирањето на изборни кампањи*

Финансирањето на политичките партии и изборните кампањи од секогаш претставувало сфера на влијанија, притисоци, злоупотреби на положби и функции за изборна победа и освојување на власт. Имајќи ги во предвид неправилностите од спроведените изборите во претходните циклуси манифестирани преку влијанија, притисоци, обид за поткуп на избирачи, користење на противправни и анонимни извори на финансирање, злоупотреби на буџетски средства и други ресурси на државните институции за партиски и изборни цели, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ/ОДИХР), неколку години station наназад дава препораки за зајакнување на институционалните капацитети

на државата за ефикасен мониторинг и контрола како над самиот изборен процес, така и за финансирањето на политичките партии и на изборните кампањи.

Во ЗСКСИ предвидени се надлежности, активности и рокови за постапување на ДКСК во однос на следење на политичките партии и изборните кампањи:

***Член 31:*** *Во случај на постоење на сомневање за* ***незаконито финансирање на политичка партија,*** *ДКСК по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување може да донесе решение за отпочнување постапка за испитување на финансирањето на политичка партија.*
***Член 32:*** *Во случај на постоење на* ***сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања,*** *ДКСК по сопствена иницијатива или по приговор од организатор на изборна кампања или акредитирани набљудувачи поведува постапка за утврдување на фактичката состојба.*
***Член 33****: ДКСК е надлежна* ***да ја следи законитоста на користењето****, односно располагањето* ***со буџетските средства*** *од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.*
***Член 35:*** *Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на* ***изборите користеле средства противправно или од анонимни извори****, ДКСК ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на изворот на средства и до нея да достават детален извештај за користењето на средствата.*

Двегодишниот период на работење на ДКСК од февруари 2019 година, беше период на две изборни години: Претседателски – 2019, Предвремени парламентарни – 2020 и Предвремени избори за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип - 2020.

Искуството на ДКСК од следењето на финансирањето на изборните кампањи и примената на наведените членови од ЗСКСИ за време на Претседателските избори во 2019 година, беше искористено за да се детектираат слабостите, ограничувањата и пречките во ЗСКСИ и Изборниот законик во однос на исполнување на предвидените надлежности. За надминување на утврдените слабости, во рамки на работната група која во текот на 2019 година работеше на измени и дополнувања на Изборниот законик, ДКСК преку свој претставник издејствува измени и дополнувања на неколку членови со цел зајакнување на контролните механизми на ДКСК, но и на други институции кои учествуваат во изборниот процес. Но и покрај постигнатите законски измени, ДКСК се соочи со предизвик за организација на расположливите ресурси - човечки, финансиски и временски поради ограничениот буџет, малиот број на вработени лица како и слабата техничка и софтверска опременост.

Поради посебните услови за работа наметнати од вонредната состојба предизвикани од COVID-19 кризата, донесените уредби со законска сила од страна на техничката влада на РСМ во периодот на вонредната состојба кои имаа ефекти врз изборниот процес и организацијата на вработените во јавниот сектор, по завршување на вонредната состојба на 13 јуни 2020 година и најавата дека изборите ќе се одржат во јули 2020 година, ДКСК со поддршка ИФЕС[7] – Меѓународна фондација за изборни системи, започна со реализација на проект за ангажирање на набљудувачи на изборната кампања.

[7] IFES - International Foundation for Electoral Systems

Целта на овој проект беше да се обезбедат докази за сите трошоци кои произлегуваат од активностите на изборното претставување на партиите и нивно поврзување со трошоците прикажани во финансиските извештаи за изборната кампања како и со обезбедените извори на финансирање. За оваа цел беа ангажирани 17 набљудувачи, ДКСК обезбеди онлајн обука со цел нивно запознавање со начинот на кој партиите ги реализираат изборните претставувања согласно законот, што се очекува од нив како набљудувачи да обезбедат за потребите на ДКСК, начинот на кој тоа ќе се реализира, беше изготвено и доставено Упатство за единствено постапување на набљудувачите каде беше објаснето на кои партиски активности набљудувачите треба да го насочат своето внимание и како истите да ги документираат. Добиените податоци групирани според учесници во изборната кампања беа споделени со Државниот завод за ревизија, како дополнителни докази за потврдување на објавените приходи и трошоци при ревизија на финансиските извештаи.

Во текот на изборниот период кој траеше од 16.2.2020 до 21.3.2020 година и од 24.6. до 12.7.2020 година (периодот од 22.3.2020 до 23.6.2020 година е период на вонредна состојба), до ДКСК беа доставени **32** поднесоци со наводи за сомневање за сторени прекршувања и непочитување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и одредбите од член 34 од ЗСКСИ, од кои:

- 5 – приговори поднесени од организатор на изборна кампања,
- 6 – поднесоци доставени како приговори по кои ДКСК постапуваше како редовни пријави бидејќи истите не беа поднесени од организатор на изборна кампања и
- 21 – пријави од правни/физички лица

Во текот на изборната кампања ДКСК одржа пет јавни седници во Клубот на пратеници согласно надлежностите предвидени со членот 33 од ЗСКСИ.

Постапувајќи по поднесените пет приговори ДКСК донесе:

- три одлуки за отфрлање на наводите. За една од донесените одлуки подносителот на приговорот достави тужба до Управен суд, но истата беше отфрлена како неоснована;
- две одлуки за прифаќање на наводите по што поднесена е една иницијатива до Владата за утврдување одговорност на избрано лице за повреда на член 8-а, а другата донесена одлука е поништена од Управен суд по поднесена жалба од сторителот на повредата на член 8-а од Изборниот законик.

Во однос на доставените 27 пријави, ДКСК постапи по сите и донесе:

- седум одлуки за запирање на постапката поради непотврдени наводи;
- единаесет одлуки за запирање на постапката поради непостоење елементи за натамошно постапување;
- шест одлуки за отфрлање на пријавите;
- две одлуки за доставување на пријавите на надлежно постапување на други органи;
- со една одлука утврди основаност на наводите за што изрече соодветна мерка.

ДКСК поведе и една постапка по сопствена иницијатива за повреда на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, односно спроведување постапка за избор на ректор за време на изборната кампања, но поради не соработка од страна на ректоратот, ДКСК не беше во можност во законски предвидениот рок да ги обезбеди потребните документи и одлучува на седница, поради што ДКСК донесе одлука за запирање на постапката по сопствена иницијатива, но постапувањето да продолжи по редовна постапка согласно член 23 од ЗСКСИ. Постапката е во тек.

Врз основа на анализата на доставените извештаи за примени донации на трансакциските сметки, како и извештаите со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања од денот на нејзиното отворање, ДКСК ги утврди следниве состојби:

- една политичка партија нема доставено ниту еден извештај;
- две партии доставиле само Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања
- две партии доставиле извештаи на обрасци кои не се пропишани со Изборниот законик

Ова укажува дека и покрај задолжителната обврска и јасно дефинираните рокови за доставување извештаи утврдени во Изборниот законик, учесниците во изборната кампања истата не ја исполнуваат во целост.

Од анализата на податоците во Вкупните финансиски извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања доставени од учесниците до 15.10.2020 година (датум на усвојување на Посебниот извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања) ДКСК утврди дека за одредени учесници во изборната кампања постои сомневање за непочитување на одредбата од член 83 став 2 алинеја 1, односно дека средствата од редовната сметка на политичката партија се користени за изборно финансирање, но и дека постојат индиции за прибирање и користење средства противправно или од анонимни извори спротивно на член 35 од ЗСКСИ. Согласно своите надлежности предвидени во член 35 став 2, ДКСК достави барања до Државниот завод за ревизија за проверка на изворот на средствата за пет учесници во изборната кампања и до Управата за финансиско разузнавање за проверка на финансирањето на еден учесник.

По добиеното известување од Управата за финансиско разузнавање, во јануари 2020 година, до Јавното обвинителство доставена е иницијатива за кривично гонење на одговорни лица во политичка парија за финансирање на изборна кампања противправно и од анонимни извори.

Проверките од страна на Државниот завод за ревизија се во тек.

На ден 02.10.2020 година, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесе решение број 09-3420/1 за распишување Предвремените избори за Градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип со датум на одржување на 13.12.2020 година, откако по одржаните предвремени парламентарни избори, градоначалничките места во наведените општини беа испразнети поради именување на градоначалниците на нови функции.

Во општина Пласница свои кандидати за градоначалник предложија партиите Демократска унија за интеграција- ДУИ и Движење за национално единство на Турците-ДНЕТ, а за Општина Штип: Интегра, Социјалдемократски Сојуз на Македонија-СДСМ; Коалиција: Иднината во наши раце (Демократи, Македонска Обединителна реформска организација, Работничка партија); Група избирачи – Трајчо Митев и Трајно Македонско радикално обединување – ТМРО.

Во текот на изборниот период кој траеше од 02.10.2020 година до 13.12.2020 година до ДКСК **не беа доставени никакви** приговори за утврдени незаконитости во водењето на изборната кампања, поради што ДКСК немаше обврска да постапува и одлучува на седници согласно постапките предвидени со членовите 32 и 33 од ЗСКСИ. Од страна на неколку институции беа доставени барања за согласност за постапување и спроведување на јавни набавки или вработувања, за кои ДКСК достави повратни известувања дека ниту

со Изборниот законик, ниту со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема надлежност да дава такви согласности, а за донесените одлуки од страна на одговорните лица за конкретните постапувања, доколку биде поднесена пријава, ДКСК ќе постапи по службена должност.

За исполнување на обврската за известување согласно член 36 од законот, ДКСК до Собранието на Република Северна Македонија во Октомври 2020 година достави Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори - 2020, а во март 2021 година го достави и Посебниот извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања за Предвремените избори за Градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип. До изготвувањето на овој Годишен извештај, Собранието на Република Северна Македонија сеуште го нема усвоено Посебниот извештај за Предвремените парламентарни избори – 2020. Извештаите се достапни на веб страната на ДКСК[8].

### 3.5. *Евидентирање и следење на имотната состојба*

***Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК***

(10) Ја евидентира и следи имотната состојба и интересите во постапка согласно со овој закон;
(11) Пропишува образец на изјавите за имотната состојба и интересите;
(12) Врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите;
(13) Соработува со други државни органи во обезбедување на потребните информации;

Овие надлежности треба да се реализираат со прибирање, евидентирање и анализирање на податоците од образецот – Изјава за имотна состојба и судир на интереси кој треба да биде електронски достапен и поднесен. Периодот за донесување на новиот образец – Изјава за имотна состојба и судир на интереси, е 60 дена од денот на конституирањето на составот на ДКСК, односно 08.04.2019 година (член 119 од ЗСКСКИ). До тогаш во примена ќе бидат старите акти[9].

Иако образецот -Изјава за имотна состојба и судир на интереси ДКСК го пропиша во законскиот рок, во отсуство на апликативен софтвер за негово електронско поднесување, и во 2020 година ДКСК не беше во можност да го усвои. Неможноста за реализација на оваа многу важна надлежност се должи на неколку причини:

- Проектот со УСАИД кој започна во јуни 2019 година и имаше за цел да обезбеди финансиска поддршка за изработка на тендерска документација со техничка спецификација за развој на модуларен софтвер кој ќе овозможи и електронско поднесување на образецот- Изјава за имотна состојба и судир на интереси, беше прекинат во ноември 2019 година по одлука на донаторот - УСАИД.
- Имајќи во предвид дека предлог буџетските планови за 2020 година се изготвуваат и доставуваат до Министерство за финансии до август 2019 година, откажувањето

---

[8] https://old.dksk.mk/fileadmin/user_upload/2020/Poseben_Izveshta___za_utvrdeni_zloupotrebi_vo_finansira__e_na_izbornata_kampa__a_Parlamentarni_izbori_2020.pdf

[9] Член 119 став 2 од ЗСКСИ: До донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон, ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15).

на донаторот во ноември 2019 година, не остави простор ДКСК навремено да испланира и побара средства за реализација на овој проект во 2020 година. Со максимални напори за оваа намена со Буџетот на РСМ за 2020 година, за потребите на ДКСК беа обезбедени 10.000.000 денари.

- Следејќи ги Уредбите на Владата на РСМ со законска сила за време на вонредната состојба предизвикана од Ковид-19 пандемијата во однос на ограничување на јавните набавки, по завршувањето на вонредната состојба и изборот на нова Влада на РСМ, во текот на август 2020 година, во рамки на планираните 10.000.000 денари ДКСК започна постапка за јавна набавка на софтверско решение: електронско доставување на образец - Изјава за пријавување на имотната состојба и интересите и образец Изјава за промена на имотната состојба и интересите. Поради битни пропусти и недостатоци во техничката спецификација, јавниот оглас во септември 2020 година беше поништен.
- ДКСК оцени дека за реализација на своите надлежности во целост, потребно да се обезбеди сеопфатно софтверско решение, па така по обезбедена согласност од Владата на РСМ за повеќегодишна набавка, со буџетот за 2021 и 2022 година се обезбедија потребните финансиски средства за набавка на потребното софтверско решение. Постапката ќе се реализира во текот на 2021 година.

Поради наведените состојби и околности, податоците за имотната состојба избраните и именуваните лица се уште ги поднесуваат обрасците пропишани со старите законски решенија. Нотарите и извршителите се уште не доставуваат податоци за својата имотна состојба и интереси пред се поради тоа што согласно преодните одредби на ЗСКСИ, оваа обврска треба да ја исполнат согласно ново пропишаниот образец.

Во текот на 2020 година до ДКСК се доставени вкупно **1519** обрасци за имотна состојба прикажани во Табела 9.

Табела 9: Преглед на поднесени анкетни листови

| Основ за поднесување на обрасци | 2020 година | 2019 година |
|---|---|---|
| Анкетни листови по избор/именување на функција | 607 | 1004 |
| Анкетни листови по престанок на функција | 439 | 479 |
| Обрасци за промена на имотна состојба | 473 | 524 |
| **Вкупно** | **1519** | **2007** |

ДКСК континуирано ги обработува ново поднесените анкетни листови и ги ажурира податоците за промена на имотната состојба, така што на својата WEB страница (www.dksk.org.mk) во 2020 година се објавени податоци од анкетни листови за сите 7491 избрани и именувани лица чиј мандат е активен.

## 3.6. *Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси*

Државната комисија е надлежна да врши проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотната состојба и интересите, во случаи кога постапува по конкретен предмет (член 92 од ЗСКСИ), како и врз основа на годишен план за следење на имотната состојба и судир на интересите (член 19 од ЗСКСИ). Во февруари 2020 година беше усвоен Годишен план со кој беше предвидена проверка на податоците за имотната состојба и судирот на интересите наведени во Изјавите од следните категории функционери:

-Претседатели на сите Основни судови во РСМ;

-Претседатели на сите Апелациони судови во РСМ и

-Поранешни јавни обвинители во Јавно обвинителство за гонење кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

За реализација на планираните проверки, ДКСК обезбедува информации и податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија. При тоа, освен од Централниот регистар на РСМ во чиј дистрибутивен систем ДКСК има непосреден електронски пристап, податоците од останатите институции се прибираат во печатена форма што го отежнува и забавува процесот на проверка на податоците од поднесените анкетни листови.

Во Табела 10 прикажани се состојбите за спроведена проверка на податоците за имотната состојба во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

Табела 10: Преглед за спроведена проверка на податоци за имотната состојба

| **Основ за постапување** | **2020 година** | | | **2019 година** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Сопствена иницијатива** | **По пријави** | **Вкупно** | **Сопствена иницијатива** | **По пријави** | **Вкупно** |
| Не поднесување/не навремено поднесување на анкетни листови/обрасци за промена на имотна состојба - член 82 или 85 | 35 | 12 | 47 | 60 | 39 | 99 |
| Проверка на податоци од анкетни листови – член 92 | 6 | 20 | 26 | 20 | 28 | 48 |
| Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2020 година | 42 | / | 42 | 73 | - | 73 |
| **Вкупно:** | **83** | **32** | **115** | **153** | **67** | **220** |

По спроведената административна проверка на дел од доставените изјави ДКСК:

- издаде 73 прекршочни платни налози, од кои 60 се однесуваат за не поднесување или ненавремено поднесување на Изјавата согласно член 82 од ЗСКСИ, а 13 прекршочни платни налози се издадени за непријавување на зголемување на имотот, согласно член 85 од Законот,
- Во истиот период до Прекршочната комисија на ДКСК поднесени се 16 барања за поведување прекршочна постапка поради неплатена глоба.

За 42 предмети донесе одлуки за затворање, а за останатите предмети, проверката на податоците е во тек.

### 3.7. *Регистар на избрани и именувани лица*

ДКСК води Регистар на избрани и именувани лица како единствена база на податоци за избрани или именувани лица, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија,

претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето (член 89 од ЗСКСИ).

Регистарот се ажурира на дневна основа со податоците што до ДКСК ги доставуваат овластени лица од институциите кои имаат надлежност да вршат избори и именувања, и тоа во рок од 15 дена од нивниот избор, именување, односно престанок на функцијата.

Од воспоставувањето на регистарот[10] до 31 декември 2020 година, внесени се податоци за 9.179 актуелни и поранешни избрани и именувани лица. Ова не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број институции кои вршат именување и разрешување не ја исполнуваат обврската за известување кон ДКСК. Од таа причина ДКСК не располага со реални и точни податоци за бројот на избрани и именувани лица, дали истите сеуште активно ја извршуваат функцијата или им престанал мандатот, дали е извршен реизбор и слично.

Ажурноста на Регистарот на избрани и именувани лица е од огромна важност за ДКСК заради остварување на другите надлежности поврзани со евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите и проверка на податоците од изјавите за интереси.

### 3.8. *Водење на прекршочни постапки*

За повредите на одредбите на ЗСКСИ, односно за непостапување или не навремено постапување од страна на службените лица, ДКСК има законска можност да поведе прекршочна постапка да го казни таквото однесување. Согласно член 114 за утврдените прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, Прекршочната комисија во ДКСК води прекршочната постапка и изрекува прекршочни санкции. Прекршочната комисија во ДКСК се бира од редот на овластени службени лица во Секретаријатот со соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

Прекршочна постапка се води согласно Законот за прекршоците и пред поднесување на барање за поведување на постапката, се спроведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог. За издадените прекршочни платни налози и за исходот на водените постапки, овластените службени лица водат евиденција.

Во Табела 11 се прикажани податоците за активностите на Прекршочната комисија во 2020 година.

Табела 11: Постапувања на прекршочна комисија во 2020 година

| Основ за прекршочна постапка | 31.12.2020 | 31.12.2019 |
|---|---|---|
| Неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотната состојба и непријавување на зголемување на имот членови 82 и 85 од ЗСКСИ | 80 | 101 |
| Ненавремено доставување на барани документи; Кумулација на функции;<br>Непријавување на судир на интереси | 16 | 16 |
| ***Вкупно издадени платни налози*** | ***96*** | ***117*** |
| Платени глоби | 44 | 96 |
| Прекршочна постапка | 22 | 14 |
| - Изречена санкција - глоба | 3 | 9 |
| - Отфрлено барање | 4 | 1 |

[10] Регистарот е воспоставен во 2016 година

| | | |
|---|---|---|
| - Повторено барање за поведување постапка со порамнување | 3 | |
| - Поднесени жалби до второстепена комисија | 3 | 6 |
| - Во тек | 9 | 4 |
| **Наплатени глоби во Буџет на РСМ во денари** | **472.005** | **937.840** |

Поради не подмирување на глобата утврдена во платниот налог, од овластените лица во ДКСК поднесени се 22 барања за поведување на прекршочна постапка за сторен прекршок. По поднесените барања за поведување на прекршочна постапка, заклучно со 31.12.2020 година, од страна на Прекршочната комисија во ДКСК донесени се три решенија со кои е изречена прекршочна санкција глоба, две решенија со кои се запира прекршочната постапка поради откажување на подносителот на барањето и две решенија со кои се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка. Во три случаи е вратено барањето за поведување на прекршочната постапка со цел спроведување постапка за порамнување согласно со закон. За останатите предмети постапката е во тек.

За утврдените прекршувања на законот согласно старото законско решение, по барање на ДКСК, прекршочната постапка ја водеше надлежен орган, односно Основниот суд Скопје 1 Скопје. Во текот на 2020 година од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје до ДКСК вратени се на надлежно постапување на Прекршочната комисија два предмети по кои Судот нема постапено. Прекршочната комисија во ДКСК постапуваше така што за еден предмет донесе решение со кои сторителот се ослободува од одговорност поради застареност на делото, додека во другиот предмет барањето за поведување на прекршочна постапка е вратено на ДКСК со цел спроведување на постапка за порамнување, согласно ЗСКСИ и Законот за прекршоците.

### 3.9. *Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти*

Антикорупциската проверка на легислативата (АПЛ), како клучен превентивен антикорупциски механизам се применува во голем број земји. Антикорупциската проверка на легислативата е нова надлежност на ДКСК утврдена со ЗСКСИ и препознаена како силна превентивна мерка, иако праксата за ваква проверка е започната уште од 2016 година. Од аспект на оваа со закон утврдена надлежност, ДКСК во посебна постапка, со посебен ангажман, обврска и експертиза, го изразува своето мислење за сите нацрт текстови на закони во подготовка кои се испраќаат до ДКСК заради добивање на мислење, со што се придонесува кон навремено пресретнување на сите евентуални точки на ранливост и ризик од корупција и судир на интереси во правните норми.

Важноста од АПЛ е препознаена и вградена и во член 68 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија[11]:

[11] Службен весник на Република Македонија бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16 и 153/16)

*„Министерствата и другите органи на државната управа материјалите што и ги доставуваат на Владата за разгледување, утврдување, односно донесување, претходно им ги доставуваат на мислење на надлежните, на соодветните и на заинтересираните органи на државната управа и на други државни органи во зависност од природата на материјалот што се разгледува, а* ***задолжително на****: ....* ***Државната комисија за спречување на корупцијата****, сите предлози на закони кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата.* ***Материјалите по кои не е прибавено мислење, нема да се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата****.“*

Методологија за антикорупциска проверка на легислативата, која во текот на 2020 година во соработка со Транспаренси Интернешнал Македонија беше ревидирана и надоградена. Целта на Методологијата е да се обезбеди непосредно, ефикасно и ефективно спроведување на оваа надлежност преку:

- дефинирање на процесот на антикорупциска проверка на легислативата и резултатите од процесот на спроведување;
- определување на опфатот или предметот на антикорупциската проверка
- дефинирање на ризиците од корупција и судир на интереси,
- прецизирање на содржината на Извештајот
- организација и управување со процесот
- дефинирање на улогата и задачите на секој од учесниците во процесот.

Во рамките на проектот, од страна на Транспаренси Интернешнал Македонија беше реализирана обука за две лица од Одделението за антикорупциска проверка на легислативата во однос на примена на Методологијата.

Ако се има предвид фактот што 2020 година беше изборна година , а до август 2020 година функционираше техничка влада заради спроведување на предвремените парламентарни избори, до крајот на 2020 година, Владата на РСМ не достави ниту еден предлог закон за антикорупциска проверка, согласно нејзиниот деловник.

Во рамки на своите надлежности, по доставени барања, но и по сопствена иницијатива ДКСК започна со антикорупциска проверка на следниве закони:

- Закон за земјоделско земјиште
- Правилник за начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на управата за јавни приходи,
- Законот за градење
- Законот за возила
- Законот за урбанистичко планирање
- Статутот на Стоматолошка комора на Р.С. Македонија
- Законот за јавните претпријатија

Исто така ДКСК континуирано е вклучена и учествува во работната група и даде значителен придонес при подготовка на измените на Изборниот законик од февруари 2020 година.

### 3.10. *Искуства од примена на Законот за спречување на корупција и судир на интереси*

Со Годишниот извештај за работењето на ДКСК за 2019 година, укажавме на слабости во неколку одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси кои се наметнаа како суштински проблеми и на своевиден начин ја отежнаа работата на ДКСК.

И во текот на 2020 година ДКСК се најде во незавидна ситуација во примената и на други одредби од Законот, од кои дел ги презентираме во овој Извештај.

***Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии***

**Член 31**
(1) Во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на политичка партија, Државната комисија по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување може **да донесе решение за отпочнување постапка за испитување на финансирањето на политичка партија**.
(2) Државната комисија **ја доставува иницијативата и решението** за отпочнување постапка до политичката партија чие финансирање го испитува со повик да се изјасни за наводите во иницијативата во рок од 15 дена од денот на нејзиното доставување до политичката партија.

Обврската ДКСК да донесе „Решение“ за започнување постапка за испитување на финансирањето на политичките партии, според воспоставената пракса е акт од управна постапка по кое решение правниот субјект кон кој е упатено има право на правна поука, жалба или во овој случај тужба до Управен суд. Бидејќи сеуште не е јасно уредено дали ДКСК е орган на државна управа што при остварувањето на своите законски надлежности доследно го применува Законот за општа управна постапка, ваквото законско решение од сам почеток ја става во неизвесност секоја иницијатива за постапување на ДКСК поради можноста за поништување на донесеното решение.

За надминување на оваа состојба потребно е редефинирање на начинот на кој ДКСК ќе започне ваква иницијатива.

***Забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата***

**Член 52**
Правно лице чиј основач или сопственик **било или е** избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик **е или било** член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

Предложеното глаголско време „**било“,** без при тоа да е наведен минимален или максимален период од периодот кога избраното или именуваното лице или член на неговото семејство бил основач или сопственик на правно лице практично значи дека тоа правно лице НИКОГАШ не може да користи заеми и други видови поддршка од државата, дури и после 20 години (н.з.) откако едно лице било избрано или именувано.

Ваквата формулација создава услови на нееднаквост на правните лица кон пристапот до државна помош, поради што е потребно утврдување на рокови во кои оваа забрана ќе биде валидна.

***Забрана на влијание за вработување блиски роднини***

**Член 56**
Службено лице **не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано** или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано

Наведеното законско решение како „декларативна норма“ е јасно и концизно, но во пракса е тешко применливо од причина што ***„влијанието“*** не може да се докаже, а е многу евидентно и од ДКСК препознаено и обелоденето во донесените одлуки како ***„злоупотреба на дискреционите права***“ од страна на службените лица. Многу е јасно дека блиските лица на избраните или именуваните лица не смеат да бидат „жртва“ на функцијата на своите роднини и да им биде скратено правото на вработување во правно лице што располага со државен капитал, но исто така евидентни се многу случаи на злоупотреба на функција токму заради вработувања на блиски лица: одговорни лица, членови на надзорни и управни одбори вработуваат блиски лица токму во органот каде се избрани користејќи ги законските норми: формално не учествува во комисија за избор при вработување, но влијанието е огромно и тешко за докажување.

Сметаме дека постои потреба од појасно дефинирање на овие состојби.

***Пријавување на имотна состојба и интереси***

**Член 82**
Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, **а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.**

ДКСК има обврска да провери дали избраните лица постапиле согласно овој член и доколку констатира ненавремено или не поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси, изрекува прекршочни мерки. Иако примената на оваа одредба е доста ефикасна, сепак постои ситуација која треба дополнително да се надмине.

Имено, судиите и претседателите на судовите се бираат од страна на Судски совет на РСМ, а обвинителите и претседателите на јавните обвинителства од страна на Совет на јавни обвинители на РСМ, во постапки утврдени со закон. Датумот на Актот за избор донесен од надлежниот Совет, не е конечен акт со кој на избраниот судија, обвинител, претседател му започнува работниот ангажман, туку истиот е одложен поради роковите за жалбени постапки што може да биде и подолг од 30 дена од нивниот избор. Во случај на поништување на донесеното решение за избор, ДКСК се соочува со можност од

започнување на постапка и изрекување на мерка кон судија, обвинител, претседател кој и можеби нема да биде именуван.

Поради тоа, потребно е да се утврдат рокови за поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси посебно за оваа категорија на избрани лица.

**Член 83**

Врз основа на проценка на ризик од корупција, **со закон кој регулира вршење на дејност од областа на одбраната, внатрешните работи или финансиите,** може да се пропише обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лица со посебни овластувања.

Со наведеното законско решение, во рамки на своите материјални закони само Министерството за внатрешни работи и Царинска Управа имаат предвидено поднесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лица со посебни овластувања. Изјавата се поднесува до матичните институции.

Во процесот на изработка на Националната стратегија за борба против корупцијата, од страна на ДКСК беше изработена и Анализа на ризиците од корупција во која се потврди дека постои потреба од зголемување на опфатот на лица со посебни овластувања со обврска за поднесување на Изјава за имотна состојба и интереси:

- инспектори на локално и државно ниво;
- службени лица кои издаваат разни дозволи, одобренија, лиценци во разни институции како на централно така и на локално ниво.

Постоечкото законско решение, оваа обврска да се уреди со законите кои регулираат вршењето на дејност од областа на одбраната, внатрешните работи или финансиите е голема пречка за зголемување на опфатот со овие лица ако се има предвид фактот што најголемо е незадоволство кај граѓаните поради нивното недоследно, селективно или неспроведување на законите, за што и не постојат соодветни казнени мерки.

Од таа причина ДКСК смета дека е потребно да се изврши измена во овој член и согласно Анализата на ризиците од корупција, да се опфатат областите и конкретни лица кои ќе бидат обврзани да поднесат Изјава за имотна состојба и интереси согласно овој закон.

***Јавност на изјавата за имотната состојба и интереси***

**Член 87**

(1) Податоците од изјавата за имотна состојба и интереси и пријавата за промена во имотната состојба и интереси претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.

(2) Податоците од изјавата за имотна состојба и интереси и пријавите за промена во имотната состојба и интереси, поднесени до Државната комисија, освен податоците заштитени со закон, се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

Сегашното законско решение нема утврдено рокови за јавна достапност на наведените податоци, а постојната електронска апликација на ДКСК обезбедува достапност на податоците во периодот на актуелниот мандат на едно избрано или именувано лице, и нивно автоматско отстранување по престанокот на мандатот.

Општо е позната состојбата за прикривање на вистинскиот сопственик при стекнување имот во период на активен мандат на избрано или именувано лице, исто како што е познато дека извесен период по престанокот на мандатот состојбите со имотот се менуваат. Законската регулатива, но и непостоење на општ закон за потекло на имотот ги спречува институциите, меѓу кои и ДКСК, за преземање соодветни активности за докажување дека истиот е стекнат поради корупtивни активности или злоупотреба на функција.

Поради наведеното, постои потреба од пропишување на временски период за јавност на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси во подолг период од периодот на мандатот на избраните и именуваните лица, законска надлежност ДКСК да спроведува постапка за проверка на имотот и по престанок на нивната функција, но и да се донесе Закон за потекло на имотот.

Наброените одредби и објаснувања за проблемите со кои се соочува ДКСК при нивната примена, се само дел од останатите одредби кои заради недоречености или други недостатоци се детектирани и влијаат врз ефикасноста во однос на превентивните мерки и во напорите за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

### 3.11. *Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ*

Почитувајќи ги начелата на законитост, транспарентност, отчетност и одговорност, исполнувајќи го одредбите на член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи[12], ДКСК во рамките на овој Извештај, втора година по ред го презентира Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи во 2020 година.

Со Законот за заштита на укажувачите (во натамошниот текст ЗЗУ), се воведе системот на заштита со цел да го поттикне и охрабри пријавувањето, односно да се воспостави систем за пријавување т.е. откривање на разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Во овој Извештај е прикажана состојбата со преземените активности поврзани со имплементацијата на ЗЗУ и подзаконските акти од страна на ДКСК и останатите институции од јавниот сектор од започнувањето на примената на ЗЗУ заклучно со 31 декември 2020 година.

#### *Законска регулатива*

Законот за заштита на укажувачите е донесен на 9.11.2015 година и започна да се применува од 18.03.2016 година. За негова имплементација беа донесени подзаконски акти[13], со кои се уреди начинот на постапување во врска со заштитеното внатрешно и надворешно пријавување во институциите од јавниот и приватниот сектор. Примената на подзаконските акти коишто произлегуваат од него започна заедно со Законот на 18.03.2016 година.

[12] Службен весник на Република Македонија број 196/2015, 35/18

[13] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор,
Правилник за заштитено надворешно пријавување и
Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

### *Постапување на ДКСК во имплементација на ЗЗУ*

Постапувајќи согласно надлежности утврдени во ЗЗУ и во подзаконските акти коишто произлегуваат од него, ДКСК презеде конкретни активности за воспоставување на системот на заштита на укажувачите, така што почнувајќи од април 2016 година, беше назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување согласно пропишаните услови. Усвоена е внатрешна процедура за начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи, која е објавена на веб страницата на ДКСК.

Во периодот од примена на ЗЗУ, до Собранието на Република Северна Македонија доставени се Годишни извештаи за примени пријави од укажувачи и тоа за годините 2016 и 2019 објавени на веб страната на ДКСК. За 2017 и 2018 година не се доставени Годишни извешти до Собранието на РСМ поради не функционирање на ДКСК.

### *Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи*

Со Законот за заштита на укажувачи, во членовите 4 и 5, институциите и правните лица од приватниот сектор се должни да назначат овластени лица за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување, кои што пак имаат обврска до ДКСК да доставуваат извештаи.

***Член 15 од Законот за заштита на укажувачи*** *:*
„Овластените, односно раководните лица на институциите, односно правните лица во јавниот сектор до кои се пријавува согласно со членовите 4 и 5 од овој закон, се должни до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи“.

Започнувајќи од 18 март 2016 година институциите од јавниот и приватниот сектор до ДКСК доставуваат известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи во овие институции. Согласно обврските предвидени со член 17 став 1 точка 21 од ЗСКСИ, а врз основа на добиените податоци, ДКСК воспостави Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи кој редовно се ажурира. Во Табела 12 прикажани се бројот на институции кои постапиле согласно ЗЗУ.

Табела 12: Број на институции и овластени лица по ЗЗУ

| Година | Број на институции* | Број на институции со овластени лица | Број на овластени лица | Во % |
|---|---|---|---|---|
| До 2019 | 1324 | 105 | 107 | 7,9% |
| 2020 | 1324 | 113 | 115 | 8,5% |

*- *Податоците се преземани од Годишниот извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор 2019 година. За 2020 година Извештајот сеуште не е објавен.*

Иако во 2020 година постои мало зголемување на бројот на институции кои назначиле овластени лица за прием на пријави од укажувачи во однос на 2019 година, (во 2 институции се назначени по 2 овластени лица), говори дека имплементацијата на ЗЗУ е сеуште на незадоволително ниво, а првенствено се должи на отсуство на политичка волја за воспоставување на ефикасен систем на заштита на укажувачите во институциите од јавниот сектор.

Од увидот на веб страниците на институциите се забележува дека дел од нив постапиле по ЗЗУ и правилниците и воспоставиле систем на заштитено внатрешно пријавување[14], но не ја исполниле обврската за извештајност кон ДКСК, односно не ги доставиле потребните известувања.

***Известување за примени пријави од укажувачи***

Институциите во јавниот сектор имаат обврска да доставуваат полугодишни извештаи за прием на пријави од укажувачи, кои треба да содржат општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави, согласно членот 15 од ЗЗУ. Иако обврската за доставување на полугодишни извештаи не се однесува на субјектите од приватниот сектор, забележливо е дека одреден број, самоиницијативно доставуваат полугодишни извештаи. Во Табела 13 прикажан е бројот на доставени извештаи до ДКСК по години.

Табела 13: Доставени полугодишни извештаи до ДКСК

| Година | Период | Институции од јавен сектор | Правни лица од приватен сектор | Вкупно | Институции кои примиле пријави | Поднесени пријави |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 01.01-30.06 | 53 | 6 | 59 | 0 | 0 |
| | 01.07-31.12 | 57 | 11 | 68 | 0 | 0 |
| 2020 | 01.01-30.06 | 54 | 6 | 60 | 5 | 10 |
| | 01.07-31.12 | 66 | 7 | 73 | 3 | 11 |

Споредбата на податоците за доставените извештаи со податоците од Регистарот, укажуваат дека иако повеќе од институциите имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно пријавување, не ја исполниле обврска за доставување извештај до ДКСК од причина што немаат примено пријави од укажувачи.

*Карактеристично е што исто како и минатата година, и во оваа 2020 година, Министерството за внатрешни работи, надлежните јавни обвинителства, Народниот правобранител на РСМ и другите надлежни институции како институции кои вршат заштитено надворешно пријавување не ја исполнија својата обврска и до ДКСК не доставија полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи.*

Ова говори дека дури и органите кои се задолжени да вршат заштитено внатрешно и надворешно пријавување, не ги исполнуваат своите надлежности предвидени во законот, односно дека институциите не се доволно посветени на исполнување на своите обврски предвидени со ЗЗУ.

***Анализа на примени полугодишни извештаи***

Во доставените полугодишни извештаи за првата половина од 2020 година, пет (5) институции известија дека овластените лица во тие институции примиле вкупно 10 пријави од укажувачи по кои биле преземени дејствија и мерки согласно Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти.

Во втората половина од 2020 година, три (3) институции известија дека примиле 11 пријави од укажувачи и постапиле согласно Законот.

[14] Назначено е овластено лице за прием на пријави од укажувачи, објавени се контакт податоци за овластените лица за прием на пријави од укажувачи, објавени се интерни процедури за заштитено внатрешно пријавување

Споредено со 2019 година кога ниту една институција не пријави дека примила пријава од укажувачи, податоците од 2020 година говорат дека постои мало подобрување во примената на ЗЗУ во однос на заштитено внатрешно пријавување. Поаѓајќи од фактот дека ЗЗУ познава два главни канали на заштитено пријавување, заштитено внатрешно пријавување во сите институции од јавниот сектор) и заштитено надворешно пријавување (МВР, надлежното јавно обвинителство, ДКСК, МВР, Народен правобранител), зголемувањето на бројот на поднесени пријави преку каналот на внатрешно пријавување покажува дека има охрабрување кај граѓаните за користење на оваа можност за пријавување на сомнежи за сторени незаконитости или неправилности во работењето на јавните институции, што претставува мал чекор напред во имплементација на ЗЗУ.

Од страна на институциите кои во рамките на внатрешното пријавување примиле пријави од укажувачи, известено е дека постапиле согласно законот, спроведени се конкретни дејствија во насока на проверка на наводите во пријавите и презеле конкретни мерки согласно закон.

***Постапување на ДКСК по примени пријави од укажувачи***

Зголемената доверба на јавноста во работата на ДКСК придонесе да се зголеми интересот на граѓаните за начинот на пријавување што го гарантира ЗЗУ.

Од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК, како и од членовите на ДКСК, на разни начини преку директна комуникација на разни собири, работилници, конференции или преку дадени изјави во медиумите, кон јавноста беа презентирани бројни информации за начинот на кој ДКСК постапува по овие пријави. Ова имаше за резултат, за прв пат од донесување на ЗЗУ, доставување на значителен број на пријави од укажувачи во кои беа изнесени наводи за сомневања или сознанија за незаконски или недозволени поведенија во институциите каде што тие работат или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување на услуги или остварување на друг вид деловна соработка). Зголеменото пријавување во ДКСК се должи и на основаниот страв од штетни последици по нив или нивни блиски лица што укажувачите можат да ги трпат во случаи на внатрешно пријавување, како и поради сомневање дека во рамките институции каде работат нема да се постапува по нивните пријави.

***Содржина на примените пријави***

Во поднесените пријави се содржани наводи со сомневање за незаконски, недозволени и неетички дејствија преземени од одговорните лица или од други службени лица во институциите каде што работат. Сите пријави доставени до ДКСК од укажувачите се за заштитено надворешно пријавување.

***Форма и начин на прием на пријавите***

Со Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор, укажувачот може да изврши заштитено надворешно пријавување усно на записник или писмено до овластено лице. Анализата на примените пријави од укажувачите покажа дека од 6-те вкупно примени пријави,

- три пријави во писмена форма се доставени преку пошта и
- три пријави во писмена форма по електронската пошта на овластеното лице.

***Податоци за анонимност/ доверливост на укажувачите***

ЗЗУ го дефинира укажувачот како лице кое со добра намера врши заштитено пријавување, кое не е должно да ја докажува добрата намера и вистинитоста на она што

го пријавува. На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира доверливост.

Во однос на податоците за анонимност или доверливост, од 6-те примени пријави, три пријави се доставени од доверливи укажувачи (нивниот идентитет е познат на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи), додека три пријави од анонимни укажувачи.

***Категорија на лицата кои се јавуваат во својство на укажувач***

Следејќи ја утврдената категоризација на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи согласно член 2 став (3) од ЗЗУ:

- 2 укажувачи се лица кои имаат засновано работен однос во институцијата, односно правното лице за каде пријавува,
- еден укажувач бил кандидат за вработување во институцијата односно правното лице за каде пријавува и
- 3 укажувачи кои беа анонимни и не можеше да се утврди нивната категорија согласно членот 2 став (3) од ЗЗУ.

***Преземени дејствија***

Согласно ЗЗУ, институциите каде може се врши заштитено надворешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Постапувајќи согласно своите надлежности, овластеното лице за заштитено надворешно пријавување во ДКСК оформи предмети по кои поединечно изврши проценка на содржината на пријавите и донесе заклучоци за проверка на наводите содржани во истите како и утврдување на фактичката состојба. Заради тоа до други институции достави вкупно **10** барања за:

- надлежно постапување до различни институции: за проверка/контрола /надзор на финансиското работење / примената на законските прописи во пријавената јавна институција;
- прибирање податоци и информации до разни институции: Министерството за внатрешни работи, Министерство за образование и наука, Агенција за катастар на недвижности, Државен испитен центар, Државниот инспекторат за труд, Државниот инспекторат за труд и други.

За дел од овие пријави, беше утврдено дека истите се во надлежно постапување на други институции за заштитено надворешно пријавување[15], но од причина што во истите (освен во МВР) не се воспоставени функционални системи за заштитено надворешно пријавување, ДКСК мораше да постапи во однос на проверка на наведените сомневања.

***Статус на предметите и ефекти од постапувањата***

Во табела 14 прикажани се ефектите од постапувањата на ДКСК по однос на предметите формирани по пријави од укажувачи заклучно со 31 декември 2020 година.

[15] Член 5 од ЗЗУ: Заштитено пријавување укажувачот може да врши и со пријавување до: МВР, надлежното јавно обвинителство, ДКСК, Народниот правобранител на РМ или други надлежни институции односно правни лица

Табела 14: Постапувања на ДКСК по пријави од укажувачи

| Опис на активност | Постапувања во 2020 година | Постапувања во 2019 година |
|---|---|---|
| Број на примени пријави | 6 | 19 |
| Број на пријави по кои се отворени предмети | 6 | 19 |
| ПОСТАПУВАЊА НА ДКСК | | |
| Доставена пријава до други институции на заштитено надворешно пријавување согласно ЗЗУ на натамошно постапување | 1 | |
| Донесени одлуки | 17 | |
| - Непотврдени наводи | 12 | |
| - Нема законски основ за постапување на ДКСК | 4 | |
| - По барање на подносителот, предметот беше доставен за постапување во редовна постапка на ДКСК | 1 | |
| Постапувањето на ДКСК е во тек | 5 | |
| ПОДНЕСЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
| ➢ Иницијативи до надлежен орган за утврдување одговорност на службено лице и<br>Иницијатива до ЈОРСМ | 1<br>1 | |
| Укажување со насоки за преземање на мерки и дејствија до одговорно лице во институцијата, постапувањето на ДКСК по предметот е во тек | 1 | |

- ➢ Од постапувањето по еден предмет произлегоа две иницијативи

Во 12 предмети по проверка на наводите и утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека наводите не се потврдени и одлучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретните предмети за што беа известени и укажувачите.

По постапување по предметите и запознавање со содржината во пријавите, констатирано е дека во два предмети ДКСК нема законска надлежност за постапување бидејќи други органи се надлежни за постапување, поради што доставени се информации до Народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи за нивно надлежно постапување.

Постапувајќи по друг предмет, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување поради непостоење правен основ за санкционирање на пријавениот градоначалник за сторените прекршувања на одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за локална самоуправа поврзани со наводите во пријавата. Исполнувајќи ја својата превентивна улога, согласно надлежноста утврдена во член 17 став 1 точка 2 од ЗСКСИ, ДКСК пристапи кон антикорупциска проверка на Законот за јавните претпријатија со цел предлагање на измени и дополнувања на законот со казнени одредби со што би се создал правен основ за санкционирање на сторителите во случаи на непостапување или постапување спротивно одредбите од овие закони во иднина.

Постапувајќи по еден предмет ДКСК констатира потврдување на наводите во доставената пријава поради што беа доставени иницијативи до Владата на Р. Северна Македонија за утврдување на одговорност за пријавеното лице и иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство Скопје. ДКСК нема добиено информации за поставувањата на јавното обвинителство.

По утврдување на основаноста на наводите во една пријава, ДКСК достави Укажување до раководното лице на министерството посочено во пријавата за преземање конкретни мерки и дејствија во насока на надминување на состојбата констаирана од ДКСК. Од страна на раководното лице на министерството беа преземени низа дејствија во насока на решавање на утврдената состојба, а постапувањето е сеуште во тек.

Донесените одлуки по овие предмети се објавени на веб страната на ДКСК.

### 3.12. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер

Со Уставот на Република Македонија, како едно од основните права на Граѓанинот од корпусот – „Граѓански и политички слободи и права“ е гарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите.

Тргнувајќи од начелото на јавност утврдено во ЗСКСИ, имајќи во предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на транспарентност на мерките и активностите кои ги презема ДКСК, со посебен професионален однос се пристапува кон предметите по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Така, во текот на 2020 година, до ДКСК беа поднесени 39 барања за пристап до информации од јавен карактер и по истите постапено е во законски утврдениот рок. Од вкупно поднесените 39 барања за пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено на 36 барања, а 3 барања се одбиени. По одбиените барања, подносителите не поднеле жалби до надлежната Агенција.

### 3.13. *Спроведување на препораките од ГРЕКО во надлежност на ДКСК*

Петтиот круг на оценка на ГРЕКО[16] се однесува на спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот. Во Извештајот за Северна Македонија усвоен во 2019 година, дадени се 23 препораки кои најмногу се однесуваат кон лицата и институциите од извршната власт и Министерството за внатрешни работи односно Бирото за јавна безбедност, но и кон ДКСК, исто како и во претходните ГРЕКО евалуации, во улога на институција што треба да обезбеди исполнување на конкретни препораки.

Заради исполнување на препораката број VI од Извештајот – *„Правилата за ad-hoc откривање и управување со случаи на судир на интереси треба да се надополнат со практични упатства и практични мерки за нивно спроведување, како што се посветена обука, советување и подигање на свеста за лицата што вршат највисоки извршни функции“*, ДКСК изработи „Практично упатство за правилата за ad-hoc откривање и управување со случаи на судир на интереси за членовите на Владата на Република Северна Македонија“ и во текот на декември 2020 година спроведе обука во вид на on-line работилница за членовите на Владата на која учествуваа и директори и други лица именувани од Владата.

Исто така, со цел исполнување на препораката број XIV (i) *„Ревидирање на Кодексот на полициска етика во широка консултација со широк круг на засегнати страни, вклучувајќи полициски персонал на сите нивоа, нивни претставници и граѓанското општество, со цел да се консолидираат постојните одредби и да понудат сеопфатни практични насоки за етичките прашања, меѓу другото за интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција“*, ДКСК во соработка со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во текот на

[16] Група на држави за борба против корупцијата формирана во 1999 од Совет на Европа

ноември 2020 година спроведе обука за високи полициски службеници на тема „Судир на интереси, интегритет и политичка неутралност“.

Заложба на ДКСК е дека овие обуки и работилници треба континуирано да се одржуваат со цел постојано јакнење на свеста за интегритет и етичко однесување на лицата опфатени во петтиот круг на оценка на ГРЕКО.

## 4. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА

Извештаите, евалуациите и истражувањата на меѓународни и домашни организации, тела, комисии се релевантни документи за оцена на состојбата со корупцијата во Република Северна Македонија.

На прво место е секако Извештајот на Европската Комисија за напредокот на РСМ за 2020 година, каде во извршното резиме е наведено дека Северна Македонија има одредено ниво на подготовка односно е умерено подготвена. Иако е постигнат добар напредок преку консолидирање на учинокот за истражување, гонење и судење случаи на корупција на високо ниво, сепак корупцијата е распространета во многу области и треба да се обезбеди поактивен пристап од сите чинители кои се занимаваат со спречување и борба против корупцијата.

Во Извештајот, во делот на економскиот развој и конкурентност, се посочува дека влијанието на корупцијата во економијата останува главно ограничување за приватните компании во водењето деловни активности и влијаат негативно врз однесувањето на инвестициите. Кај јавните набавки, „земјата треба да ги зголеми напорите за спречување на неправилности и корупција за време на циклусот на набавка и за обезбедување на поефикасен систем на јавни набавки, следејќи ги начелата на транспарентност, еднаков третман, слободна конкуренција и не дискриминација“. Исто така „образовниот систем е ранлив на политичко влијание и корупција“.

Во делот од Извештајот што се однесува на Поглавјето 23 – Правосудство и фундаментални права, е истакнато дека и натаму треба да продолжат напорите за да се стави крај на корупцијата на сите нивоа.

Во однос на Државната комисија за спречување на корупцијата, во Извештајот се наведува дека таа е особено проактивна во спречувањето на корупцијата и отвори голем број случаи, вклучително и оние во кои се вклучени високи функционери од целиот политички спектар. Понатаму се вели дека ДКСК продолжува да ги решава наводите за непотизам, блискост и политичко влијание во процесот на вработување во јавниот сектор, но, од страна на националните авторитети треба да се осигури соодветно следење на нејзините извештаи и препораки.

Основните препораки што се дадени во Поглавјето 23 се однесуваат на:

- „Да се зголеми евиденцијата за конечни пресуди за случаи на корупција на високо ниво, вклучително и со понатамошно одземање на криминални средства“ и
- „Да се демонстрира политичка волја за борба против корупцијата преку поддршка на релевантни тела со натамошни финансиски и човечки ресурси и преку обезбедување јасни политички упатства за сите државни институции за тоа како да се справат со корупцијата во согласност со препораките на Државната комисија за спречување на корупцијата“ и
- „Јавното обвинителство мора да го покаже својот капацитет да биде проактивно во спроведувањето на случаите упатени од Државната комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија и други институции“.

Извештајот за Северна Македонија во рамките на Петтиот круг на оценка на ГРЕКО што се однесува на спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот што беше усвоен во март 2019 година, содржи вкупно 23 препораки од кои девет се однесуваат на извршната власт, а 14 во однос на органите за спроведување на законот, односно за МВР. Како што е наведено во Извршното резиме, „овој извештај ја оценува ефективноста на законската рамка во Северна Македонија за спречување на корупцијата

во однос на лицата на кои им се доверени највисоките извршни функции (министри и државни секретари, како и политички советници) и припадниците на полициските сили, како во Бирото за јавна безбедност така и тие кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи. Корупцијата се смета за сериозен проблем во Северна Македонија. Тековниот извештај има за цел да ги зајакне можностите на земјата за борба против корупцијата, особено во однос на транспарентноста, интегритетот и одговорноста на јавните службеници и институции". Одговорите во однос на исполнувањето на препораките беа доставени до ГРЕКО во текот на декември 2020 година и во март 2021 година од страна на ГРЕКО ќе биде усвоен првиот извештај за усогласеност и доставен до Владата, по што ќе биде познато колку од препораките се исполнети, делумно исполнети или неисполнети.

Индексот на перцепција на корупцијата на Транспаренси Интернејшенел (ТИ) покажува дека последниве години Република Северна Македонија стагнира во борбата против корупцијата, но едновремено бележи и пад на ранг листата на земјите. Така во извештајот за 2019 година, што ТИ го објави на почетокот од 2020 година, Северна Македонија го зазеде 106-то место со 35 индексни поени, додека во извештајот за 2020 година, објавен во јануари 2021, земјава оствари исто така 35 индексни поени но забележа пад и се наоѓа на 111 место.

Ризиците од корупција нотирани во претходно наведените извештаи се исто така препознаени и обелоденети во ревидираната Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за што се предложени соодветни мерки и активности во Акциски План 2021-2025 година за нивно надминување.

Сето ова укажува дека **состојбата со корупцијата е сериозна** и неопходни се натамошни чекори за зајакнување на материјално-техничките и човечките капацитети на надлежните институции, нивна независност и проактивност во постапувањето.

# 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

## 5.1. Деловник *за работа на ДКСК*

Деловникот за работа е основен документ со кој поблиску се уредува начинот на работа и одлучување на ДКСК. Истиот е донесен на 05.03.2019 година, а потоа во август 2019 година е изменет и дополнет.

Во јуни 2020 година, ДКСК го измени и дополни Деловникот за работа во насока на доуредување и унапредување на работењето на ДКСК пред се во услови на итност и вонредна состојба и одржување на седници преку видео конференциска врска.

Во јули 2020 година ДКСК утврди пречистен текст на Деловникот за работа и истиот е објавен на веб страната на ДКСК.

## 5.2. Стратешки план за период 2021-2023

Стратешкиот план на ДКСК е сеопфатен документ со кој беа утврдени приоритетните цели, мерките и активностите што треба да се преземат за реализација и креирање на соодветни политики со цел постигнување на истите.

Зајакнување на одлучната и неселективна борба со корупцијата и судирот на интереси и јакнење на интегритетот и независноста на институциите во насока на владеењето на правото и доброто управување е приоритет кој треба да се оствари преку реализација на Стратешкиот план во периодот од 2021 до 2023 е следниот.

Реализацијата на овој приоритет е планирано да се оствари преку исполнување на следниве Стратешки цели:

- Унапредување на системот за превенирање и спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- Донесување на основани и спроведливи одлуки на ДКСК;
- Подобрување на квалитетот на координацијата и соработката со органите на државната управа, јавните институции и граѓанските организации и
- Зајакнување на институционалниот капацитет на ДКСК.

Со Стратешкиот план планирани се ресурсите за реализација на наведените програми: потребниот број на вработени, потребните финансиски средства распределени во текот на годините 2021, 2022 и 2023 година.

## 5.3. Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите

Заради подобро информирање на граѓаните и на сите засегнати страни во Република Северна Македонија и воспоставување ефикасен и ефективен систем на заштитено пријавување и заштита на укажувачите во земјата, но и да се охрабрат граѓаните за пријавување на незаконски, недозволени или друго незаконито однесување, врз основа на меѓународните практики и искуства, во 2017 година започна да се изготвува Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите преку ИПА 2012 Проект "Зајакнување на националните капацитети за борба против организираниот криминал и корупцијата".

Како резултат на оваа активност, во март 2019 година ДКСК усвои „*Стратегија за промоција на системот за заштита на укажувачите*" која има три цели:

- Спроведување на кампања за подигање на јавната свест за промовирање на позитивните аспекти на заштитеното пријавување и улогата на укажувачите,
- изработка и дистрибуција на памфлет за најдобрите практики, системи и процедури за заштитено пријавување и
- реализација на обуки за различни целни групи.

Иако се очекуваше имплементацијата на оваа Стратегија за се реализира во 2020 година, сепак голем дел од активностите се одложија за реализација во 2021 заради ефектите од Ковид-19 пандемијата. Во 2020 се започнаа сите подготвителни активности околу обезбедување на експерти и новиот изглед на on-line обуки кои станаа особено актуелни во последниов период.

## 5.4. Критериуми за рангирање на предметите по кои постапува ДКСК

Соочувајќи се до огромниот број на пријави што граѓаните ги доставуваа како во текот на 2019 (1172 пријави), така и во 2020 година (550 пријави), ДКСК се најде во ситуација да троши време за одлучување по предмети кои се во надлежност на други органи, или пак воопшто не содржат елементи кои укажуваат на коруптивно однесување или злоупотреба на службена должност. Имајќи ги во предвид ограничените ресурси со кои располага (вработени, софтверски апликации), но и ризикот од ненавремено постапување по пријави со јаки и основани наводи, ДКСК се изготви „Упатство за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави“.

Целата на ова Упатство е преку евалуација на дефинираните критериуми, на објективен начин да се изврши избор на пријави по кои ДКСК ќе постапува а кои содржат доволно јасни и цврсти наводи за коруптивни постапувања или судир на интереси за службени лица во период на нивниот активен мандат. Со Упатството ќе бидат опфатени пријавите доставени по 01.01.2020 година и истото е објавено на веб страната на ДКСК.

## 5.5. Транспарентност во работењето на ДКСК и информирање на јавноста

Навременото известување на јавноста и транспарентност при работењето се основно мото во дејствувањето на ДКСК. Иако седниците на кои ДКСК ги носи одлуките од своја надлежност се јавни и медиумите редовно присуствуваат за нивното времетраење, ДКСК секогаш навремено ја известува јавноста за актуелни предмети, состојби и активности.

ДКСК во текот на 2020 година оствари 60 состаноци и средби со претставници од домашни институции, 40 состаноци со странски делегации и организации со цел зајакнување на меѓу институционалната соработка и обезбедување поддршка на капацитетите и активностите на ДКСК. Претседателот и членовите на ДКСК присуствуваа на две меѓународни конференции и четири конференции со претставници од земјата (организирани Online) на кои фокус беше состојбата со корупцијата и активностите за нејзино спречување.

Во насока на информирање на јавноста беа одржани три прес конференции, претседателот и членовите на ДКСК присуствуваа на 30 телевизиски јавни дебати и контактни емисии, а дадени се повеќе од 50 интервјуа.

# 6. Соработка со други институции и меѓународна соработка

Соработка со граѓанските и меѓународните организации чија активност е поддршка на борбата против корупцијата започната во 2019 година успешно продолжи и во текот на 2020 година. Новиот вид on-line комуникација со партнерите од граѓанските организации и меѓународни институции наметната поради следење на препораките за заштита од Ковид-19 пандемијата, не го намали бројот на проекти кои во текот на 2020 година имаат конечни испорачани резултати или започнаа да се реализираат.

## 6.1. Соработка со граѓански организации

***Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата***

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата формирана од 16 граѓански организации[17], даде несебичен придонес и поддршка на ДКСК во како во фазата на изготвување на Националната стратегија за спречување на корупцијата 2021-2025, така и во фазата на нејзино ревидирање во периодот ноември-декември 2020 година. Обезбедувајќи финансиска поддршка од разни извори, како проекти кои се реализираа во 2020 година, а се поврзани со работењето на ДКСК се следниве:

*Проект: „Набљудување на успешноста на работата на ДКСК“*

Реализацијата на овој проект започна во текот на 2019 година со главна цел - следење на активностите на ДКСК и анализа на донесените одлуки за предметите по кои постапува. Извештајот е изготвен врз основа на анализа на документи кои се јавно достапни на веб-страницата на ДКСК, истиот е објавен и јавно достапен на веб страната на Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата[18].

Како резултат на спроведените активности со овој проект, во текот на 2020 година објавени се и следните извештаи:
- Прв извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција за период март – септември 2019
- Втор извештај за работата на Државната комисија за спречување корупција за период октомври – декември 2019;
- Студија за јавни политики: Зголемување на ефикасноста на работењето на ДКСК;
- Методологија и инструменти на Антикорупциска комисија во пресрет на изборите;
- Истражување: Проблемите во финансирањето на политичките партии;
- Предизвиците на отчетност и внатрешен интегритет на институции со висок ризик од корупција;

[17] Асоцијација за демократски иницијативи, Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје, Истражувачки центар за граѓанско општество, Коалиција за правично судење, Македонски центар за меѓународна соработка, МОСТ, Метарморфозис, Охрид Институт, Транспаренси Интернешнал Македонија, *Транспарентност Македонија, Фондација Отворено општество – Македонија, Форум ЦСИД, Центар за граѓански комуникации, Центар за истражување и креирање политики, ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, Хелсиншки комитет за човекови права, SCOOP – Центар за истражувачко новинарство*

[18] http://antikorupcija.mk/mk/record.php?id=1182&mv=4&fbclid=IwAR1NhsjcGV2-HUfOt8xvOb8s-5Me40q5Lv2cFMYJCocEF3MrPo22eAOjg9s

Во рамките на истиот проект, како поддршка на законските надлежности на ДКСК, беше започната антикорупциска проверка на легислативата на четири законски решенија. Проектот е сеуште во тек.

***Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје ИДСЦС***

*Проект: "Антикорупциска едукација на учениците во средните училишта"*

Проектот "Антикорупциска едукација на учениците од средните училишта", започнат во 2019 година продолжи да се реализира и во 2020 година. Проектот се реализира во соработка со граѓанската организација Институт за демократија – ИДСЦС, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Во првата половина од 2020 година беа изготвени прирачници за професорите и учениците, но и се подготви и едукативна кампања – антикорупциски речник. Дел од истиот е објавен и на веб страницата на ДКСК.

Во втората половина од 2020 година, во средните училишта по предметот Граѓанско образование, во часовите за учениците беа вклучени и антикорупциски содржини.

***Транспарентност Македонија – ТМ***

*Проект: „Следење на работата, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на ДКСК"*

Во јуни 2019 година, ТМ во соработка со Институтот за човекови права и поддршка на Амбасада на Велика Британија во Република Северна Македонија, започна со проект **„**Следење на работата, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на Државната комисија за спречување на корупцијата**" -** сличен на претходниот. Проектот кој заврши во март 2020 година имаше за цел, со анализа на законските надлежности и следењето на работата и постигнувањата на ДКСК, да се даде оценка за нејзината ефективност и транспарентност, по што ќе произлезат предлог -препораки за унапредување на состојбите.

Во 2019 година беа издадени два квартални извештаи за следење на работата на ДКСК достапни на веб страната на Транспарентност Македонија, а во 2020 година издаден е Трет квартален извештај за следење на работата на ДКСК за период декември 2019 – февруари 2020 година, исто така објавен на веб страната на ТМ [19].

***Транспарентност Интернешнал Македонија***

*Проект: „Проценка на ризични области и ризични точки при пријавување на имотната состојба"*

Со член 19 став 1 од ЗСКСИ предвидува ДКСК да усвои годишен план за следење на имотна состојба и судирот на интереси врз основа на идентификувани ризици од корупција на одделни категории на субјекти и слично[20]. Заради изработка на овој годишен план и

[19] http://www.transparentnost-mk.org.mk/sodrzina_detalno.aspx?id=305

[20] (1) Државната комисија во последните три месеци од тековната година усвојува годишен план за наредната година за контролата на финансирањето на политичките партии и следење на имотна состојба и судирот на интереси, применувајќи пристап заснован на проценка на ризикот од корупција, при што е должна да ги земе предвид:

избор на примерок врз основа на објективни критериуми, со финансиска поддршка од USAID, обезбедена е експертска помош и за таа цел Транспарентност Македонија изготви и до ДКСК достави „Методологија за проверка на имотната состојба на судиите" врз основа на утврдени ризични точки при пријавување на имотната состојба и детектирање на можностите за прикривање на имотната состојба.

Оваа Методологија треба да биде основ избор на судии кои ќе бидат опфатени со годишните планови за проверка на изјавите за имотна состојба.

*Проект: „Ранливост на законската регулатива во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам"*

Реализацијата на овој проект започна во септември 2019 година, како нужност за надминување на состојбите при вработувањата во јавниот сектор, а кои произлегуваат од недоволно регулирани постапки, нејасни или непостоење на процедури, големи дискрециони овластувања при избор во постоечката законска регулатива. Големиот број на предмети по кои постапуваше ДКСК и покрај законското регулирање, укажуваа на силно партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентализам, особено во јавните институции и акционерските друштва формирани од Влада на РСМ, што говори за вградена корупција во самите закони.

Ова ја иницираше потребата од скенирање и анализа на правната регулатива (законските и подзаконските акти) со кои се уредува постапката за пополнување на работните места во јавниот сектор, и тоа преку постапка за вработување, постапката за унапредување и постапка за мобилност на службениците во јавниот сектор, се со цел да се проценат видовите ризици и степенот на корупција во постапките за вработување во јавниот сектор, да се идентификуваат слабостите и да се дадат препораки за надминување на утврдените слабости.

Проектот беше реализиран со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија и октомври 2020 беше издаден Финален извештај: "Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам."

Со проектот беа анализирани 31 закон, подзаконски акти, три Годишни извештаи од Регистарот за вработените во јавниот сектор, изработен е Акциски план со вкупно 42 соодветни препораки со предложени 151 активности кои треба да се преземат за измена на одредени закони заради надминување на нотираните ранливи точки во постапките за вработување, унапредување и мобилност на административните службеници[21]. Во самиот извештај изработена е и Методологија за спроведување тромесечен мониторинг над спроведување на препораките. Финалниот извештај е доставен и до Владата на РСМ и Министерството за информатичко општество и администрација, како bench marks на дел од активностите на работната група за Реформа во јавната администрација.

Транспарентност Интернешнал Македонија со обезбедена финансиска поддршка од USAID CEP за потребите на ДКСК изврши ажурирање на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата и обезбеди обуки за вработените за нејзина имплементација.

---

- податоците за идентификувани ризици од корупција согласно со анализата на ризик од корупција од членот 17 став 1 точка 17 од овој закон,

- податоците за ризикот на одделни категории на субјекти, одделни субјекти и други достапни податоци за субјектите и слично.

[21] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2020/12/%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98.pdf

Соработката на овие и на други активности во рамки на проектот ќе продолжи и во 2021 година.

***Асоцијација за демократска иницијатива и Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење"***

*Проект: Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција*

Проектот кој започна да се реализира во февруари 2019 година со цел подобрување на работата на институциите со мандат за борба против организираниот криминал и со рок на реализација 30 месеци, има за ефект постигнување специфични проектни цели:

- подобрување на транспарентноста на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) и
- оценка на ефикасноста на Основниот суд Скопје 1 во постапувањето по случаи на организиран криминал и корупција

и зголемување на довербата на јавноста во институциите кои имаат мандат за борба против организираниот криминал и корупција.

Во рамките на проектот, за периодот јануари – јуни 2020 е издаден е извештај: *Транспарентноста на институциите за спречување на корупцијата во време на пандемија: Колку е значајна борбата против корупцијата во вонредна состојба".*

### 6.2. Соработка со меѓународни организации

Поддршката кон ДКСК не изостана и од меѓународната заедница, така што во текот на 2020 година со директна поддршка започна реализација на многу активности со кои се остваруваат неколку важни надлежности на ДКСК.

***УСАИД – НМСИ***

Соработката со УСАИД продолжи и во 2020 година преку реализација на проектот на НМСИ со цел развивање на комуникациски капацитети на ДКСК. Оваа активност беше фокусирана кон членовите на ДКСК и беа подготвени и испорачани повеќе документи :

- Проценка на состојбата на ДКСК и Анализа на ставовите за селектирани новинари
- Комуникациска стратегија
- Поставување на системот на комуникации и дефинирање на процедури
- Политика за односи со медиуми и Политика за комуникација на социјални медиуми
- План за комуникација на социјалните медиуми
- Избор на лого и слоган
- Креирање профили на социјалните медиуми
- Организација и одржување на обуки  со испорака на прирачник
- испорака на дневни медија мониторинг извештаи
- испорака на дневен клипинг извештај и комуникациски консалтинг по потреба
- Дизајн и продукција на елементи за брендирање и книга на графички стандарди

***Совет на Европа***

Во рамките на воспоставената соработка со проектот против економски криминал, кој се имплементира од страна на Советот на Европа, во рамките на Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција, во првата половина од 2020, се реализираше работилница на тема; „Проценка на капацитетите на државната комисија за спечување корупција за финансирање на политичките партии“. Соработката со Совет на Европа ќе продолжи и понатаму по утврдениот план на активности. На работилницата одржана на почетокот на март 2020 година покрај претставници на ДКСК присуствуваа и претставници од ДИК, ДЗР и ААВМУ како институции кои на некој начин вршат мониторинг над политичките партии како над редовното работење, така и на нивните активности во текот на изборниот процес. Од оваа работилница за потребите на ДКСК произлегоа два документи: „Методологија за спроведување контрола/следење на активности поврзани со финансирање на политичките партии и изборните кампањи“ и „Упатства и внатрешни постапки за следење на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи од Државната комисија за спречување на корупцијата“.

***Регионална Антикорупциска Иницијатива***

Во септември 2020 година, Регионалниот секретаријат за борба против корупција (Секретаријат на РАИ) и ДКСК потпишаа Меморандум за разбирање и соработка со цел унапредување на каналите за известување на укажувачите и механизмите за нивна заштита, преку имплементирање на активностите предвидени во рамките на проектот финансиран од ЕУ „Прекинување на тишината: Унапредување на политиките и културата на укажување на земјите од Западен Балкан и Молдавија“ (во натамошниот текст: Проектот) имплементиран од РАИ Секретаријатот.

Крајната цел на потпишувањето на Меморандумот е зајакнување на каналите за обелоденување на информациите и механизмите за заштита во рамки на надлежностите на ДКСК, што е клучно за поттикнување на укажувањето како ефективна алатка за спречување, откривање и истражување на корупцијата.

***ОБСЕ Мисија во Скопје***

Долгогодишната соработка со ОБСЕ Мисијата во Скопје продолжи и во 2020 година, преку потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу ОБСЕ и ДКСК за спроведување на заеднички активности за периодот 2020-2022. Во рамките на овој документ е договорено ОБСЕ да даде стратешка поддршка на ДКСК во нејзините напори во спроведување на активностите во обласа на превенција на корупцијата и јакнење на личниот и институционалниот интегритет, особено на локално ниво, и во согласност со националните стандарди, заложбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди.

Во 2020 година во рамките на проектот беа изготвени „Политика на интегритет на локално ниво“ и „Насоки за примена на Политиката на интегритет на единиците на локалната самоуправа“.

*Проект: ИПА II - Поддршка кон реформата на јавната администрација.*

Поддршката на ДКСК преку овој проект е насочена преку шест (6) области:

- Зајакнување на капацитетите на ДКСК преку обуки и подобрување на организациската поставеност заради подобро реализирање на своите

надлежности и развивање на соодветни ИТ алатки за подобрување на комуникацијата и мерењето на перформансите, транспарентноста и отчетноста на ДКСК;
- Промовирање на концептот на интегритет и негова имплементација на политичко и професионално ниво, вклучувајќи развивање на соодветни ИТ алатки за прибирање на податоци и мониторирање;
- Поддршка во имплементација на Законот за заштита на укажувачите и јакнење на свеста за позитивниот контекст на заштитата на укажувачите;
- Поддршка за развој и спроведување на кампањи за борба против корупција, за подигање на свеста во рамките на јавната администрација, деловната заедница, претпријатијата во државна сопственост и граѓанското општество за важноста на етичкото однесување и интегритетот, како и на достапните алатки за спречување на корупција и судир на интереси;
- Надградба и интерконекција на имплементацијата на платформата за е-учење со Системот за управување со учењето (LMS) во рамките на МИОА и развој на лекции за интегритет, заштита од невистини, етика, корупција и судир на интереси со соодветен методолошки пристап и аудио-визуелна содржина за различни целни групи и
- Поддршка во процесот на Националната стратегија за спречување и репресија на корупцијата и конфликт на интереси во делот на развој на ИТ алатка за нејзино следење.
- Дополнителна активност која ќе се обезбеди преку проектот е изработување на софтверско решение за антикорупциска проверка на легислативата

Период на имплементација на проектот е 24 месеци.

Имајќи ја предвид актуелната состојба со пандемијата, голем дел од активностите предвидени за реализација во првата година се пролонгираа.

*ИПА* - Реорганизација на државната управа
Компонента 2– Подобрување на рамката на дискрециони овластувања

Кон крајот на 2020 година во рамки на ИПА проектот - Поддршка на државна реорганизација, започна реализацијата на Компонентата 2 – Подобрување на рамката на дискрециони овластувања што има за цел оптимизирање на сè вкупната институционална рамка, подобрување на работата на јавните служби и зајакнување на етиката, интегритетот, транспарентноста и одговорноста на јавната администрација. Со проектот треба да се обезбеди анализа на:
- регулативата која го регулира издавањето на различни типови дозволи, лиценци кои имаат влијание врз екологијата;
- законската регулатива која обезбедува индивидуални права и одговорности на граѓаните (даноци, имотно правни односи)
- законската регулатива која го опфаќа вработувањето во специфичните области.

Периодот на реализација на овој проект е 30 месеци.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Средствата за работењето на ДКСК се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетската сметка број 020036004663719 што функционира преку Трезорскиот систем при Министерството за финансии како корисник на буџетот од прв ред.

Во табела 15 прикажани се средствата кои од Буџетот на РСМ се планирани за потребите на ДКСК во текот на 2019 и 2020 година.

Табела 15: Буџет на ДКСК

| Ставка | 2020 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализа-ција | Реализа-ција на буџет во % | Буџет | Реализа-ција | Реализа-ција на буџет во % |
| 40-Плати и надоместоци | 25,461,000 | 24,771,136 | 97.3 | 22,263,000 | 21,703,341 | 97.5 |
| 42- Стоки и услуги | 7,770,000 | 6,120,513 | 78.8 | 12,000,000 | 5,142,837 | 42.9 |
| 46- Трансфери | 18,000 | 15,000 | 83.3 | 110,000 | 30,516 | 27.7 |
| 48-Капитални расходи | 500,000 | 237,102 | 47.4 | 1,230,000 | 0 | 0.0 |
| **Вкупно:** | **33,749,000** | **31,143,751** | **92,3** | **35,603,000** | **26,876,694** | **75,5** |

Намалениот износ на планирани средства во 2020 година во однос на 2019 година се должи на последиците од Ковид-19 кризата, извршената реалокација на средствата на други корисници со ребалансот на Буџетот за 2020 година, како и на ограничувањето на набавките.

Во Табела 16 се прикажани планираните расходи во текот на 2020 година по намени и поединечните трошења од ставките за расходи

.

Табела 16: Планирани и реализирани расходи на ДКСК

| Расходи | 2020 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализирано | Буџет | Реализирано |
| Основни плати | 18,451,000 | 17,791,763 | 16,113,000 | 15,722,861 |
| Придонеси за социјално осигурување | 7,010,000 | 6,979,373 | 6,150,000 | 5,980,480 |
| Патни и дневни расходи | 800,000 | 680,543 | 2,500,000 | 595,351 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2,270,000 | 2,159,578 | 2,400,000 | 1,747,274 |
| Материјали и ситен инвентар | 940,000 | 446,375 | 900,000 | 313,587 |
| Поправки и тековно одржување | 800,000 | 405,947 | 500,000 | 51,260 |
| Договорни услуги | 2,400,000 | 2,386,808 | 4,800,000 | 1,877,894 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Други тековни расходи | 560,000 | 41,262 | 900,000 | 557,471 |
| Разни трансфери | 18,000 | 15,000 | 110,000 | 30,516 |
| Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 500,000 | 0 |
| Градежни објекти | 0 | 0 | 300,000 | 0 |
| Други градежни објекти | 400,000 | 211,496 | 30,000 | 0 |
| Купување на мебел | 0 | 0 | 100,000 | 0 |
| Вложување и нефинансиски средства | 100,000 | 25,606 | 300,000 | **0** |
| **ВКУПНО:** | **33,749,000** | **31,143,751** | **35,603,000** | **26,876,694** |

Во најголем дел планираните средства се наменети за исплата на плати и даноци и придонеси од плати за 24 државни службеници (од октомври 2020 година – 23 вработени) и седум избрани членови на комисијата.

Најголем износ на средства се потрошени за секојдневното функционирање на Комисијата односно за плаќање на: патни трошоци за членови на комисијата, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, пошта, телефон, интернет, услуги за превод на материјали, копирање, печатење и издавање, осигурување на недвижности, ангажирање на две надворешни лица за одржување на ИТ опремата и софтверот со кои располага ДКСК, ангажирање на две надворешни лица за користење на надворешна експертиза согласно член 28 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и слично.

Во јануари 2020 година беше донесен план за јавни набавки, кој во текот на 2020 година претрпе три измени поради намалување на средствата како резултат на ефектите на Ковид-19 кризата, но и поради нужноста за реконструкција на просториите што ДКСК ги користи. Од планираните 23 набавки, во текот на 2020 година беа реализирани единаесет постапки, во вкупен износ од 2.080.563 денари со вклучен ДДВ, а за останатите дванаесет набавки не се склучени договори.

Потребата од реалокација на средствата во Буџетот на РСМ за справување со ефектите од Кови-19 кризата ја доведе во неизвесност набавката на просториите планирани за сместување на ДКСК, така што ДКСК одлучи преку реконструкција на просториите да ги подобри условите како би можело конечно да се стави во функција опремата што ДКСК, преку ИПА проектите ја има на располагање од 2018 година. Набавката за реконструкција на деловните простории беше отпочната два пати во текот на 2020 година, но за истата не беше склучен договор. На почетокот на 2021 година, Владата на РСМ изнајде солуција за решавање на просторните проблеми на ДКСК, кое што ќе биде остварено во текот на 2021 година.

Во текот на 2020 година ДКСК прими донација во ствари - канцелариски мебел која донација е прикажана како зголемување во Билансот на состојба за 2020 година.

Компјутерската опрема, која преку ИПА фондовите на Европската Унија беше обезбедена за потребите на ДКСК и требаше да се стави во употреба до декември 2019 година, сеуште не е целосно ставена во функција. Ова е пред се поради нерешените просторни услови, така што серверите сеуште се сместени во Министерство за правда, а другиот дел од опремата и покрај тоа што е преземен и се наоѓа во просториите на ДКСК, истиот не е целосно функционален. Владата на РСМ, со буџетот за 2021 година обезбеди средства за повеќегодишна набавка на софтверското решение за електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со

документи и одржување на целокупниот систем, за чија реализација во тек е јавна набавка за избор на најповолен економски оператор.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Годината 2020 ќе остане запаметена како година на Корона-19 пандемијата и година на заштита на јавното здравје како приоритетна цел на светско ниво. Во таа насока Владата на РСМ пропиша посебни услови за работа и рестриктивни мерки за работење и движење кои во многу го изменија начинот на редовното работење на сите субјекти, како од јавниот така и од приватниот сектор, вклучително и на ДКСК.

И во 2020 година се потврдија наодите за бројни слабости во законите и нивна злоупотреба, особено при вработувања во јавниот сектор по принцип на влијанија (партиски, роднински, пријателски), злоупотреба на функции и овластувања при издавање разни дозволи, одобренија, договори, создавање услови за фаворизирање на компании и слично.

За подобрување на своето работење, ДКСК донесе нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот, изработи апликација и Критериуми за приоритетизација на предметите, го измени Деловникот за работа и обезбеди on-line одржување на седници и колегиуми и работа од дома на вработените.

Покрај проблемите што се почувствуваа во целата држава произлезени од Ковид-19 кризата, ДКСК продолжи да се соочува како со старите така и со нови проблеми во своето работење. Имено:

1. Недоволниот број на вработени, примената на мерките за заштита од Корона вирусот за работата во турнуси, отсуствата поради вирусна зараза или карантинска изолација, го намали опфатот и постапувањата по започнатите предмети и проекти.
2. И во 2020 година не се реши проблемот за обезбедување просторни услови и финансиски средства за развивање на софтверско решение за пристап до базите на податоци до 17 други институции, ниту за електронско поднесување за Изјавата за имотна состојба и интереси.
3. Нотирани се и други одредби од ЗСКСИ кои предизвикаа дилеми во постапувањето заради нивната непрецизност и недореченост.
4. Не усвоената Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на Собранието на РСМ го оддолжи постапувањето на институциите во навремено спроведување на планираните мерки и активности со Акцискиот план и ја оневозможи законската надлежност на ДКСК за следење на спроведувањето на Националната стратегија.

Членовите на ДКСК оценуваат дека и во текот на 2020 година, и покрај сите предизвици, како на државно така и на институционално ниво, Државната комисија продолжи ефикасно да ги извршува своите надлежности во рамки на расположливите капацитети.

## 9. ПРЕПОРАКИ

Во насока на подобрување на целокупното работење и зголемување на ефектите од работа на ДКСК, потребно е во наредните периоди да се преземат одредени мерки и активности кои ќе придонесат за нејзино подобро функционирање. Спроведувањето на конкретни мерки и активности не се задача само на ДКСК, туку и на други институции. Во тој контекст ги предлагаме следниве препораки:

**ДКСК**

Да се реализира набавката на софтверско решение за пристап до базите на податоци до 17 други институции и електронско поднесување за Изјавата за имотна состојба и интереси.

**Министерство за правда**

Врз основа на утврдените слабости на Законот за спречување на корупција и судир на интереси (точка 3.9. во овој Извештај), да се иницира измени и дополнувања на законот заради надминување на наведените слабости.

## 10. Прилози

| | |
|---|---|
| Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата | Прилог 1 |
| Иницијативи пред надлежни органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица | Прилог 2 |
| Поднесени иницијативи за одговорност и разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси | Прилог 3 |
| Завршна сметка за 2020 | Прилог 4 |

**Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата** **Прилог 1**

| р.број | Иницијативата е | | Краток опис | Со иницијативата се бара | Органот доставил информација до ДКСК | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | | |
| 1 | ОЈО Скопје | 06.08.2020 | основи на сомневање дека во својство на одговорно лице на Јавното претпријатие сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од Кривичниот законик на Р.Северна Македонија и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот законик на Република Северна Македонија затоа што свесно и намерно ја искористил својата службена положба или овластување и со пречекорување на границите на службеното овластување | Иницијатива за кривично гонење на ВД Директорот на ЈП за ------------------, ------------------------- | 24.02.2021 | Се води предистражна постапка. Ќе следи допол нително известување |
| 2 | ОЈО Скопје | 05.01.2021 | Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од член 165-а од Кривичниот законик на Република Северна Македонија затоа што свесно и намерно ја искористил својата положба или овластување и овозможил финансирање на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори 2020 на својата политичката партија „--------------------------------“ од недозволени извори спротивно на член 83 став 1 алинеја 4 и извори кои не се предвидени со Член 83 став 2 од Изборниот законик | иницијатива за кривично гонење на одговорните лица, ------------------------------претседател и генерален секретар на политичката партија „-------------------------------------“ | во тек | |

**Иницијативи до надлежни органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица**

| р.број | Иницијативата е доставена до | датум на доставување | Краток опис | Со иницијативата се бара | Органот доставил информација до ДКСК | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Министерство за образование | 16.08.2020 | незаконитости во работењето проф.д-р.------------------- како Претседател на ---------------------на Република Северна Македонија во постапката за избор на членови на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, Одборот на акредитација и Одборот за евалуација, спроведена врз основа на Јавен повик од 06.02.2019 година. | Да спроведе постапка за поништување на донесените Одлуки за избор на предлог членовите и членовите на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност, Одборот на акредитација и Одборот за евалуација; | нема доставено одговор | |
| | Министерство за образование | 16.08.2020 | | Да ги поништи сите акти донесени од страна на постојниот состав на Интеруниверзитетскатаконферنција на РСМ и | нема доставено одговор | |
| | Министерство за образование | 16.08.2020 | | Да иницира нова постапката за конституирање на нов состав на Интеруниверзитетската конференција на РСМ согласно Законот за високото образование | нема доставено одговор | |
| 2 | Министер за здравство | 09.03.2020 | постоење сомневање дека со донесување на Одлуката за избор на кандидат по објавен оглас за засновање работен однос бр. 04- 1814/12 од 22.11.2018 година в.д. директорот ------------------ извршил избор на кандидат кој не ги исполнил условите предвидени во членот 164-6 став 1 алинеја 1 од Законот за здравствена заштита, ниту алтернативниот услов предвиден во член 164-6 став 2 од Законот. | утврдување на одговорноста на ВД директорот на ЈЗУ ------------------------------ | нема доставено одговор | |
| 3 | Влада на РСМ | 16.04.2020 | постоење сомневање за судир на интереси и повреда на начелата утврдени во Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, како и на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси . | утврдување на одговорноста на -------------------, надворешен соработник - посебен советник за прашања во областа на ----------------- ангажиран во Канцеларијата на премиерот | доставено | Известување од Владата на РСМ - нема утврдено судир на интереси и злоупотреба на позицијата , постапувал совесно и во насока на остварување на јавниот интерес |
| 4 | УО на Централен регистар | 01.07.2020 | сомневање за прекршување на одредбите од членот 20-а од Законот за сметководството на непрофитнит организации поради неповедување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоците утврдени во членот 20 ста (1) точки, 1), 2), 3), 4), 5) и 6), односно неподнесување на финасиски извештаи од срана на невладини организации | утврдување на одговорноста на Директорот на --------------------------, ------------------------------ | доставено | Управниот одбор на Централен регистар на РСМ не поведува постапка, директорот постапил согласно своите законски надлежност |
| 5 | Влада на РСМ | 24.07.2020 | Како в.д. директор постапил спротивно на член 35 и член 39 од Законот за филмската дејност и одредбите од склучените договори за финансирање на филмски проекти избрани на конкурс со филмски продуценти врз основа на член 25 став(1) од Законот за филмска дејност, а со тоа не постапил и согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. | утврдување на одговорноста на Директорот на Агенцијата за -------------------Р.Северна Македонија, ----------------------- | доставено | Донесена е одлука дека на директорот на Агенцијата за-------------------му е завршен мандатот и договорот не му се продолжува, ќе биде избран нов директор |

| р.број | Иницијативата е | | Краток опис | Со иницијативата се бара | Органот доставил информација до ДКСК | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | | |
| 6 | Влада на РСМ | 28.07.2020 | Неправилности во спроведување на постапката и избор на член на Комисија за хартии од вредност | Преиспитување на целокупната постапка за избор на претседател и комисионери (членови) на КХВ и утврдување одговорност и преземање мерки за утврдување одговорност кон лицата кои учествувале во постапката | нема доставено одговор | |
| 7 | Влада на РСМ | 14.10.2020 | Управниот одбор на ФЗОРСМ не постапил согласно утврдените рокови во Законот за здравствено осигурување и не објавил конкурс за избор на директор на ФЗОРСМ поради што овозможило преземање на незаконски дејствија и донесување на незаконски одлуки од страна на Директорот ---------------, во период од еден месец и десет дена кога неговиот мандат бил истечен. | утврдување на одговорност на седум членови на УО на ФЗОМ | нема одговорено | |
| 8 | Влада на РСМ | 16.10.2020 | основи на сомневање дека во својство на одговорно лице на Јавното претпријатие сторил кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од Кривичниот законик на Р.Северна Македонија и Несовесно работење во службата од член 353-в од Кривичниот законик на Република Северна Македонија затоа што свесно и намерно ја искористил својата службена положба или овластување и со пречекорување на границите на службеното овластување | утврдување на одговорност на ВД Директорот на ЈП --------------- , ---------------------- | во тек | на 14-та седница на Влада од 22.10.2020 , на УО на ЈП е препорачано да го разреши -----------------од директор |
| 9 | Влада на РСМ | 29.10.2020 | основаност на сомневањата за сторени прекршувања на членот 22 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор со донесување на Решение за вработување 1 (едно) лице на работно место– Раководител на Подрачна служба -Кичево во ---------------------- на определено време од 1 година, почнувајќи од 03.10.2018-03.10.2019 година, кој не го исполнил посебниот услов, согласно | утврдување одговорност на Директорите на -------------------------, ------------------------- | да, доставил | во моментот на поднесување на Иницијативата посочените лица не се директори на --------------------- односно не се носители на јавни функции |
| 10 | Влада на РСМ | 22.10.2020 | Изборот за претседател на Управниот одбор и Генерален директор на АД -------------- - ---------------------- е спротивен на Законто за трговски друштва затоа што не ги исполнувал условите односно го нема потребното работно искуство - 5 години- од стекнување на образованието (има три) | утврдување на одговорност на членови на Надзорен одбор на АД --------------------- | спроведена | разрешени членови |

| р.број | Иницијативата е | | Краток опис | Со иницијативата се бара | Органот доставил информација до ДКСК | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | | |
| | Градоначалник на Град Скопје | 14.01.2021 | Прекршувања на членот 92-а став 3 од Законот за средното образование и член 45 став 1 и член 59 став 2 од ЗОУП при избор на директор на СУГС-----------------------, констатирани при инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, како и неможност на инспекторатот да констатира дали кандидатот на овој оглас – -------------------- има стекнато соодветен сертификат КЕТ (КЕТ) (Cambridge English) согласно член 91 став 2 од Законот за Средното образование. | утврдување на одговорност на В.Д Директорот на Средно училиште на Град Скопје, „--------------------“ | во тек | |
| 11 | до Совет на Град Скопје, Министерство за образование и наука, Наставнички совет на СУГС Димитар Влахов Скопје | 14.01.2021 | Основаност на сомневањата за сторени прекршувања на членот 92-а став 3 од Законот за средното образование и член 45 став 1 и член 59 став 2 од Законот за општата управна постапка при објавување и спроведување на овој оглас, кои прекршувања се констатирани при инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат. | утврдување на одговорност на членовите на Училишниот одбор кои учествувале во спроведување на објавениот јавен оглас од 18.09.2019 година за избор на директор на СУГС „----------------------“ | во тек | |

**Поднесени иницијативи за одговорност и разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси** **Прилог 3**

| р.број | Иницијативата е | | Основ за иницијатива | | Со иницијативата се бара | Органот доставил информација до ДКСК | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | член од ЗСКСИ | Краток опис | | | |
| 1 | Градоначалник на О. Дебар | 03.03.2020 | член 74 став 1 и член 75 став1 | вработување на блиски лица на----------------- в.д. директор на --------------------- во институцијата каде е директор не се изземал од одлучување | утврдување на одговорност на --------------, в.д. директор на --------------------- Дебар | нема доставено одговор | |
| 2 | Градоначалник на О. Кочани | 16.09.2020 | член 74 став 1 и член 75 став1 | вработување на блиско лице на-------------, директор на ----------------------во институцијата каде е директор - не се изземал од одлучување | утврдување на одговорност на --------------, в.д. директор на --------------------- Кочани | | Градоначалникот на О.Кочани извести дека покрената е постапка за одговорност и доставил до УО на -------------------- барање за покренување на постапка за одговорност. УО известува дека нема да достави предлог до градоначалникот за разрешување |
| 3 | Влада на РСМ | 22.12.2020 | член 72, член 73 став 1 и 3, член 75 став 1 | „-------------, член на УО на------------------- се довел во состојба на судир на интереси затоа што учествувал во расправа и гласал за склучување на договор за адвокатски услуги со канцеларија на негов син“ | утврдување на одговорност на ----------------, член на УО на --------------------- | спроведена | на 44-та Седница на Влада од 09.02.2021,--------------------- е разрешен од должност член на УО |
| 4 | Министер за здравство | 20.01.2021 | член 72 став 2, член 74 став 1 и член 75 став 1 | вработување на блиски лица на --------------------- директор на ----------------------- Радовиш во истата институција каде е директор | утврдување на одговорност------------------------ директор на ---------------------------- Радовиш | нема доставено одговор | |
| 5 | Градоначалник на општина Гостивар | 18.2.2020 | член 63 став 1 и член 67 став 1 | незаконски е вршен изборот за вработување за работното место наставен кадар | утврдување на одговорност на -------------------------директор на -------------------- Гостивар | | Општина Гостивар- бара од ДКСК да достави конкретен предлог како да постапи општината, бидејќи законот за средно образование такстативно предвидува член 92-а, постапка за избор на директор, и член 93 постапшка за ртазрешување на директор. |
| 6 | Градоначалник на Град Скопје | 28.05.2020 | член 63 став 1 | Влијание при постапка за вработување | утврдување на одговорност ----------------------– Директор на ЈП ----------------------- Скопје | спроведена | престанок на работен однос на -------------------- |
| 7 | Судски Совет на РСМ | 25.02.2020 | член 75 став 1 | Вработување на блиско лице на ------------------– судија во Основен суд Кичево | утврдување на одговорност на ---------------- – судија во Основен суд Кучево | спроведена | Утврдена одговорност на судија, изречена мерка |

**Поднесени иницијативи за одговорност и разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси** **Прилог 3**

| р.број | Иницијативата е | | Основ за иницијатива | | Со иницијативата се бара | Органот доставил информација до ДКСК | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | член од ЗСКСИ | Краток опис | | | |
| 8 | Влада на РСМ | 19.10.2020 | член 77 став 3 алинеја 2, а во врска со 44 став 1 и 4 | кумулација на функции | поведување постапка за разрешување на -----------— од член на Надзорен одбор --------------- Охрид, именуван од Владата на РСМ | спроведена | Известување од Владата на РСМ -според информацијата доставен од Охрид, по лично барање, ------------------не е член на ----------------- |
| 9 | Собрание на Лекарската комора на РСМ | 12.1.2021 | член 77 став 3 алинеја 2, а во врска со 44 став 1 и 5 | кумулација на функции на ---------------- претседател на ------------комора | поведување постапка за разрешување на -------------------- извршување на функцијата претседател на -------------- комора на РСМ | нема доставено одговор | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Период | Контролор |
| 1 2 3 | 0 5 8 8 5 0 4 3 | 0 2 0 0 3 6 0 0 4 6 6 3 7 1 9 | | |
| 1 2 3 | 4 5 6 7 8 9 10 11 | 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 | | |
| Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси | | |

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот | **Државна комисија са спречување на корупција** |
| Адреса, седиште и телефон | Ул. Даме Груев бр.1 Скопје 02/3146-700 |
| Единствен даночен број | 4 0 3 0 0 0 4 5 1 5 6 4 2 |
| Адреса за е-пошта | sozr.finansovo@sozr.gov.mk |

**207150325**

**(корисници на средства од Буџетот)**

## ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### во текот на годината - Биланс на приходите и расходите

од 1 јануари до **31.12. 2020** година

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **РАСХОДИ:**<br>**I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ**<br>(002+007+012+020+024+029+033+039) | 001 | **26.876.694** | **30.906.649** |
| | | а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ<br>(од 003 до 006) | 002 | 21.703.341 | 24.771.136 |
| 1. | 401 | Плати и надоместоци | 003 | 15.722.861 | 17.791.763 |
| 2. | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 004 | 5.980.480 | 6.979.373 |
| 3. | 403 | Останати придонеси од плати | 005 | | |
| 4. | 404 | Надоместоци | 006 | | |
| | | б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ<br>(од 008 до 011) | 007 | 0 | 0 |
| 5. | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 008 | | |
| 6. | 412 | Постојана резерва (непредвидиливи расходи) | 009 | | |
| 7. | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 010 | | |
| 8. | 414 | Резерви за капитални расходи | 011 | | |
| | | в) СТОКИ И УСЛУГИ<br>(од 013 до 019) | 012 | 5.142.837 | 6.120.513 |
| 9. | 420 | Патни и дневни расходи | 013 | 595.351 | 675.796 |
| 10. | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 014 | 1.747.274 | 2.159.578 |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 11. | 423 | Материјали и ситен инвентар | 015 | 313.587 | 446.375 |
| 12. | 424 | Поправки и тековно одржување | 016 | 51.260 | 405.947 |
| 13. | 425 | Договорни услуги | 017 | 1.877.894 | 2.386.808 |
| 14. | 426 | Други тековни расходи | 018 | 557.471 | 46.009 |
| 15. | 427 | Привремени вработувања | 019 | | |
| | | г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИ ФОНДОВИ (од 021 до 023) | 020 | 0 | 0 |
| 16. | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 021 | | |
| 17. | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | 022 | | |
| 18. | 433 | Трансфери до Фондот за здравствено осигурување | 023 | | |
| | | д) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС (од 025 до 028) | 024 | 0 | 0 |
| 19. | 441 | Дотациии од ДДВ | 025 | | |
| 20. | 442 | Наменски дотации | 026 | | |
| 21. | 443 | Блок дотации | 027 | | |
| 22. | 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | 028 | | |
| | | ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА (од 030 до 032) | 029 | 0 | 0 |
| 23. | 451 | Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 030 | | |
| 24. | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 031 | | |
| 25. | 453 | Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 032 | | |
| | | е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 033 | 30.516 | 15.000 |
| 26. | 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 034 | | |
| 27. | 462 | Субвенции за приватни претпријатија | 035 | | |
| 28. | 463 | Трансфери до невладини организации | 036 | | |
| 29. | 464 | Разни трансфери | 037 | 30.516 | 15.000 |
| 30. | 465 | Исплати по извршни исправи | 038 | | |
| | | ж) СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ (од 040 до 043) | 039 | 0 | 0 |
| 31. | 471 | Социјални надоместоци | 040 | | |
| 32. | 472 | Плаќање на бенефиции од Фондот за ПИОМ | 041 | | |
| 33. | 473 | Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување | 042 | | |
| 34. | 474 | Плаќање на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | 043 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** (од 045 до 054) | 044 | **0** | **237.102** |
| 35. | 480 | Купување на опрема и машини | 045 | | |
| 36. | 481 | Градежни објекти | 046 | | |
| 37. | 482 | Други градежни објекти | 047 | | 211.496 |
| 38. | 483 | Купување на мебел | 048 | | |
| 39. | 484 | Стратешки стоки и други резерви | 049 | | |
| 40. | 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 050 | | 25.606 |
| 41. | 486 | Купување на возила | 051 | | |
| 42. | 487 | Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | 052 | | |
| 43. | 488 | Капитални дотации до ЕЛС | 053 | | |
| 44. | 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 054 | | |
| | | **III. ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА** (од 056 до 058) | 055 | **0** | **0** |
| 45. | 491 | Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | 056 | | |
| 46. | 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 057 | | |
| 47. | 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 058 | | |
| | | **А. ВКУПНИ РАСХОДИ** (001 + 044 + 055) | 059 | **26.876.694** | **31.143.751** |
| | | **Б. ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** (103 минус 059) | 060 | **0** | **0** |
| 48. | 811, 812 и 813 | **В. ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ - ДОБИВКАТА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | 061 | **0** | **0** |
| | | **Г. НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** (060 минус 061) | 062 | **0** | **0** |
| | | **Д. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ - ДОБИВКАТА** (од 064 до 066) | 063 | **0** | **0** |
| 49 | 830 | За покривање на загуба | 064 | | |
| 50 | 831 | За поврат во буџетот односно фондот | 065 | | |
| 51 | 833 | За пренос во наредната година | 066 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **Г. ВКУПНО**<br>(059+060)=105<br>ако 061 е поголемо од 060<br>тогаш (059+061)=105 | 067 | **26.876.694** | **31.143.751** |
| | | **ПРИХОДИ:**<br>**I. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**<br>(од 069 до 076) | 068 | **0** | **0** |
| 52. | 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 069 | | |
| 53. | 712 | Придонеси за социјално осигурување | 070 | | |
| 54. | 713 | Даноци од имот | 071 | | |
| 55. | 714 | Домашни даноци на стоки и услуги | 072 | | |
| 56. | 715 | Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | 073 | | |
| 57. | 716 | Еднократни посебни такси | 074 | | |
| 58. | 717 | Даноци на специфични услуги | 075 | | |
| 59. | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 076 | | |
| | | **II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**<br>(од 078 до 082) | 077 | **0** | **0** |
| 60. | 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 078 | | |
| 61. | 722 | Глоби, судски и административни такси | 079 | | |
| 62. | 723 | Такси и надоместоци | 080 | | |
| 63. | 724 | Други владини услуги | 081 | | |
| 64. | 725 | Други неданочни приходи | 082 | | |
| | | **III. КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**<br>(од 083 до 087) | 083 | **0** | **0** |
| 65. | 731 | Продажба на капитални средства | 084 | | |
| 66. | 732 | Продажба на стоки | 085 | | |
| 67. | 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 086 | | |
| 68. | 734 | Приходи од дивиденди | 087 | | |
| | | **IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**<br>(од 089 до 092) | 088 | **26.876.694** | **31.143.751** |

| Ред. бр. | Група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 69. | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 089 | 26.876.694 | 31.143.751 |
| 70. | 742 | Донации од странство | 090 | | |
| 71. | 743 | Капитални донации | 091 | | |
| 72. | 744 | Тековни донации | 092 | | |
| | | **V. ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** (од 094 до 096) | 093 | **0** | **0** |
| 73. | 751 | Краткорочни позајмици од земјата | 094 | | |
| 74. | 753 | Долгорочни обврзници | 095 | | |
| 75. | 754 | Друго домашно задолжување | 096 | | |
| | | **VI. ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** (од 098 до 100) | 097 | **0** | **0** |
| 76. | 761 | Меѓународни развојни агенции | 098 | | |
| 77. | 762 | Странски влади | 099 | | |
| 78. | 769 | Други задожувања во странство | 100 | | |
| 79. | 771 | **VII. ПРОДАЖБА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** Продажба на хартии од вредност | 101 | | |
| 80. | 781 | **VIII. ПРИХОДИ ОД ОТПЛАТА НА ЗАЕМИ** Приходи од наплатени дадени заеми | 102 | | |
